РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 991
Скопје, 1 септември 2010 година

## Содржина на Билтен број 991 од 1 септември 2010 година


**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Положба на жртвата во казненото право**, изработена од **м-р Беса Арифи**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....................1-12

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Антонимите во рускиот во споредба со македонскиот јазик**, изработена од **м-р Емил Ниами**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје....................13-19

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Бардул Туши, Лидија Павловска, Петра Попова, Кујтим Касами, Владимир Павловски, Назим Рашиди)**....................20

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор во звањето асистент-истражувач во Институтот за национална историја во Скопје **(м-р Драгица Поповска)**....................21-22
2. Реферат за избор во звањето асистент-истражувач во Институтот за национална историја во Скопје **(м-р Теон Џинго)**....................23-24
3. Рецензија на докторската дисертација **Култната функзија на каменот во религиите во Македонија**, изработена од **м-р Драгица Поповска**, пријавена на Институтот за национална историја во Скопје....................25-28

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Имплементација на интернет технологијата во интегрираните маркетинг-комуникации, со посебен осврт на употребата на интернет-алатката веб-страница кај компаниите во Република Македонија**, изработена од **м-р Златко Шајноски**, пријавена на Економскиот институт во Скопје....................29-33

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Трансформација на индустрискиот отпад во густи и високопорозни композити од стакло керамика и нивна потенцијална употреба, изработена од м-р Дарко Милошевски**, пријавена на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје....................34-37

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензијата на високошколскиот учебник **Медицина на трудот** од **проф. д-р Елисавета Стикова**, пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје....................38-42
2. Рецензијата на високошколскиот учебник **Медицина на трудот (уредник: проф. д-р Јованка Караџинска-Бислимовска, доц. д-р Јордан Минов, д-р Снежана Ристеска-Куч, ас. д-р Драган Мијакоски и ас. д-р Сашо Столески)**, пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје....................43-47

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент по група предмети од областа детска и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(ас. д-р Александар Филдишевски, д-р Ана Ристеска)**....................48-52

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје (**Емилија Кусакатова, Дарко Иљоски, Душко Тодевски, Јулија Липтова, Тања Кацарска, Ева Сарџоска**)…..........................................….........................…......53

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Сиромаштија - состојби во Македонија**, од авторите **проф. д-р Марија Доневска, проф. д-р Весна Димитриевска и м-р Благица Новковска**, пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје..............................................................................54-60
2. Реферат за избор на наставник во сите звања за научните области историја на стариот век и историја на античките македонци на Филозофскиот факултет во Скопје (**д-р Војислав Саракински**)..............................................................................................................61-68

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Микробиолошка контрола на прехранбените производи од** авторите **д-р Ацо Димитровски, д-р Донка Донева-Шапческа, м-р Дарко Димитровски**, пријавен на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје...........69-71

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на асистент од областа на металните конструкции на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Горан Тодороски**)......................................................................72-75

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник за научната област социјална психологија на Филозофскиот факултет во Скопје (**д-р Михајло Поповски**).......................................76-86

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Корпоративното управување и ефективноста на одборот на директори**, изработена од **м-р Маја Шуклева**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје..........................................................................................87-94

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор на асистент во наставно-научната област компјутерска техника и информатика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**м-р Кире Триводалиев**)…...........................…...............................................................95-99

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор во звање - редовен професор на група наставна програма-композитни материјали, по предметите: производи од иситнето дрво, фурнири и фурнирски плочи, познавање на фурнири и плочи, технологија на отпресоци, примарна преработка на дрвото како и по предметот дрвноиндустриско градежништво на Шумарскиот факултет во Скопје (**д-р Борче Илиев**)................100-111

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Еуфемизмите во албанските говори во Р. Македонија**, изработена од **м-р Измит Дурмиши**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје...........................................................................112-118
2. Реферат за избор на доцент по предметите од областа на полската книжевност на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**д-р Лидија Тантушевска**)..119-134
3. Реферат за избор на еден асистент по наставниот предмет англиска книжевност на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**д-р Ацо Пероски, м-р Милан Дамјаноски**)..135-138

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Доброто управување во функција на остварување на социјалните права на граѓаните: иновации и добри практики**, изработена од **м-р Наташа Богоевска**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.........................................................................................................139-148

**РЕЦЕНЗИЈА**

**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ: „ПОЛОЖБАТА НА ЖРТВАТА ВО КАЗНЕНОТО ПРАВО" ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р БЕСА АРИФИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ**

Докторската дисертација „Положбата на жртвата во казненото право" на кандидатката м-р Беса Арифи е пријавена на 20.9.2007 година.

Согласно со член 33 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, Наставно-научниот совет, на седницата одржана на 10.3.2008 година, донесе одлука за усвојување на извештајот за оцена на подобноста на кандидатот и на темата за изработка на докторската дисертација.

На седницата на Наставно-научниот совет одржана на 7.7.2010 година, а по предлог на Институтот за казненоправни науки, формирана е Комисија за оцена на дисертацијата, во состав: д-р Владо Камбовски, академик, ментор, д-р Љупчо Арпаудовски, редовен професор, д-р Оливер Бачановиќ, редовен професор, д-р Гордана Лажетиќ-Бужаровска, вонреден професор и д-р Гордан Калајџиев, вонреден професор. По проучувањето на подготвената дисертација, Комисијата му го поднесува на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

## *1. Приказ на трудот*

Докторската дисертација „Положбата на жртвата во казненото право", на кандидатката м-р Беса Арифи, содржи 285 страници компјутерски изработен текст, 556 фусноти и 170 единици селективна работна библиографија.

Трудот е составен од ВОВЕД, ПЕТ ДЕЛА и ЗАКЛУЧОК.

Во ВОВЕДОТ кандидатката објаснува дека основна цел на докторската дисертација е да се потврди хипотезата дека положбата на жртвата во кривичното право значително се менува, како во странските законодавства, така и во домашното, но, сепак, останува уште многу да се работи за да се достигне реална еднаквост на значењето на казненоправниот третман на жртвата и сторителот на кривичното дело. Во остварувањето на основната цел на докторската дисертација, според кандидатката, неопходно е поширoко да се анализира

еволуцијата на положбата на жртвата како од меѓународен така и од домашен аспект, и тоа: прво, преку историскиот метод да се утврди развитокот на правата на овој субјект на казненото право од неговото појавување до денешно време; второ, преку примена на позитивноправниот и аналитичкиот метод на истражување да се утврдат меѓународните стандарди за постапување со жртвата на казненото дело; трето, со примена на компаративниот метод на истражување да се утврди како правата на жртвата се огледуваат во законодавствата на некои поважни земји на англосаксонскиот и континенталниот правен систем; четврто, повторно преку позитивноправниот и аналитичкиот метод на истражување да се анализира состојбата на домашното законодавство и новините кои произлегуваат во врска со положбата на жртвата како во казнено-материјален така и во казнено-процесен аспект; петто, подетално да се анализира постапувањето со жртвите на трговија со луѓе и семејно насилство, како и да се утврди значењето на институтот на супсидијарна тужба во однос на правата на жртвата. Резултатите од таа анализа, според кандидатката, ја потврдуваат горенаведената хипотеза и се основа за нејзините заклучоци и предлози за понатамошното подобрување на положбата на жртвата во казненото право.

ПРВИОТ ДЕЛ на дисертацијата насловен како: **ИСТОРИСКИ И ТЕОРЕТСКИ СОГЛЕДУВАЊА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** (стр. 7-65) е составен од четири глави: *Прва глава - Историски развиток на улогата на жртвата во казненото право*; *Втора глава - Враќањето на жртвата – нови тенденции*; *Трета глава - Општо за поимот „жртва“* и *Четврта глава - Современото казнено право и жртвата.*

Во *Првата глава - Историски развиток на улогата на жртвата во казненото право* (стр. 7-20), кандидатката, со примена на историскиот и аналитичкиот метод на истражување, ја претставува положбата на жртвата во казненото право, од нејзините почетоци сè до денешно време, притоа забележувајќи дека жртвата историски имала доста значајни права во однос на реакцијата кон стореното казнено дело. Ваквата анализа е фокусирана посебно на англосаксонскиот правен систем од една страна, и континенталниот правен систем, од друга страна, имајќи предвид дека жртвата имала поинаква историска положба во двата система. Врз основа на податоците од обемната литература во ова поле, кандидатката заклучува дека современите тенденции на гарантирање на одредени права на жртвата на казненото дело извираат од долговековната историја на овој субјект, кој традиционално бил означен како лице кое има надлежност да го гони престапникот и да ги реализира своите права. Оваа реалност забележува одредени промени откога се појавило гонењето од страна на државните институции, но жртвата во целиот подоцнежен период го зачувала своето основно право на гонење, иако во реалноста тоа право ретко се применувало. Со преминот од стариот век во ерата на капитализмот, државните институции добиле поголеми ингеренции и го зазеле главното место во одлучувањето по правните работи со што жртвата, но во исто време и престапникот, добиле секундарна улога. Во 20 век, положбата на обвинетото лице

значително се променува и тој добива одредени гарантирани права. За разлика од него, жртвата останува во незавидна положба, блиска на положбата на секој обичен сведок во казнената постапка.

Во *Втората глава - Враќањето на жртвата – нови тенденции* (стр. 20-23), кандидатката врз основа на историско-правниот и аналитичниот метод на истражување ги претставува најзначајните промени, кои ја назначуваат средината на 20 век кога се појавуваат првите мисли за подобрување на положбата на жртвата во казненото право. Притоа, посебно се осврнува на Движењето за правата на жртвата, кое за своја цел го има најпрвин подигањето на свеста на јавноста за неправедната положба на жртвата.

Во *Третата глава - Општо за поимот „жртва"* (стр. 23-53), кандидатката преку аналитичкиот метод најпрвин го дефинира поимот „жртва" во казнено-материјален, казнено-процесен како и во меѓународно-казнен аспект. Понатаму, во оваа глава таа подлабоко ги анализира разните теоретски размислувања за жртвата и нејзините права, како и настанокот на посебната криминолошка дисциплина наречена виктимологија. Разработени се сите главни виктимолошки правци: позитивистичка виктимологија, конзервативна криминологија и виктимологија, радикална виктимологија (при што е дадено објаснување за марксистичката и левичарско-реалната виктимологија, како и го разгледува феминистичкото учење за жртвата), и критичка виктимологија. Кандидатката со право забележува дека теоретското размислување за жртвата еволуирало на доста интересен начин од своето првично појавување сè до денес, кога допрва се развива критичното мислење за карактеристиките на жртвата и за нејзиниот однос со другите субјекти на правото.

Во *Четвртата глава - Современото казнено право и жртвата* (стр. 53-65), кандидатката се осврнува на двата основни пристапа на учењето за правата на жртвата во современото казнено право. Првиот пристап е вклучувањето на правата на жртвата како посебна категорија во корпусот на човековите права, при што се анализира начинот на кој досега признатите општи човекови права се рефлектираат врз положбата на жртвата. Друг пристап е концептот на ресторативната правда која како идеја се развива во поново време и наоѓа примена во голем број законодавства. Во овој дел, кандидатката теоретски го дефинира и го анализира концептот на ресторативна правда.

ВТОРИОТ ДЕЛ од дисертацијата е насловен како: **УРЕДУВАЊЕТО НА ПОЛОЖБАТА И ПРАВАТА НА ЖРТВАТА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ДОКУМЕНТИ** (стр. 67-104). Тој е составен од две глави: *Прва глава - Меѓународни конвенции и документи за положбата и правата на жртвата* и *Втора глава - Жртвата во меѓународното казнено право*.

*Првата глава - Меѓународни конвенции и документи за положбата и правата на жртвата* се состои од четири поголеми целини во кои кандидатката, преку примена на

позитивноправниот, аналитичкиот и компаративниот метод, ги претставува меѓународните стандарди за постапување со жртвата на казненото дело усвоени од три важни меѓународни институции (Обединетите нации, Советот на Европа и Европската унија), од една страна, како и нивната практична примена од Европскиот суд за човекови права, од друга страна. Во однос на стандардите на ОН (стр. 68-80), кандидатката им посветува посебно внимание на два документа од историска важност, и тоа: Декларацијата за основните принципи на правда за жртвите на криминалитет и на злоупотреба на власта, од 1985 година, и Основните принципи и упатства за правото на реституција и обесштетување за жртвите на тешки прекршувања на меѓународните човекови права и на сериозни прекршувања на меѓународното хуманитарно право, од 2006 година. Во однос на стандардите на Советот на Европа (стр. 80-85), кандидатката посебно ги анализира: Европската конвенција за надоместок за жртвите на насилниот криминалитет, од 1983 година; Препораката на Комитетот на министрите на СЕ бр. R(85)11 за положбата на жртвата во рамките на кривичното право и кривичната постапка од 1985 година; Препораката на Комитетот на министрите на СЕ бр. R (87) 21 за помошта на жртвата и превенцијата на виктимизацијата, од 1987 година; Препораката на Комитетот на министрите на СЕ Rec (2006) 8 за помош на жртвите на криминалитетот од 2006 година. Од друга страна, во однос на Европската унија (стр. 85-91), кандидатката посебно го нагласува значењето на: Рамковната одлука на Советот на ЕУ за статусот на жртвите во кривичната постапка (2001) и Директивата на Советот на ЕУ 2004/80/ЕС за обесштетувањето на жртвите на кривичните дела. Посебно значаен е делот на анализа на активноста на Европскиот суд за човекови права (стр. 91-97), во кој кандидатката со право гледа важен механизам на унапредување на правата на жртвата како посебна категорија, особено преку воведување на одреден баланс помеѓу правата на жртвата и правата на обвинетиот во казнената постапка. Кандидатката доаѓа до овие констатации преку подлабока анализа на одредени случаи пред Судот.

Во *Втората глава - Жртвата во меѓународното казнено право* (стр. 97-104), кандидатката анализира еден доста значаен аспект на правата на жртвата, а тоа е начинот на кој тие се применуваат во институциите на меѓународното казнено право. Врз основа на позтивноправно и аналитичко проучување на правните документи според кои дејствуваат меѓународните кривични трибунали за поранешна Југославија и за Руанда, како и Римскиот статут на Меѓународниот казнен суд, кандидатката заклучува дека во рамките на тие документи, за првпат во историјата, формално се воспоставува еден вид рамнотежа помеѓу правата на жртвата и правата на обвинетиот. Иако не може да се каже дека е постигната целта на потполно вклучување на жртвата како активен субјект во постапката, сепак со право се заклучува дека меѓународните судења направиле доста значаен чекор во унапредувањето на нејзините права.

ТРЕТИОТ дел од дисертацијата насловен како: **КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД НА ОДНОСОТ КОН ЖРТВАТА И РЕСТОРАТИВНАТА ПРАВДА**, е составен од три

глави: *Прва глава - Земји од англо-американскиот систем: Велика Британија и САД; Втора глава - Земји од континенталниот систем* и *Трета глава - Земји на Југоисточна Европа.*

Во *Првата глава - Земји од англо-американскиот систем: Велика Британија и САД* (стр. 106-116), со примена на компаративниот, аналитичкиот и позитивноправниот метод се анализирани состојбите кои се однесуваат на правата на жртвата во две земји кои традиционално спаѓаат во англосаксонскиот правен систем. Притоа, кандидатката со право утврдува дека положбата на жртвата на кривичното дело во тие земји не е завидна, ако се земаат предвид основните карактеристики на ваквиот правен систем. Кандидатката посочува дека се особено значајни поновите тенденции и развитоци кои упорно бараат уставно и законско регулирање на правата на жртвата како посебна категорија на права на субјектите на казненото право.

Во *Втората глава - Земји од континенталниот систем* (стр. 116-123), се анализирани повеќе модели на вклучување на жртвата во казнената постапка, при што се прави разлика помеѓу германскиот и францускиот модел, но и разлика меѓу европските земји кои имаат типично инквизициска постапка и тие кои имаат поизразена акузаторска постапка. Во овој дел кандидатката истакнува дека земјите со континентален правен систем разликуваат општа жртва на казненото дело од оштетен со казненото дело, и тоа на различен начин го уредуваат во своите законодавства. Врз основа на компаративниот и аналитичкиот метод, кандидатката заклучува дека, во споредба со англо-саксонските земји, земјите од континенталниот правен систем подобро го регулираат прашањето на вклучување на жртвата во казнената постапка како и другите нејзини права и посочува дека некои искуства можат да бидат особено применливи во македонското законодавство.

Во *Третата глава - Земји на Југоисточна Европа* (стр. 123-126), кандидатката посебно ги анализира искуствата од земјите во регионот како на пример: Албанија, Србија, Косово, Босна и Херцеговина и Хрватска кај кои утврдува слични тенденции како во законодавството на Република Македонија. Притоа, таа истакнува дека сите овие земји произлегуваат од заеднички, постсоцијалистички правен систем, па оттука кај нив можат да се видат одредени сличности. Посебо е анализирана примената на супсидијарната тужба во овие системи, како и почитувањето на другите права на жртвата.

ЧЕТВРТИОТ дел од дисертацијата насловен како: **ПОЛОЖБАТА НА ЖРТВАТА ВО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** (стр. 128-211) претставува централен дел на трудот и е составен од осум глави: *Прва глава - Дефинирање на поимите „жртва“ и „оштетен“ во казненоправното законодавство на РМ; Втора глава - За односот жртва – сторител, и за разните категории жртви; Трета глава - Жртвата и човековите права во Уставот на РМ, Четврта глава - Жртвата во Кривичниот законик на РМ; Петта глава - Жртвата во Законот за кривична постапка на РМ и во Нацртото на ЗКП; Шеста глава - Ресторативната правда во Нацртот на ЗКП; Седма глава - За*

*воведувањето на процесот на преговарање за вината (plea negotiation)* и *Осма глава - Законско регулирање на положбата на жртвите малолетници во РМ.*

Откако во Првиот дел кандидатката го дефинира поимот „жртва“ и го анализира компаративно во Вториот и Третиот дел, во *Првата глава* на Четвртиот дел - *Дефинирање на поимите „жртва“ и „оштетен“ во казнено-правното законодавство на РМ* (стр. 128-130) таа прави јасна разлика помеѓу поимот „жртва“ од една страна и „оштетен“ од друга страна, при што констатира дека во домашното законодавство, вториот поим е многу порано вклучен во споредба со првиот поим. Кандидатката истакнува дека, иако до подоцнежно време поимот „оштетен“ бил единствен казнено-процесен поим кој го опфаќа лицето кое претрпило штета како последица на казненото дело, сепак, сега во нашето законодавство се воведува и поимот „жртва“ кој, според одредбите на Нацртот на ЗКП, јасно и формално ќе се разликува од поимот „оштетен“. Оттука, кандидатката констатира дека досегашната теоретска разлика помеѓу овие два поима прераснува и во формално-правна разлика.

Во *Втората глава - За односот жртва – сторител, и за разните категории жртви* (стр. 130-133), кандидатката укажува на криминолошките но и на казнено-правните карактеристики на односот жртва-сторител, според кој однос се означува дали жртвата на било кој начин придонела во извршување на казненото дело. Во оваа глава исто така се укажува и на неколку категории жртви кои се посочени како поранливи (како на пример: жртви деца или малолетници, стари лица, душевно болни итн.).

Во *Третата глава - Жртвата и човековите права во Уставот на РМ* (стр. 133-142), кандидатката го анализира начинот на кој уставните одредби можат да се толкуваат, така што да ги опфатат и правата на жртвата, истакнувајќи ја притоа важноста на уредувањето на тие права како посебна уставна категорија. Притоа, таа посебно ги истакнува правото на живот, на слобода, на сигурност, на жалба и правото на судска заштита, кои толкувани како права на жртвата можат видливо да придонесат во подобрувањето на положбата на жртвата на казненото дело.

Во *Четвртата глава - Жртвата во Кривичниот законик на РМ* (стр. 142-157), подетално се анализирани одредбите на Кривичниот законик на РМ и начинот на нивното еволуирање од неговото донесување до најновите измени. Се забележува одреден напредок во однос на положбата на жртвата на казненото дело, со тоа што во времето на неговото донесување, во Кривичниот законик воопшто не се споменува поимот „жртва“, факт што се промени со измените од 2002 и 2004 година, со инкриминирањето на трговијата со луѓе и на семејното насилство, за во 2008 година, овој поим посебно да се дефинира во рамките на членот 122 на КЗ. Оваа глава содржи два поднаслова: „Жртвата во општиот дел на КЗ“ (стр.144-151), и „Жртвата во посебниот дел на КЗ“ (стр.151-157). Во првиот поднаслов е анализиран начинот на кој одредбите на општиот дел на КЗ можат да влијаат позитивно на положбата на жртвата на директен или индиректен начин.

Кандидатката посебно го истакнува значењето на новите казненоправни санкции, т.е. алтернативните мерки, во кои гледа јасно определување на законодавецот да воведе елементи на ресторативната правда во законодавството на РМ. Таа истакнува дека, доколку целта на законодавецот е воведување на принципот на ресторативната правда, тоа би требало да се огледа и во дефинирањето на целите на казнувањето, кои покрај ретрибутивизмот, редуктивизмот и ресоцијализацијата, треба да ја вклучат и реституцијата како нивна четврта цел. Во рамките на анализата на посебниот дел, кандидатката прави јасно разграничување на делата кои се гонат по службена должност, по приватна тужба и по предлог, за да се добие јасна слика за начинот на вклучување на жртвата во процесот на организирана реакција кон сторителот на казненото дело.

Во *Петтата глава - Жртвата во Законот за кривична постапка на РМ и во Нацртот на ЗКП* (стр. 157-198), кандидатката посебно ги анализира одредбите на важечкиот ЗКП како и на Нацртот на ЗКП според последната работна верзија. Таа ги групира правата на жртвата кои се среќаваат во казнено-процесното законодавство во четири основни целини, и тоа: *право на компензација (обесштетување)* на жртвата, за кое укажува дека претставува едно од древните права на жртвата кое традиционално и се признава во повеќето законодавства (притоа, кандидатката во посебен поднаслов се осврнува и на проблемот на државното обесштетување на жртвите и го истакнува значењето на формирањето на Државен фонд за обесштетување на жртвите на казненото право, што се предвидува во Нацртот на ЗКП); *право на заштита,* при што се анализираат одредбите на ЗКП и на Нацртот ЗКП кои ја уредуваат заштитата на сведоците, жртвите и соработниците на правдата (кандидатката истакнува дека правото на заштита мора да опфати не само дирекна заштита од влијанието на сторителот на казненото дело, туку и заштита од секундарната виктимизација); *право на активно учество на жртвата во казнената постапка,* кое кандидатката го анализира споредувајќи го важечкиот ЗКП со Нацртот на ЗКП при што укажува на позитивните промени, но и на негативното влијание за ова конкретно право што ќе го има напуштањето на супсидијарната тужба без притоа да се обезбеди судска контрола врз работата на обвинителот; *право на посебни видови помош,* кое претставува поширок спектар на разновидна помош што им се обезбедува на жртвите, а посебно на ранливите категории жртви. Од позитивноправната и споредбената анализа на законските одредби, кандидатката заклучува дека новиот Нацрт на ЗКП ќе придонесе многу во подобрувањето на положбата на жртвата на казненото дело, најпрвин поради јасното дефинирање на самиот поим, како и поради јасното определување на конкретни нејзини права.

Во *Шестата глава - Ресторативната правда во Нацртот на ЗКП* (стр. 198-199), кандидатката посебно ја анализира постапката за медијација во казненоправните случаи, при што констатира дека таквиот развој е во согласност со новите тенденции на воведување на ресторативен и виктимолошки сегмент во казненото право.

Во *Седмата глава - За воведувањето на процесот на преговарање за вината (plea negotiation)* (стр. 199-207), кандидатката и посветува посебно внимание на посебната постапка на спогодување за вината на обвинетиот која се воведува во рамките на Нацртот на ЗКП, истакнувајќи ја резервата дека таквиот потфат може да се покаже како посебно штетен за жртвата на казненото дело заради фактот што таа е потполно исклучена од процесот на преговарање. Со своите аргументи кандидатката се приклучува кон стојалиштата на голем број автори кои исто така скептично гледаат кон таквата постапка во однос на правата на жртвата.

Во *Осмата глава - Законско регулирање на положбата на жртвите малолетници во РМ* (стр. 207-211), посебно се анализирани одредбите на Законот за малолетничка правда од 2007 година, кој претставува голем придонес за промената на видувањето на правата на жртвата малолетник, што подоцна се зема за пример и при составувањето на Нацртот на ЗКП.

Во Четвртиот дел преовладува позитивноправниот и аналитичкиот метод на истражување, преку кои кандидатката детално ги анализира законските одредби и формулира заклучоци кои се релевантни за натамошниот развој на македонското казнено законодавство.

ПЕТТИОТ ДЕЛ од дисертацијата насловен како: **ИСТРАЖУВАЊЕ НА НЕКОИ ПОСЕБНИ КАТЕГОРИИ ЖРТВИ** (стр. 213-257), е составен од три глави: *Прва глава - Жртви на трговија со луѓе; Втора глава - Жртви на семејното насилство* и *Трета глава - Искуства од користењето на институтот на супсидијарна тужба.* Овој дел има емпириски карактер, а преовладува методот на анализа на содржината кој се спроведува во однос на податоците што кандидатката ги добила од државните институции како и од невладиниот сектор, а кои податоци се однесуваат конкретно на две категории жртви, и тоа: жртвите на трговија со луѓе и жртвите на семејното насилство. Имајќи предвид дека се тоа посебно ранливи категории жртви, кандидатката укажува на посебните начини на постапување спрема нив, и на состојбата со таквите дела во државава и во регионот. Од друга страна, кандидатката ги соопштува резултатите од своето истражување во врска со применувањето на институтот на супсидијарна тужба (преку анализа на четири завршени случаи по такви тужби), при што констатира дека слабото користење на таквиот правен институт не треба да се поврзува со незаинересираноста на граѓаните или некоја друга дисфункционалност, туку треба да се побара во начинот на кој државните органи се однесуваат спрема супсидијарните тужители, кој честопати се покажува како доста проблематичен.

На крајот на дисертацијата, кандидатката заклучува и подвлекува дека положбата на жртвата како од глобален, така и од регионален и домашен аспект битно се подобрила во последните 50 години и дека општеството станува свесно дека секое лице во денешно време претставува потенцијална жртва, па оттука, обезбедувањето на нејзината правична

положба во сите сегменти на казненото право како и заштитата на нејзините конкретни права оди во интерес на сите. Во однос на законодавството на Република Македонија, кандидатката заклучува дека постои позитивен тренд на негово усогласување со меѓународните стандардни на правата на жртвата и јасна тенденција на вклучување на виктимолошкиот аспект во позитивното законодавство.

Во делот ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОЗИ (стр. 259-265), кандидатката ги истакнува своите заклучоци и ставови кои произлегуваат од целокупниот текст на дисертацијата.

## 2. *Оцена на трудот*

Од широкиот спектар на проблеми поврзани со положбата на жртвата во казненото право, кандидатката Арифи се фокусира врз една област, која во современата казнено-правна мисла е од приоритетен научен интерес: положбата на жртвата во материјалното и процесното казнено право. Нејзиниот пристап кон оваа проблематика го одликуваат: методолошка конзистентност, систематичност и аргументираност на развивањето на основните тези во анализата на општата виктимолошка и казненоправна научна рамка, меѓународните и компаративните аспекти на положбата и правата на жртвата и нивниот третман во македонското казнено законодавство. Дисертацијата доаѓа во вистинско време, како што според природата на работите одделни важни прашања на казненото право можат да се појават и се појавуваат со сета релевантност во определено време на општествени промени. Тоа е времето на реформа на казненото право, која повеќе отколку легислативна реформа е и треба да се изразува како пресоздавање на казненоправните концепти, на идеите на казненото право и системот на неговите вредности, сето тоа во потесно и пошироко опкружување кое го карактеризираат, од една страна, постулатите на почитување и заштита на природните човекови права и, од друга страна, општествените противречности кои на тие постулати им ја спротивставуваат мрачната слика на криминална стварност.

Во такво опкружување, во кое човекот се чувствува не како активен субјект и двигател на општествениот прогрес, туку повеќе како жртва на криминалот, особено организираниот и економскиот, на корупцијата, а покрај тоа уште и на системот, на сиромаштијата, на еколошката катастрофа, на глобалната економска криза, на војните и воените закани, на насилството од секаков вид, од медиумско до улично, прашањето на човековите слободи и права, нивното почитување и заштита, е најмалку теоретско или реторичко. Тоа се трансформира во прашање кое има елементарна, егзистенцијална смисла: положбата на жртвата станува синоним за положбата на човекот и неговите слободи и права. А тоа, пак, во најдраматичен облик се изразува како прашање за положбата и правата на жртвата на казненото дело.

Правото, така и казненото право, конзервативно по својата природа, заостанува зад сознанијата на виктимолошкиот правец на истражување на човековите слободи и права.

Тоа е, не само кај нас, заковано во вековната шема на ориентираност на неговите основни категории и институти кон сторителот на казненото дело. Затоа фондот на литература посветен на правата на сторителот е стократно поголем од тој посветен на правата на жртвата. Тоа има одраз и во нашето позитивно казнено право, кое, на пример, недоволно јасно го дефинира и разликува потесниот поим на жртва-оштетен, од поширокиот поим на оштетен со казненото дело, од што резултираат неправедливи решенија за правата на оштетениот во казнената постапка.

Кандидатката Арифи се зафатила со амбициозна задача да придонесе за исправање на таквата состојба на нерамноправна положба на сторителот и жртвата од аспект на човековите слободи и права. Жртвата е пасивен субјект на казненото дело, но како што сторителот, кој е активен субјект на делото, истовремено е пасивен субјект на неговите правни последици, така и жртвата, која е пасивен субјект на делото, во однос на тие последици треба да има активен статус. Со други зборови, правните последици што го погаѓаат сторителот треба да водат кон репарација на правата на жртвата, а не само да задоволуваат некоја апстрактна правда, зашто правдата која не ги уважува правата на жртвата е исто што и неправда. Од ова темелно барање поаѓа кандидатката кога во својата дисертација ги развива сите рефлексии на таквото сфаќање на правдата врз материјалното и процесното казнено право, и од кое ги изведува своите заклучоци и предлози во однос на развојот на општите институти на казненото право и процесната положба на жртвата, односно оштетениот во казнената постапка.

Дисертацијата претставува посебен придонес кон промовирањето на новите криминално-политички тенденции на уважување на интересот на жртвата во поставувањето на системот на казнеправните санкции и другите правни последици на казненото дело, како и на редефинирање на нејзината процесна положба во казненото процесно право. Со нивното пифаќање започнува нужниот пресврт во однос на историската тенденција на јакнење на јавно-правниот карактер на казненото право, која за непосредна последица го имаше токму слебеењето на позицијата на жртвата. Најсилниот аргумент врз кој се потпира новата криминално-политичка ориентација, на која кандидатката и го посветува сето потребно внимание, е современото сфаќање за концептот на човековите права. Заштитната функција на казненото право не може да се сведе на барање за задоволување на апсолутната правда, испуштајќи го од предвид фактот дека кај речиси секое дело постои конкретна жртва, која мора да доживее и оптимална или целосна репарација и сатисфакција за правата засегнати со извршеното дело. Таквото сознание ја релативизира претпоставката за државата како генерална жртва и на преден план ја исфрла поединечната жртва.

Избирајќи го за методолошка основа на своите тези концептот на човековите слободи и права, кандидатката со сиот научен инструментариум и аргументативен пристап ги елаборира сите релевантни аспекти на казнеправниот третман на жртвата, вклучувајќи ги во нашата теорија запоставените аспекти на: пристапот на жртвата кон системот на

казнената правда и нејзиното ефикасно извршување, како и справедлив третман, реституција, компензација и социјална помош на жртвата, што вклучува и заштита од виктимизација поврзана со злоупотреба на моќта. Сепак, се чини дека поголемо внимание би можела да посвети, покрај надоместувањето на штетата или реституција на предметите, супсидијарната тужба и другите процесни аспекти, на другите права на жртвата, како што се: правото на надоместување на трошоците и изгубеното време, правото на информираност и на утврдување на вистината, заштита на приватноста, заштита на личната сигурност итн. Заслужува поголем интерес и развивањето на одделни алтернативни мерки, како што се: „свртувањето на казнената постапка", посредувањето и медијацијата итн.

Способноста за теоретска анализа и експликации, за генерализација на своите стојалишта во вид на научни тези, како и за примена на дедуктивна постапка на проверка на општите научни сознанија на конкретна емпириска почва, кандидатката ја искажува преку емпирискиот дел на својата дисертација во која ја истражува положбата на некои посебни категории жртви. Но, би вредел напорот со кој, поврзувајќи ги двете рамништа на индуктивен и дедуктивен пристап, би бил направен обид за востановување на посебен „сет" на права на жртвата („Повелба за правата на жртвите"), кој би опфаќал: право на заштита од криминал, со информирање за мерките на лична заштита, како и посебни програми на полициска и друга превентивна активност во сите средини; право на репарација за сите последици на насилнички акти; право на заштита во полициската и судската постапка; право на алтернативи во казнениот систем за подобро разрешување на личните конфликти со сторителите на делата со примена на неказнени инструменти; и други права на жртвата, кои се еманција на нејзиниот „партнерски однос" со државата. Во таквиот однос, комплексот на правата на жртвата не може и не смее да го негира или намалува значењето на државното право на казнување, но би морал да имплицира откажување на државата од остварувањето на сопственото право на казнување тогаш кога во интерперсоналните односи со сторителот на делото тоа за жртвата може да предизвика повеќе штета, отколку што општеството може да извлече корист од примената на казна. Кандидатката мошне аргументирано ги формулира своите предлози за иновации, прифатени во современите казнени законодавства, кои кореспондираат со должноста на државата за реституција, компензација и рехабилитација на жртвата и нејзино третирање во казнената постапка на начин што оневозможува да продолжат страдањата предизвикани со казненото дело (секундарна виктимизација).

Способноста за кандидатката за научна селекција на важните аспекти на истражуваната проблематика, за анализа и синтеза и аргументирано излагање на сопствените стојалишта, резултира со мошне издржани, логички, комплексни и, пред сè, јасно приопштени заклучни констатации и предлози за нов криминално-политички и казненоправен пристап кој соодветствува на основната цел: казненоправна положба на

жртвата која е на рамништето на основните постулати на современиот концепт на човековите слободи и права.

*3. Заклучок и предлог*

Врз основа на изложеното, Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Беса Арифи, под наслов: „Положбата на жртвата во казненото право", е на мислење дека дисертацијата претставува сериозен придонес кон науката на казненото право, дека е самостоен и оригинален научен труд и дека ја изразува способноста на кандидатката да се занимава со научна работа.

Поради тоа, Комисијата *му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Скопје да го прифати овој извештај и да донесе одлука за одбрана на докторската дисертација.*

*Скопје, јули 2010 година*

**Членови на Комисијата**

Акад. проф. д-р Владо Камбовски, ментор с.р.

Д-р Љупчо Арнаудовски, редовен професор с.р.

Д-р Оливер Бачановиќ, редовен професор с.р.

Д-р Гордана Лажетиќ-Бужаровска, вонреден професор с.р.

Д-р Гордан Калајџиев, вонреден професор с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АНТОНИМИТЕ ВО РУСКИОТ ВО СПОРЕДБА СО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЕМИЛ НИАМИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата шеста редовна седница одржана на 21.4.2010 година, нè избра за Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација на м-р Емил Ниами под наслов **Антонимите во рускиот во споредба со македонскиот јазик.** Рецензентската комисија во состав: д-р Красимира Илиевска, редовен професор, ментор, д-р Максим Каранфиловски, редовен професор, д-р Катерина Велјановска, редовен професор, д-р Кита Бицевска, редовен професор и д-р Анета Дучевска, доцент, во согласност со Правилникот за докторски студии, по разгледувањето на приложениот труд има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Емил Ниами содржи 595 страници, и тоа: Вовед (5-46); Руско - македонски речник на антоними (46 - 492); Споредбена анализа (492 - 554); Анализа на префиксните зборообразувачки елементи (554 - 573); Заклучок (573 - 586) и Библиографија (586 - 595).

Во воведниот дел вниманието на авторот се концентрира на повеќе значајни прашања: се разгледуваат руските антонимите во споредба со македонските; се определува местото на антонимите како дел од лексичкиот систем како и нивниот лексички опсег; подробно се разработуваат теоретски прашања како границите на антонимијата со што се откриваат и потенцијалните можности на јазикот како и за видовите антоними и за антонимите и другите семоними и семантички односи кои можат да бидат воспоставени меѓу нив; за антонимите во функција на стилистиката како и многу значајното прашање за преводот на антонимите.

За теоријата на антонимите како јазична универзалија, м-р Е. Ниами се повикува на трудовите на најистакнатите руски научници, со оглед на фактот дека руската лингвистичка школа е водечка во теоретската поставеност на оваа проблематика. Во врска со различните мислења при определувањето на границата на антонимијата, се спротивставуваат од една страна теориите на Л. А. Веденскаја, Л. А. Новиков и Ј. Д. Апресјан кои даваат многу јасна слика за суштината на лексичката антонимија, а од друга, автори како Шански и др. кои сметаат дека за антоними можат да се сметаат кои било два збора, што се противопоставуваат во определен контекст, па дури и лексички синоними, или М. К. Давидова, која тврди дека секој збор може да стапи во антонимиски однос со кој било друг збор, доколку тоа го овозможува контекстот. Како потврда за својот став авторот прави куса анкета, во која се опфатени 30 зборови (20 именки, 5 придавки, 5 глаголи) кои во принцип не би можеле да

имаат свој антонимиски пар. Анкетирани се 50 испитаници кои професионално се занимаваат со јазикот (наставници, новинари, критичари, лектори, преведувачи), кои дале голем број различни одговори со што се докажува во практика дека тезите на Шански и на Давидова не одговараат на структурната поставеност на лексичките антоними.

Направен е подробен осврт на речниците на антоними во рускиот јазик. Детално се анализирани практично сите речници што му биле достапни на авторот, со оглед на тоа што во последно време во лингвистичката наука големо внимание се обрнува на анализата на речниците, со што лексикографијата се издига на научно рамниште еднакво значајно како и на другите дисциплини од науката за јазикот. Поподробно авторот се задржува на речниците на антоними на Л. А. Веденскаја, на Н. П. Колесников и на М. Р. Љвов.

М-р Е. Ниами во својата дисертација, како конкретни задачи што ги поставува за решавање во својот труд, ги дефинира:

1. да се даде теориска основа за антонимијата и за антонимите;
2. да се изработи руско – македонски речник на антоними;
3. да се направи контрастивна анализа на антонимите во рускиот во однос на македонскиот јазик;
4. да се направи зборообразувачка анализа на антонимите во рускиот јазик и да се даде нивна можна корелација во македонскиот.

Централно место во дисертацијата (стр. 46 - 492) зазема речникот на руски антоними и нивните еквиваленти на македонски. Тоа е направено, како што вели самиот автор со цел „да се направи инвентар на антонимите во двата јазика, да се идентификуваат оние низи што се исти и да се дадат нивните преводни еквиваленти, да се воспостави корелација во нивното толкување, да се даде контекстуална конотација, да се определат колокациите (доколку постојат), за да се утврди на крајот кореспонденцијата на една антонимиска низа во македонскиот со истата низа во рускиот јазик". За таа цел авторот консултирал огромно количество литература. Како резултат од таа макотрпна работа е добиен солиден корпус на македонските антоними со примери од дневниот печат или литературата, со толкувања и со превод на руски јазик што претставува готов двојазичен речник на руско-македонските антоними, а со понатамошна работа може да се добие и еден солиден речник на антонимите во македонскиот јазик. За жал, во ракописот на дисертацијата, по технички причини, не можеше да влезе целокупниот корпус на речникот кој првично беше подготвен (по обем е близу двапати поголем), така што е направен избор според фреквенцијата, но во идните речници, се разбира, би требало да влезе целокупниот материјал.

Споредбената анализа (492 - 554) претставува солидна продлабочена анализа на особеностите на антонимите во едниот и во другиот јазик. Во неа се разгледуваат сите антонимиски гнезда кои се содржани во самиот речник.

За секое од нив авторот дава куси забелешки кои се однесуваат на:

1. постоење корелат во македонскиот јазик;
2. постоење синоними во едниот или во другиот јазик и нијансите според кои тие се разликуваат;
3. постоење колокации во едниот или во другиот јазик;
4. разлики во можностите за зборообразување во едниот или во другиот јазик;
5. лажни преведувачки парови
6. други јазични тенденции и појави.

Во „Анализа на префиксните зборообразувачки елементи" (554 - 573), авторот го истакнува значењето на ваквата анализа со оглед на фактот дека „голем дел од истокоренските парови се добиваат по пат на префиксација". Авторот се задржува на најфреквентните префикси, прави анализа на семантичките сличности и разлики во такви случаи и одделува неколку групи, па пр. група во која влегуваат елементи од словенско потекло кои во двата јазика имаат еднаков зборообразувачки потенцијал: *вооружать — разоружать / вооружува – разоружува*; елементи кои се антонимични еден на друг како самостојни зборови и своето значење го пренесуваат во процесот на зборообразување со сложување. Тие во двата јазика имаат идентичен или сличен семантички полнеж, и се лесно преводливи, сп.: *белобородый – чернобородый, белогривый – черногривый / белобрад – црнобрад, белогрив – црногрив*; префиксни елементи од странско потекло, кои во најголем број случаи се поклопуваат во двата јазика: *девальвация – ревальвация / девалвација – ревалвација; макроскопический — микроскопический / макроскопски – микроскопски* – итн.

Авторот со право заклучува дека значењето на зборообразувањето кај ваквите зборови е големо и опирајќи се на искуствата во најновите публикации на оваа тама (Земская Е. А., *Современный русский язык. Словообразование*, Москва, 2006; Янко-Триницкая Н. А., *Словообразование в современном русском языке*, Москва, 2001; Велева С., *Тенденции во зборообразувањето во македонскиот јазик*, Скопје, 2006) изработува своја методологија и се обидува да ги класифицира обработуваните антоними и од овој аспект.

Во Заклучокот (стр. 574-586), констатирајќи дека најобемната и најсложената работа во дисертацијата е изработката на речникот, авторот го опишува начинот на работа, утврдувањето на корпусот и семантичките полиња поткрепени со примери од литературата и дневниот и периодичен печат и дава соодветни толкувања кои, според препораките во научната литература, во својот најголем дел се преземени од постојните толковни речници и лексикони.

При изработката на македонскиот дел од речникот, со оглед на фактот дека антонимите во македонскиот јазик никогаш досега не биле предмет на научно истражување и ова е прв, пионерски чекор во оваа област, при

толкувањата се користени постојните речници: *Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања*, Т. 1 - 3; Мурговски З. *Толковен речник на македонскиот јазик*; *Толковен речник на македонскиот литературен јазик*, том I - IV; Ширилова В. *Голем лексикон на странски изрази и зборови*.

За илустративните примери на одделните антонимиски низи во македонскиот јазик, консултирани се околу педесетина дела од македонски автори, по бидејќи тоа се покажало недоволно, користени се интернет-изданијата на дневните весници на македонски јазик, интернет-страници и блогови, телевизиски програми, а во случаите кога и тоа не било доволно (во ретки случаи), авторот дава свој пример. Наместа, при толкувањето, авторот си дозволува и определени измени, со цел да се конкретизира семантички опфат на лексемите што се противопоставуваат.

Првично добиениот материјал од повеќе од 3200 антонимиски низи во секој од јазиците од технички причини не можеше да биде претставен целосно во дисертацијата, па е направен избор од околу 1000 најфреквентни антонимиски низи во рускиот јазик кон кои се додадени соодветните македонски парови.

При тоа паѓаат в очи некои општи заклучоци:

1. во многу случаи рускиот дел е поoбемен, со оглед на фактот дека за еден збор постојат голем број синоними;
2. постојат разлики во семантичкиот опсег во едниот и во другиот јазик, што влијае врз фреквентноста на нивната употреба;
3. постојат голем број стилски разлики – кај некои зборови се најдени соодветни корелати кои во едниот или во другиот јазик се маркирани како архаизми, историзми, зборови кои се користат исклучиво во поезијата и во прозата или, дури, не се во духот на јазикот;
4. постои антонимиска контаминација од страна на рускиот јазик во македонскиот, со што определени парови при преведувањето влегуваат во описот, иако тие не се вообичаени за македонскиот јазик. Такви се примерите од типот загадывать - отгадывать / загатнува – одгатнува; бледнеть - краснеть / бледнее, побледува – поцрвенува.

Со оваа анализа се опфатени различни јазични универзалии, кои се предмет на истражување на констрастивната анализа на рускиот и на македонскиот јазик, теријата на преведувањето и херменевтиката, што дава можност за практична употреба како во преведувањето, така и во изучувањето на едниот или на другиот јазик. Како особеност на оваа анализа е можноста за констатирање колокации во двата јазика. На пр. руската придавка *свежий*, одговара на македонската *свеж*, но: *свежая газета,* не би можело да се преведе како *свеж весник*, туку *денешен весник*, или *свежее молоко – пресно млеко*. Во речникот, постојат делови на нееквиваленција, со оглед на фактот дека одредена лексема би можела да биде преведена во одреден контекст, но како самостојна лексичка единица таа не може да влезе

во антонимиски однос во соодветниот јазик, на пр. рус. *можно - нельзя*, одговара на мак. *може – не може* но и *смее – не смее* итн.

Утврдени се седум тематски групи антоними, кои доминираат во двата јазика, а кои се засновуваат на заедничката семантика:

1. антоними кои даваат оцена на физичките особини, својствата и состојбата на определни предмети: *бел – црн / белый - черный*;
2. антоними што се однесуваат на количеството, редоследот на предметите и на појавите или даваат оцена на настаните: *далечен – близок / далекий – близкий; прв – последен / первый – последный*;
3. антоними што даваат оцена на природните појави: *ладен – топол / холодный - теплый, јасен – мрачен; студ – топлина / холод -тепло итн.*
4. антоними што даваат оцена на надворешноста и на физичката состојба на човекот: *млад – стар / молодой – старый; дебел – слаб / толстый – худой*;
5. антоними кои даваат оцена на карактерот и на однесувањето на човекот: *добар – лош / хороший – плохой; нежен – груб / нежный - грубый*;
6. антоними што даваат оцена на душевната или на физиолошката состојба на човекот: *бодар – изморен / бодрый – усталый; гладен – сит / голодный – сытый*;
7. антоними кои даваат оцена на интелектуалните квалитети и способности на човекот и на неговиот естетски статус: *благороден – подол (низок) / благородный – низкий (подлый); паметен – глупав / умный – глупый.*

Со зборообразувачката анализа авторот си поставува цел да утврди на кој начин функционираат антонимите во рускиот јазик. Во првиот дел се дадени табели со најфреквентните префиксни зборообразувачки елементи во рускиот јазик, за кои се прави обид да се најдат корелати во македонскиот, а во вториот се опишани најзастапените модели. Од оваа анализа се изведени неколку општи заклучоци:

1. голем дел од префиксите се идентични, со оглед на тоа дека се споредуваат два словенски јазика;
2. за дел од префиксните зборообразувачки елементи во македонскиот јазик постои преводен еквивалент;
3. во македонскиот јазик, за разлика од рускиот, почесто се среќаваат разнокоренските антоними;
4. определен број парови од рускиот јазик, во македонскиот немаат еквиваленти, па мора да се фразираат, односно да се прошират;
5. за одредени префиксни зборообразувачки елементи од рускиот јазик може да се најде идентичен или преводен корелат во македонскиот, но

тие функционираат во маркираната лексика, во јазикот на поезијата или не се во духот на македонскиот јазик.

Библиографијата (586 - 595) содржи повеќе од 200 единици, меѓу кои покрај различните речници и лексикографски трудови за кои зборувавме понапред се среќаваат и голем број англиски, американски, француски, италијански и шпански трудови, како и литература напишана на сите останати словенски јазици, која е поврзана со оваа проблематика. Тоа укажува на еден прилично задлабочен пристап кон обработуваната проблематика.

Докторската дисертација на м-р Емил Ниами, **Антонимите во рускиот во споредба со македонскиот јазик,** е прв обид за систематска обработка на антонимите во македонската лингвистичка наука. Таа претставува продолжување на неговите лексикографски истражувања, пред сè магистерската дисертација „Паронимите во македонскиот јазик во споредба" (подготвена за печат), како и голем број статии на лексиколошки и лексикографски теми. На таков начин во лицето на м-р Емил Ниами добиваме солиден специјалист од оваа област.

Сосема оправдано, со оглед на тоа што во македонската научна лингвистика се уште не се направени поопсежни истражувања од областа на антонимијата, а практиката покажува дека е неопходно потребно да се стори тоа во македонската лексикографија, м-р Емил Ниами многу внимание обрнува и на објавените руски еднојазични речници на антоними, разгледувајќи ги низ критичка призма, истакнувајќи ги предностите и определувајќи ги слабостите на одделните речници. Неговите заклучоци, од друга страна, би можеле да послужат и како упатство за тоа, како би требало да се изработи или како би требало да изгледа идниот македонски речник на антоними.

Како метод на работа, авторот го избира конфронтативниот пристап, кој има повеќестрани предности и може да биде од голема корист како за оние што се занимаваат со превод така и воопшто за лингвистите, а посебно за оние што професионално го користат јазикот (новинари, публицисти, хроничари, како и специјалисти од најразлични профили кои во својата редовна работа користат странска литература).

Ваквиот пристап дава и дополнителен практичен резултат. Пред сè, се дефинира корпусот на антоними во македонскиот јазик, а со толкувањата и примерите - своевиден речник на антонимите на македонскиот јазик. Но, паралелно со тоа се добива и двојазичен (руско - македонски) речник на антонимите, потребата од кој е констатирана одамна, а вредноста - неверојатно голема.

ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Оценувајќи ја докторската дисертација на м-р Емил Ниами, Рецензентската комисија во состав: д-р Красимира Илиевска, редовен професор, ментор, д-р Максим Каранфиловски, редовен професор, д-р Катерина Велјановска, редовен професор, д-р Кита Бицевска, редовен професор и д-р Анета Дучевска, доцент, констатира дека докторандот подробно ја истражил обработуваната проблематика и дал аргументирана интерпретација со детална стручна лингвистичка и филолошка анализа. Неговата дисертација покажува дека тој е добро упатен како во постарата така и во најновата стручна и научна литература од оваа проблематика и самостојно и критично ја користи. Во спорните случаи каде што има повеќе различни толкувања или мислења, тој го издвојува своето мислење и аргументирано ги отфрла неиздржаните тези.

Од начинот на интерпретација може да се заклучи дека кандидатот го совладал научниот метод и ни се претставува како научник кој е многу добро упатен во обработуваната проблематика.

Сето тоа ни дава основа да ја оцениме докторската дисертација на м-р Емил Ниами како значаен прилог во областа на лексикологијата и лексикографијата.

Врз основа на гореизложеното, слободни сме да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да ја прифати докторската дисертација на м-р Емил Ниами под наслов **Антонимите во рускиот во споредба со македонскиот јазик** и да закаже термин за одбрана.

Рецензентска комисија

1. Д-р Красимира Илиевска, редовен професор, с.р.

2. Д-р Максим Каранфиловски, редовен професор, с.р.

3. Д-р Катерина Велјановска, редовен професор, с.р

4. Д-р Кита Бицевска, редовен професор, с.р.

5. Д-р Анета Дучевска, доцент, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**

на пријавени и прифатени теми за изработка на **магистерски труд** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Бардул Туши | Професионално усовршување на директорите како лидери на училиштата | проф. д-р Мирјана Сланинка -Динева |
| Лидија Павловска | Управување со времето како фактор за успешно делегирање од страна на директорот на училиштето | проф. д-р Ласте Спасовски |
| Петра Попова | Системот на вредности на менаџерите и влијанието на организациската култура во компаниите | проф. д-р Васил Поповски |
| Кујтим Касами | Гледаноста на верските емисии и нивното влијание кај универзитетската младина во Република Македонија | проф. д-р Петар Атанасов |
| Владимир Павловски | Ритамот во македонскиот игран и документарен филм како експресија во филмската монтажа | проф. д-р Ганка Цветанова |
| Назим Рашиди | Присуството на политички пораки пренесувани преку забавни телевизиски програми - компаративна анализа на телевизиите А1 и Алсат - М во Република Македонија | проф. д-р Емилија Симоска |

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ-ИСТРАЖУВАЧ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот за избор во звања објавен на 12.2.2010 година во весникот „Време" и одлуката на Советот на Институтот за национална историја во Скопје бр. 02-22/17 од 26.3.2010 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на кандидатката м-р Драгица Поповска, магистер на етнолошки науки, во звањето асистент-истражувач. Постапувајќи според одлуката, слободни сме да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатката м-р Драгица Поповска е родена во Скопје во 1970 година. Високо образование го стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Природно-математичкиот факултет, Институт за етнологија и антропологија (1989-1993) по што се стекнала со звањето дипломиран етнолог. Постдипломски студии, исто така, завршила на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Природно-математичкиот факултет, Институт за етнологија и антропологија во 2006 година, со темата „Светите камења во македонската народна религија и обредна пракса", по што се стекнала со степенот магистер на етнолошки науки. Во моментов ја обработува темата „Култната и магиската функција на каменот во религиите во Македонија", како докторска дисертација.

### Научна работа

Во изминатиот период има истражувано во неколку теми, како што се: скопските Роми и нивните позначајни годишни обичаи, потоа, светите камења и религиите. Со оглед на тоа дека кандидатката како предмет на истражување ги има светите камења како една од карактеристичните појави на светото во народната религија на Македонците, активностите ги насочила кон трагите на архаичните верувања во животот на современиот човек и кон утврдувањето на мерката во која денес се задржани верувањата, обредната практика, интензитетот и трансформацијата на тие обреди до денес. На таа тема кандидатката м-р Драгица Поповска учествувала на одделни советувања, од што произлегле и неколку трудови.

### Публикувани трудови

1. Светите камења во македонската народна религија и обредна пракса. Скопје, 2009.

Основната содржина на трудот е изложена во три глави со расчленување на теми и поттеми, во согласност со сфаќањата на авторката за студиозно изнесување на сознанијата поврзани со култните камења и нивната религиска и обредна функција. Во трудот авторката го дефинира поимот свети камења, ги опфаќа идеалтипските примери, правејќи функционална и структурално - семиолошка анализа на светите камења.

2. Магиско - култните содржини поврзани со Змеовица, с. Крапа, Македонски Брод, (Зборник на трудови од научниот собир „Порече низ историјата").
3. Народна терминологија за светите камења - називи и епитети, (Гласник на Институтот за национална историја).
4. Култот кон каменот во селото Држилово – Скопско, (Историја).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на напред изложеното, Комисијата заклучи дека според Статутот на Институтот за национална историја во Скопје, кандидатката м-р Драгица Поповска ги исполнува предвидените услови за избор во звањето асистент-истражувач. Комисијата смета дека кандидатката има посебен пристап кон научната обработка на одредени теми, особено имајќи ги предвид меѓусебните односи на категориите време, простор и општествена средина, со комбиниран етнолошко-антрополошки пристап во проучувањето. Комисијата смета дека кандидатката во својата научноистражувачка работа знае да употребува научна апаратура во работата. Таа е оспособена самостојно да изведува научноистражувачки проекти од доменот на етнологијата и културната антропологија.

Според тоа, Комисијата му предлага на Советот на Институтот за национална историја, да ја избере кандидатката м-р Драгица Поповска во звањето **асистент-истражувач**.

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Крсте БОГОЕСКИ, с.р.
2. Проф. д-р Маја АНГЕЛОВСКА - ПАНОВА, с.р.
3. Доц. д-р Лилјана ГУШЕВСКА, с.р.

## *РЕФЕРАТ*
## *ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ-ИСТРАЖУВАЧ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ*

Врз основа на конкурсот за избор во звање објавен на 12.2.2010 година во весникот „Време" и одлуката на Советот на Институтот за национална историја во Скопје, број 02 - 22/ 16 од 17. 3. 2010 година, за избор на м-р Теон Џинго во звањето асистент-истражувач, Комисијата во состав: проф. д-р Тодор Чепреганов, проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски и проф. д-р Лилјана Пановска, го поднесува следниов

## *ИЗВЕШТАЈ*

**Биографски податоци**

М-р Теон Џинго е роден на 9 декември 1981 година во Скопје, Република Македонија. Дипломирал на Филозофскиот факултет - Институт за историја во Скопје на 2 ноември 2005 година. Магистрирал на Филозофскиот факултет во Скопје-Институт за историја, на 25 декември 2008 година со тема „Идејата на Велика Британија за создавање на Балкански пакт (1939-1941), со што се стекнал со академскиот степен магистер на историски науки.

Во Институтот за национална историја времено е вработен од 15 февруари 2009 година, како помлад асистент-истражувач.

**Научна активност**

Научната преокупација на м-р Теон Џинго е насочена кон истражувањето на политиката па Велика Британија на Балканот и односите помеѓу балканските земји и односите со големите сили. Во тој контекст неговите истражувања се насочени кон политиката на Велика Британија кон Балканот во периодот меѓу двете светски војни.

Во својата досегашна научна активност на полето на историската наука се има пројавено со неколку статии објавени во научни списанија, зборници на документи, организација на семинари и конференции што претставува потврда за неговиот интерес кон научноистражувачката работа.

Посебно треба да се истакне неговиот магистерски труд „Идејата на Велика Британија за создавање на Балкански пакт (1939-1941)", кој е влезен во печат во Институтот за национална историја. Во основа, трудот претставува детална анализа на поделбата на Балканот на интересни сфери

пред почетокот на Втората светска војна и стратегијата на Велика Британија за задржување на влијанието на тој дел од Европа.

Исто така, во статијата „Балкански пакт или нов Македонски фронт-разликите во концепциите на сојузниците за спречување на ширењето на германското влијание на Балканскиот Полуостров (1939-1941)", објавен во „Гласник" на ИНИ, м-р Цинго прави анализа на судирот на интереси на големите сили пред Втората светска војна на Балканот и различните пристапи на Велика Британија и Франција за создавање на обединет балкански блок кој би го лимитирал германскиот експанзионизам.

Посебно е интересен научниот прилог „Британски документи за односите помеѓу Македонската револуционерна организација и руските болшевици", во списанието „Гласник" на ИНИ, со коавтор, во кој се презентираат документи за почетокот на соработката помеѓу лидерите на Македонската револуционерна организација и Коминтерната.

Имајќи ја предвид својата научна преокупација, м-р Теон Џинго има пријавена и прифатена докторска дисертација под наслов „Балканот во политиката на Велика Британија (1918-1939)" во Институтот за национална историја во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата смета дека м-р Теон Џинго се изградува во научен работник кој добро ги познава научната методологија, методологијата на истражувањето, а посебно анализирањето и толкувањето на документите.

Имајќи ја предвид неговата целокупна досегашна активност, Комисијата со особено задоволство на Советот на ИНИ му предлага м-р Теон Џинго да биде избран во звањето асистент-истражувач.

Скопје, 31. 5. 2010 Комисија

Проф. д-р Тодор Чепреганов, с. р.

Проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски, с. р.

Проф. д-р Лилјана Пановска, с. р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КУЛТНАТА ФУНКЦИЈА НА КАМЕНОТ ВО РЕЛИГИИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДРАГИЦА ПОПОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 17 од Статутот на Институтот за национална историја, член 56 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и одлуката бр. 10-157/6 од 7.6.2010 година, формирана е Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Култната функција на каменот во религиите во Македонија", поднесена од м-р Драгица Поповска. Комисијата во состав: проф. д-р Крсте Богоески, проф. д-р Симо Младеновски, проф. д-р Маја Ангеловска - Панова, проф. д-р Танас Вражиновски и проф. д-р Милан Бошковски, има чест на Советот на Институтот за национална историја да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација содржи 248 страници А4 - формат во новинарски проред, од кои 214 основен текст, во кој се презентирани 833 фусноти како потврда на одделни ставови во текстот, користени се 105 библиографски единици, ползувани се 50 информатори, направен е индекс на имиња и места сложени по азбучен ред, презентиран е прашалник за теренски истражувања, направена е екерпција на народна терминологија и приложени се 20 фотографии од одделни локалитети поврзани со темата на истражување.

Непосредната содржина на дисертацијата се состои од шест дела со повеќе наслови и поднаслови.

Во воведот се презентирани мотивите за избор на наведената тема за докторска дисертација, а потоа е даден осврт на одделни значајни трудови кои ја обработуваат споменатата тематика. Докторантката посветила период од десетгодишни истражувања (2000-2010), на проучување на достапната литература, како и на теренски истражувања скоро на целата територија на Република Македонија. Како резултат на тоа, таа ги поврзува верувањата во култните камења и нивната магиска функција од периодот пред појавата на христијанството, со натамошното верување и модификација до денешни дни, присутно во двете поголеми религии во Македонија, христијанството и муслиманството. Кандидатката ги наведува и употребените методи и техники во истражувањето, кои овозможиле да се добие финален труд во овде презентираниот облик.

Натамошната концепција и главните содржински целини ја заокружуваат формата на докторската дисертација.

Во првата глава „Каменот во религиите во Македонија", прикажани се верувањата на човекот во каменот, почнувајќи од анимизмот, па сè до периодот на оформеност на одделните религии, во случајов христијанството и муслиманството. Во поднасловот „Претхристијански содржини поврзани со каменот", прикажаната анализа покажува дека култот кон каменот датира од најстари времиња, при што архаичниот човек сликата за каменот никогаш не ја претставува издвоено, туку како дел од некоја општа целина, каде што дуалистичките принципи на добро и лошо ги поврзува со одделни виши сили. Во поднасловот „Христијански содржини поврзани со каменот", во дисертацијата се тргнува од Библијата, каде што каменот се третира како важна врска помеѓу Небото и Земјата. И покрај негирањето на официјалната црква, сепак каменот ги задржал култните и магиски претхристијански содржини, збогатени со нови содржини. Не можејќи да ги отстрани длабоките корени на верувањата во натприродната моќ на каменот, христијанството молчешкум ги прифаќало. Во следниот поднаслов „Муслимански содржини поврзани со каменот" и овој пат се тргнува од Куранот во смисла на изнаоѓање врска со верувањата за култната и магиска функција на каменот. Констатација е дека каменот како предмет во природата нема никаква вредност за исламот како религија, зашто верниците муслимани ибадет мора да му посветат единствено на Алах. Но, во практиката, каменот како симбол на плодноста во контекст на верувањата на посетителите - муслимани и понатаму продолжува да постои, само со даден исламски акцент.

Во втората глава „Култна и магиска функција на каменот" се посочени битните својства и функции на каменот, определувајќи ги кодовите поврзани со карактеристичната појава на светото во народната религија. Во оваа прилика, докторантката го дефинира поимот свет или култен камен во македонската народна религија, кој преку својот надворешен изглед, предание и слично, рефлектира натприродна моќ во очите на поединецот. Во натамошното излагање на содржините, докторантката употребува структурално - семантичка анализа за да добие солидни резултати. Во овој дел се презентирани повеќе поднаслови, кои ја заокружуваат наведената тематика. Притоа, посебно е обработена „Култната функција на каменот", изразена преку надворешниот изглед, преку народните кажувања и приказни, преку „божествата" кои престојуваат на каменот, преку верувањата во магиската моќ, функцијата преку молитва, ветување и дарување, функцијата изразена преку крвна жртва. Во поднасловот „Магиската функција на каменот", опфатени се: времето како услов за манифестација на магиски содржини на каменот, медијаторот како услов за магиска манифестација, самата магиска функција, магиската функција на каменот фузионирана со други природни агенси, магиската функција на каменот преку други елементи, броевите како дел од магиската техника, десната страна како дел од магиската практика и негативната магиска функција на каменот.

Третата глава „Симбиоза на религиите во Македонија врз култната и магиска функција на каменот" опфаќа поднаслови кои ја прикажуваат состојбата на тој план. Преку дескрипција и компарација на одделни примери, прикажано е варирањето на народната вера помеѓу

христијанството и нехристијанството, утврдувајќи ја испреплетеноста на религиските содржини поврзани со култот на каменот. Појавноста на култот на каменот не се смета за статична, туку како категорија подложна на промени кои ги диктираат промените на културата. Во поднасловот „Симбиоза на религиите во Македонија врз култната функција на каменот", опфатени се содржини поврзани со надворешната форма на каменот, со народните преданија поврзани со настанувањето на каменот, со присуството на божества во каменот, со магиските својства на каменот. Во поднасловот „Симбиоза на религиите врз магиската функција на каменот", опфатени се содржини поврзани со провирање, кружење и допир, со броевите во архаиката и современите религии, со десната страна во архаиката и во современите религии, со негативните магиски функции на каменот, со посетителите.

Четвртиот дел, „Примери на магиска и култна функција на каменот", содржи опфат на шеснаесет најкарактеристични примери на тлото на Македонија со посебен опис на функциите. Во таа смисла, преку теренските истражувања и проучената достапна литература, низ дескрипција и компарација, презентиран е култот кон каменот како претхристијанска форма, кој низ вековите претрпува одделни религиски контаминации и адаптации.

Петтиот дел, „Друга култна и магиска функција на каменот", го опфаќа симболизмот што го има каменот во рамките на една култура на живеење. Во таа смисла, во поднасловот „Култната и магиската функција на каменот - темелник", преку структурално - семантичкиот модел дојдено е до резултати кои ја покажуваат важноста на каментемелникот во современиот начин на живеење. Тука се опфатени содржини поврзани со именувањето на каментемелникот, со значењето на местото каде што се поставува тој камен, со времето погодно за поставување, со заштитата на темелот преку негово „чување", со дарувањето (жртва) на камен темелникот и слично. И во оваа прилика постои симбиоза на религиите кај христијаните и муслиманите. Во поднасловот „Култна и магиска функција на громовниот камен", исто така е присутен симболизмот што каменот го носи во себе.

Во шестиот дел, „Заклучок", докторантката прави синтеза на напред изложените содржини. Содржините на Заклучокот се преведени на англиски.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација на м-р Драгица Поповска, под наслов КУЛТНАТА ФУНКЦИЈА НА КАМЕНОТ ВО РЕЛИГИИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА е изработена според теоретско-методолошките постапки во етнологијата и културната антропологија, со научно-критичен пристап во анализата на информациите добиени преку литературата и теренските истражувања, со синтези и заклучоци иманентни за соодветната научна област. Комисијата смета дека докторантката има посебен пристап во научната обработка на наведената тема, почитувајќи ги меѓусебните односи: култ, магија, религија во времето, просторот и општествената средина. Со

успешно применетите методи, особено преку функционалната и структурално-семиолошката анализа, докторантката успеала да направи тематски целини кои го прават трудот јасен и целовит. Со комбинираниот историографски и етнолошко-антрополошки пристап во проучувањето на наведената тема е добиен оригинален самостоен научен труд со повеќестепено значење за македонската научна мисла.
Тргнувајќи од исполнетите цели и задачи поставени во почетокот на научноистражувачката работа и од констатираната научна теоретско-методолошка издржаност на трудот, сметаме дека тој ги задоволува квалитетите на солидно изработена докторска дисертација и со задоволство му предлагаме на Советот на Институтот за национална историја во Скопје да ја прифати нашата рецензија и на кандидатката м-р Драгица Поповска да и овозможи јавна одбрана.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1.Проф. д-р Крсте Богоески с.р.

2..Проф. д-р Симо Младеновски с.р.

3. Проф. д-р Маја Ангеловска – Панова с.р.

4. Проф. д-р Танас Вражиновски с.р.

5. Проф. д-р Милан Бошковски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

на докторската дисертација ***"Имйлеменійација на иніпернеій ійехнолоїијаійа во иніпеїрианиіпе маркеійинї-комуникации, со йосебен осврій на уйоійребаійа на иніпернеій-алаійкаійа веб-сійраница кај комйаниите во Рейублика Македонија"*** изработена од м-р Златко Шајноски, поднесена до Економскиот институт во Скопје.

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација на тема ***" Имйлеменійација на иніпернеій ійехнолоїијаійа во иніпеїрианиіпе маркеійинї-комуникации, со йосебен осврій на уйоійребаійа на иніпернеій-алаійкаійа веб-сійраница кај комйаниите во Рейублика Македонија "*** од кандидатот м-р Златко Шајноски, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 34 седница одржана на 27.5.2010 година, донесе одлука бр. 09-1046/1 за формирање на Комисија за оцена и одбрана на трудот, во состав:

1. проф. д-р Татјана Петковска Мирчевска
2. проф д-р Татјана Петковска
3. проф д-р Христо Кусакатов
4. проф д-р Нада Секуловска
5. проф д-р Биљана Ангелова

Членовите на Комисијата со особено внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација под наслов ***"Имйлеменійација на иніпернеій ійехнолоїијаійа во иніпеїрианиіпе маркеійинї-комуникации, со йосебен осврій на уйоійребаійа на иніпернеій-алаійкаійа веб-сійраница кај комйаниите во Рейублика Македонија "*** од кандидатот м-р Златко Шајноски, и на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје му го доставуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Општи согледувања

Докторската дисертација под наслов ***"Имйлеменійација на иніпернеій ійехнолоїијаійа во иніпеїрианиіпе маркеійинї-комуникации, со йосебен осврій на уйоійребаійа на иніпернеій-алаійкаійа веб-сійраница кај комйаниите во Рейублика Македонија"*** од кандидатот м-р Златко Шајноски, обработува исклучително интересна и актуелна проблематика од областа на интернет-маркетингот. Основна цел на истражувањето се однесува на имплементацијата на веб-технологијата во комуникацијата на компаниите со потрошувачите, како и предностите, односно резултатите што произлегуваат од нејзината употреба во маркетинг-активностите на компаниите. Посебно внимание во трудот е посветено на идентификување на бенефициите што ги носи употребата на интегрираните маркетинг-комуниакции во работењето на компаниите, како и согледувањето на важноста на директниот и интерактивниот/интернет-маркетинг во комуникацијата со потрошувачите. Во таа насока се елаборират предностите што ги носи имплементацијата на информатичко-комуникациската технологија за маркетинг-комуницирањето, со посебно внимание на нејзиниот интегрален дел- итернет-технологијата. Во дисертацијата се сумираат активностите од имплементацијата на интегрираните маркетинг-комуникации и веб-технологијата кај одредени деловни субјекти, а се утврдуваат идните предизвици во развојот на веб технологијата како алатка во маркетинг-комуникациите.

При спроведувањето и формулирањето на истражувањето се користени класични научни методи, согласно на природата на истражувањето. Составен дел на трудот е емпириско истражување со репрезентативен примерок на компании од Република Македонија, чии резултати, заедно со резултатите од спроведената компаративна анализа, претставуваат основа за дадените препораки, што, всушност претставува научен придонес на трудот.

2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација "***Имплементација на интернет технологијата во интегрираните маркетинг-комуникации, со посебен осврт на употребата на интернет-алатката веб-страница кај компаниите во Република Македонија***" од кандидатот м-р Златко Шајноски, содржи вкупно 294 страници, од кои 20 страници се Прилози и список на користена литература. Во интегралниот текст спаѓаат содржината, воведот, пет тематски подрачја и заклучок, а составен дел е списокот на кратенки (акроними) и списокот на слики и табели. Во списокот на користена литература се наведени релевантни библиографски единици од домашни и странски автори, како и повеќе веб-страници.

Првиот дел под наслов **ИНФОРМАТИЧКО-КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА И ИНТЕРНЕТ** е посветен на интернет-технологијата, чијшто интегрален дел е интернет-технологијата, нејзината употреба и улогата во маркетинг-комуникациите, со посебен осврт на улогата во управувањето на односите со потрошувачите, како и нејзино дефинирање и елаборација на компонентите на интернетот. Во овој дел се анализираат и позитивните и негативните страни на оваа технологија и прашањето поврзано со употребата на интернет-технологијата во деловните активности на компаниите и безбедносните прашања со коишто притоа се соочуваат. Исто така, се елаборираат комуникациските цели на интернетот, интернет-маркетинг микс, како и другите поважни интерактивни медиуми базирани врз информатичко-комуникациската, односно Интернет технологијата, за да се позиционира улогата на интернетот во интегрираните маркетинг-комуникации.

Вториот дел под наслов **КОМУНИКАЦИСКИОТ ПРОЦЕС И ИНТЕГРИРАНИТЕ МАРКЕТИНГ-КОМУНИКАЦИИ** се фокусира на интегрираните маркетинг-комуникации, карактеристиките и елементите на комуникацискиот процес, а потоа се определуваат активностите за успешна комуникација со клиентите. Во овој дел, се елаборира поимот интегрирани маркетинг-комуникации се анализираат инструментите коишто претставуваат составен дел на интегрираните маркетинг-комуникации, односно инструментите на масовните маркетинг-комуникации (како што се рекламирање, односи со јавноста и слично), и инструментите на персоналните маркетинг-комуникации (како што е директниот маркетинг). Понатаму, опфатен е конкретниот процес на планирање на интегрираните маркетинг-комуникации, како и учесниците во процесот на интегрираните маркетинг-комуникации и нивните специфични улоги. На крајот се елаборира и се анализира процесот на планирање на медиуми, односно процесот на избирање на медиумите коишто се најсоодветни за комуникација со потрошувачите.

Во третиот дел под наслов **ДИРЕКТЕН МАРКЕТИНГ КАКО ИНСТРУМЕНТ НА ИНТЕГРИРАНИТЕ МАРКЕТИНГ-КОМУНИКАЦИИ** се анализира директниот маркетинг, неговата улога во интегрираните маркетинг-комуникации, претставување на неговиот развој, како и елаборирање на неговите карактеристики и принципи. По ова следува елаборација на функциите на базите на податоци во овој вид маркетинг коишто имаат за цел таргетирање на потрошувачите преку алатките на директниот маркетинг. Понатаму, се анализираат претходно споменатите алатки на директниот маркетинг (како што се директна пошта, маркетинг со каталози и слично), со посебен акцент на интерактивниот/интернет-маркетинг којшто претставува основен инструмент на директниот маркетинг. Притоа, се врши дефинирање на поимот интерактивен/интернет-маркетинг, и елаборирање на разликите помеѓу интерактивните маркетинг комуникации и традиционалните маркетинг комуникации. Освен тоа, се анализира процесот на планирање и циклусот на интерактивниот/нтернет-маркетинг. Ова поглавје се

концентрира и на неговата улога во интегрираните маркетинг-комуникации преку т.н. интерактивни интегрирани маркетинг-комуникации, за на крајот да се потенцираат позитивните и негативните аспекти на директниот маркетинг.

Четвртиот дел под наслов **ПРИМЕНАТА НА ВЕБ-ТЕХНОЛОГИЈАТА ВО ИНТЕГРИРАНИТЕ МАРКЕТИНГ-КОМУНИКАЦИИ** се фокусира на интернет-технологијата - веб-технологијата. На почеток, се презентираат нејзината историја и развиток. Потоа, се елаборираат карактеристиките и елементите на веб-технологијата, како и новите трендови во нејзиниот развој, како што е концептот Web 2.0, а се презентираат и размислувања во однос на иднината на оваа технологија. Во овој дел се анализираат и безбедносните аспекти во примената на оваа технологија во работењето на компаниите. Освен тоа, предмет на четвртиот дел е и употребата на веб-технологијата, односно нејзиниот составен дел - веб-страниците во маркетинг-комуникациите. Претставени се маркетинг-моделите на веб-страниците, како и типовите на веб-страници. По ова следува делот посветен на чекорите за остварување на успешност во маркетинг-комуникациите преку употребата на веб-страниците коишто вклучуваат: дефинирање на цели и стратегија во веб-маркетинг комуникациите; одредување на целните групи потрошувачи; планирање на веб маркетинг-комуникации; процес на дизајнирање на веб-страниците, односно принципите на создавање веб-страници за успешна комуникација со потрошувачите; тестирање на креираните веб-страници, и нивно промовирање со цел привлекување на потрошувачите; како и одредени технички аспекти поврзани со процесот на веб-маркетинг комуникациите. Понатаму, се анализира поврзаноста на интегрираните маркетинг-комуникации и веб-страниците, поточно користењето на елементите на интегрираните маркетинг-комуникации на веб-страниците. Кон крајот на овој дел се елаборираат аспектите на евалуација на ефикасноста на оваа алатка во рамките на маркетинг-комуникациите и нејзината улога во нив.

Петтиот дел под наслов **АНАЛИЗА/ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРАКТИЧНИТЕ ИСКУСТВА НА ОДРЕДЕНИ КОМПАНИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД АСПЕКТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ИНТЕРНЕТ-ТЕХНОЛОГИЈАТА ВО ИНТЕГРИРАНИТЕ МАРКЕТИНГ-КОМУНИКАЦИИ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА УПОТРЕБАТА НА ИНТЕРНЕТ-АЛАТКАТА ВЕБ-СТРАНИЦИ** е апликативен и се базира на компаративна анализа на практичните искуства на неколку компании од Република Македонија во однос на имплементацијата на интернет-технологијата и интегрираните маркетинг-комуникации, при што посебен акцент се става на употребата на интернет-алатката веб страници во нивните активности од аспект на дизајнирањето на веб страниците за успешна комуникација со потрошувачите. Од една страна се споредуваат практичните искуства на неколку банкарски институции, мобилни оператори и автомобилиски куќи/салони, од аспект на примената на претходно споменатите елементи во нивното работење, а од друга страна, се анализираат и практичните искуства на неколку маркетинг-агенции во однос на маркетинг-кампањи за коишто се ангажираат од страна на компаниите и примената на интернетот, интегрираните маркетинг-комуникации и веб-страниците. Оваа анализа е придружена со основни информации за деловните субјекти, како и со соодветни согледувања и заклучоци базирани на резултатите од компаративната анализа.

Последното (шесто) поглавје под наслов **СОГЛЕДУВАЊА, ПРЕПОРАКИ И СУГЕСТИИ ВО ОДНОС НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ИНТЕРНЕТ ТЕХНОЛОГИЈАТА ВО ИНТЕГРИРАНИТЕ МАРКЕТИНГ-КОМУНИКАЦИИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА УПОТРЕБАТА НА ИНТЕРНЕТ-АЛАТКАТА ВЕБ-СТРАНИЦИ КАЈ ОДРЕДЕНИ КОМПАНИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** се фокусира на резултатите од компаративната анализа и емпириските истражувања, при што се даваат релевантни препораки и сугестии во однос на имплементацијата на интернет-технологијата, интегрираните маркетинг комуникации и веб-страниците во

работењето на компаниите. Во давањето на овие препораки и сугестии, лежи и значајноста, односно придонесот, на овој докторски/научен труд, чијашто основна функција ќе биде да даде насоки за поуспешна примена на интернет-технологијата, интегрираните маркетинг-комуникации и алатката веб-страници во деловните активности на македонските компании, што ќе претставува предуслов за нивно успешно позиционирање на пазарот.

Во **заклучните согледувања**, кандидатот ги сублимира ефектите од примената на интернет-технологијата и алатката веб-страница во вкупната промотивна активност на компаниите, како и можностите за помасовна примена на оваа технологија од аспект на планирањето на интегрирните маркетинг-комуникации. Исто така, кандидатот потенцира дека компаниите треба да посветат внимание на примената на информатичко-комуникациската технологија и нејзината интеграција со деловните процеси. Од аспект на директниот маркетинг со чија примена може да се оствари двонасочна комуникација со потрошувачите, компаниите градат лојални односи и остваруваат долгорочна профитабилност. Алатката веб-страница им овозможува на компаниите да развиваат иновативни маркетинг-програм и да обезбедат софистицирана и навремена комуникација со потрошувачите. Како такви, тие стануваат главен двигател на развојот на комуникациите воопшто. Иако во практиката на македонските компании постои определба за користење на интернет-технологијата во доменот на интегрираните маркетинг-комуникации, во нејзината примена се чувствуваат пропусти и недоследности кои треба да се надминат. Кандидатот укажува на овие слабости, како и дава насоки за нивно надминување.

3. Оцена и предлог

Докторската дисертација на тема ***"Имплементација на интернет технологијата во интегрираните маркетинг-комуникации, со посебен осврт на употребата на интернет-алатката веб-страница кај компаниите во Република Македонија "*** од кандидатот м-р Златко Шајноски, претставува актуелен и значаен труд кој се одликува со сериозен пристап кон третираниот проблем и опфаќа обработка на сите релевантни аспекти, аргументација за поставените тези и илустрација на релевантни податоци. Ваквиот пристап е надополнет со соодветна методолошка рамка, користење на најнова стручна литература и изразено критичко размислување, базирано на сеопфатна компаративна анализа и емпириско истражување значајни за конципирање на заклучоците, насоките и препораките што му дава посебен научен придонес на трудот.

Комисијата констатира дека согласно со академските стандарди, кандидатот м-р Златко Шајноски изработил компактен и сериозен труд. Кандидатот успешно се справил со поставениот предизвик за истражување на проблемот и успеал да понуди аргументирани ставови, мислења, заклучоци и препораки. Теоретските и емпириски елаборации на трудот можат да имаат реална примена во деловните активности на компаниите и како таков, трудот може да биде теоретски и практичен водич за примената на интернет и веб-технологијата во интегрираните маркетинг комуникации, како и нивна правилна имплементација како за компаниите во Република македонија, така и пошироко.

Врз основа на претходното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати извештајот со позитивна оценка за поднесената докторска дисертација ***"Имплементација на интернет технологијата во интегрираните маркетинг-комуникации, со посебен осврт на употребата на интернет-***

***алатката веб-страница кај компаниите во Република Македонија***" од кандидатот м-р Златко Шајноски,

2. На кандидатот м-р Златко Шајноски да му се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Скопје, 25.06.2010

Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација:

1. Проф. д-р Татјана Петковска Мирчевска с.р
2. Проф. д-р Татјана Петковска с.р
3. Проф. д-р Христо Кусакатов с.р
4. Проф. д-р Нада Секуловска с.р
5. Проф. д-р Биљана Ангелова с.р

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 07-136/12
16-08- 2010 год.
СКОПЈЕ

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ИНДУСТРИСКИОТ ОТПАД ВО ГУСТИ И ВИСОКОПОРОЗНИ КОМПОЗИТИ ОД СТАКЛО КЕРАМИКА И НИВНА ПОТЕНЦИЈАЛНА УПОТРЕБА" ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р ДАРКО МИЛОШЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, донесена на 9.6.2010 година, формирана е Комисија за одбрана на докторската дисертација под горенаведениот наслов во состав: д-р инж. Станое Стојменов,редовен професор, ментор, д-р инж. Катица Давкова, редовен професор,член, д-р инж. Јон Магдески,вонреден професор, член, д-р инж.Никола Начевски, редовен професор член и д-р инж. Симка Перовска-Јовановиќ, редовен.професор, член.

По прегледот на доставената дисертација, Комисијата го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација под наслов : ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ИНДУСТРИСКИОТ ОТПАД ВО ГУСТИ И ВИСОКОПОРОЗНИ КОМПОЗИТИ ОД СТАКЛО - КЕРАМИКА И НИВНА ПОТЕНЦИЈАЛНА УПОТРЕБА од кандидатот м-р инж. Дарко Милошевски е прикажана на 127 страници. Во неа фигурираат 99 слики и 33 табели. По структура, дисертацијата е составена од следниве сегменти: вовед, литературен преглед од 177 референци, презентирано на 20 страници, експериментален дел со опис на експерименталната техника, презентирано на 44 страници, резултати и дискусија - 40 страници и заклучок - 3 страници.

Во литературниот преглед, користена е главно периодика од понов датум од областа на науката за материјалите. Литературниот преглед претставува ориентир на експерименталниот дизајн, на чија основа по принципот на аналогија е дизајниран експериментот.

Во експерименталниот дел, како и во резултатите и дискусијата на докторската дисертација, даден е опис на методите и експерименталните техники што се користени при реализација на оваа дисертација. Користена е инструментална опрема од Високата техничка школа од Ахен, Северна Рајна Вестфалија, Универзитетот Фридрих Шилер, Јена, Германија, Техничкиот универзитет од Рига, Латвија, Центарот за мултидисциплинарни студии од Белград, Технолошкиот факултет од Нови Сад и Технолошко-металуршкиот факултет од Скопје.

Овие техники се користени за карактеризација на геометријата, хемијата и структурата на испитуваните системи, како и на механичките,

термофизичките и хемиските особини на композитите од стакло-керамика. Посебен акцент е даден на конфокалната скенирајучка електронска микроскопија која се користи за дефинирање на мегусебната споеност на порите/каналите, нивната геометрија и микрохемија.

Предмет на истражување на оваа докторска дисертација се лебдечките прашини од РЕК Костолац и РЕК Свилајнац-Србија, РЕК Пломин-Хрватска, РЕК Тузла-Босна и Херцеговина, РЕК Битола-Република Македонија, како и металуршките троски од комбинатите Сартрид-Србија и Далмација-Хрватска. Како прекурсор на течна фаза е користено отпадно стакло од ТВ- монитори како и прозорско и амбалажно стакло. Следејќи ги постапките и теоријата на физика на консолидација, во дисертацијата е покажано дека лебдечките прашини и металуршките троски во консолидирана состојба покажуваат ниски механички особини. Тие, синтерувани на температура од 1100°C, поседуваат Е-модул од 5.6 до 13.0 GPa и јачина на свиткување од 9.5 до 20.2 MPa.

Со цел да се редуцира регионот на синтерувањето како и да се имобилизира хемиската активност на лебдечката прашина/троската, применет е мултибариерниот концепт. Со овој концепт кој е трансформиран во постапка, честиците од лебдечката прашина/троската се обвиткуваат со филм од стопено стакло. Стопеното стакло игра улога на течен мост помегу честиците, а во исто време дејствува и како имобилизатор на хемиската активност на честиците. Физиката на синтерувањето е гледана од аспект на течно фазно синтерување.

Формирањето композит стакло-керамика е можно единствено под услов на ниска вредност на термичките стресови кои првенствено зависат од физичките големини на Е-модулот, Poisson-овиот број, техничкиот коефициент на термичка експанзија и температурата. Од таа причина, испитувањето на термодинамичката стабилност на композитот е од суштествено значење. Тоа е испитано дилатометриски, преку следење на ефектите на хистерезис на експанзијата-контракцијата во текот на циклусите загревање-ладење.

Со примена на мултибариерниот концепт на инертизација, т.е. преку физиката на течното фазно синтерување е покажано дека оптимални релативни густини од 0,96 се постигнати за композитот лебдечка прашина Битола-50% ТВ- стакло синтерувани на 950°C/2ч. Тој поседува Е-модул од 25.4 GPa, јачина на свиткување од 56.4 MPa и коефициент на термичка експанзија од 8.11.$10^{-6}$/°C. Останатите композити од лебдечките прашини-стакло, Костолац, Свилајнац, Пломин и Тузла синтерувани на температура од 900 до 1050 покажале релативна густина од 0.71 - 0.77, Е-модул во граници 16.7 до 22.5 GPa, јачина на свиткување 32.9-38.4 MPa и коефициент на термичка експанзија од (8.12-8.71).$10^{-6}$/°C. Од испитуваните композити троска-стакло, синтерувани на 1000°C/2ч, оптимални механички особини покажаа системите Сартрид-30% ТВ-стакло и Далмација -30% ТВ-стакло.

Испитана е улогата на повеќе видови креатори на порозна структура, како што се полиуретанската пена, јагленова прашина, јаглеродните влакна, водородниот пероксид и покрупни гранулации троска мегусебно споени со стопено стакло.

Со примена на полиуретанската пена беше добиен високопорозен композит лебдечка прашина/троска - стакло со интегрална порозност од

54-78%. Порите беа мегусебно поврзани со големина 0.8-4 мм. Варијацијата на интегралната порозност е во функција од оптоварувањето на супстратот (полиуртетанската пена ) со шликерот од цврстата фаза. Е-модулот кај овие порозни композити е во функција од порозноста и се движи во граници 1.3-2.5 GPa, додека јачината на свиткувањето е во границите од 2.3 до 3.4 MPa.

Со примена на јаглеnородни влакна како креатори на порозната структура за системи троска-стакло, беа добиени композити со интегрална порозност од 60±5%. Порите, всушност, каналите беа ориентирани со дијаметар 500±10 μm.Овој тип на порозни композити има Е-модул од 3.1±1.3 GPa, и јачина на свиткување од 4.8±1 MPa.

Јагленовата прашина како креатор на порозна структура , во количество од 2,5 и 10 мас.%, и големина на честици 250-1000μm, пресувани на притисок од 100 MPa и синтерувани во температурен интервал 950-1050°C, дава компакти со интегрална порозност од (58-64)±3%, Е-модул од (2.5-3.2)±1.2 GPa и јачина на свиткување од( 3.6- 4.6)±1 MPa.

Големината на порите е во функција од големината на честиците јаглен и се движи во граници 300 до 4000 μm.

При користењето постапка на креирање контролирана порозна структура со контролирани фракции од троска,чии честици се поврзани со растопено стакло, се постигнати најдобри резултати. Интегралната порозност на овие системи се движи во граници од 26 до 46%, што е во функција од употребената гранулација троска, содржината на стаклената фаза и температурата. Од спектарот порозни композити, оптимална порозност, Е-модул и јачина на свиткување покажа композитот Далмација (-0.125+0.063мм)-20%ТВ-стакло, синтеруван на температура од 1000°C/2ч. Тој поседува интегрална порозност од 40.8%, Е-модул и јачина на свиткување од 13.6 GPa и 54.8 MPa, соодветно.

Со цел да се намали дифузиониот отпор на порозната керамика, дизајнирани се нови порозни системи со контролирана градиентна структура. Тие се карактеризирани од аспект на термодинамичка стабилност, физички, механички и физичкохемиски особини.

Оптимален дизајн на двослојна градиентна порозна структура кај испитуваните композити троска-ТВ-стакло, беше извршен со употреба на прв слој од фракција (-0.25+0.125мм)-20%ТВ-стакло и втор слој од фракција (-0.125+0.063мм)-20%ТВ-стакло, со варијација на нивниот удел.

За одредување на физичките големини на пермеабилноста и коефициентот на формата, користен е Hazen-Dupuit-Darcy-евиот модел. За таа цел е конструирана апаратура која го следи падот на притисокот низ порозниот медиум, во однос на волуметриската брзина на единица попречен пресек. Врз основа на вредностите на наведените физички големини е заклучено дека отпорот на порозниот систем воопшто не е пречка за протекување на флуидот низ него. Овој тип порозни системи потенцијално можат да се користат како дифузори при аерација на вода.

Дизајнираниот дифузор со дијаметар од 30 см е тестиран во лабораториска и пилот-постројка. Се покажа дека водата при аерација се заситува со кислород за многу кратко време.

Заситувањето на водата со кислород е функција од големината на меурите, т.е од големината, формата и ориентацијата на порите/каналите, како и од протокот и притисокот на воздухот низ аераторот.

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација под наслов ***Трансформација на индустрискиот отпад во густи и високопорозни композити од стакло- керамика и нивна потенцијална употреба***, од кандидатот м-р инж. Дарко Милошевски, претставува коректно реализирано научно дело од областа на науката за материјали, со потенцијално изразен прагматичен мотив. Експерименталните нијанси при реализација на мултибариерниот концепт овозможуваат негова оптимизација и добивање на нови материјали со контролирани структурни, термофизички и механички особини кои потенцијално наогаат примена во техничката керамика и екологијата.

Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, да ја прифати оваа рецензија и да закаже јавна одбрана на предложената докторска дисертација.

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р инж. Станое Стоименов редовен професор на ПМФ ментор, с.р.
2. Д-р инж. Катица Давкова, редовен професор на ТМФ, член,с.р.
3. Д-р инж. Јон Магдевски, вонреден професор на ТМФ,член,с.р.
4. Д-р инж. Никола Начевски, редовен професор на ТМФ,член,с.р.
5. Д-р инж. Симка Петровска-Јовановиќ, редовен професор на ПМФ, член,с.р.

Рецензија

НА ВИСОКОШКОЛСКИОТ УЧЕБНИК "МЕДИЦИНА НА ТРУДОТ" ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ЕЛИСАВЕТА СТИКОВА

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование на РМ (Сл. весник бр. 35/08), а во врска со член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на УКИМ, Наставно-научниот совет, на својата работна седница одржана на ден 5.11.2009, донесе одлука за одредување на Рецензентска комисија за учебникот „Медицина на трудот" од проф. д-р Елисавета Стикова, во состав: проф. д-р Владимир Цветанов, проф. д-р Јованка Караџинска-Бислимовска и проф. д-р Драган Даниловски.

Рецензентската комисија, откако го разгледа доставениот текст на учебникот го изготви следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

Високошколскиот учебник „Медицина на трудот" од авторот проф. д-р Елисавета Стикова е доставен на 367 страници пишуван текст, поделен во 10 тематски поглавја, збогатен со 35 слики и 37 табели. По секое поглавје е даден приказ на користената литература. Според својата содржина и методолошки пристап во прикажувањето на материјалот, текстот претставува основно учебно помагало за реализација на предметната програма по предметот медицина на трудот за студентите по медицина, со вкупен фонд од 24 часа на теоретска настава.

Во воведот авторката најнапред дава приказ на клучните одговорности на службите за здравје и безбедност на работа и на службите за медицина на трудот. Понатаму се осврнува на класификација на професионалните штетности и опасности и на еколошкиот и биолошкиот мониторинг, на што понатаму се темели прикажаната методологија за проценката на ризик на работното место и хиерархијата на превентивните мерки. Во продолжение, авторката дава детален приказ на дефиницијата, целта, содржината и условите за изведување на превентивните медицински прегледи на професионално експонираните работници и тоа во зависност од степенот на утврдениот професионален ризик на работното место. Посебно внимание е посветено на легислативниот и медицински аспект на професионалните болести, болестите во врска со работата и професионалниот трауматизам, вклучувајќи ја класификацијата на повредите, етиологијата на нивното настапување, превенцијата и статистичката обработка на податоците. Оцената на работната способност е дефинирана според законските критериуми со кои се утврдува општата и професионалната неспособност за работа и инвалидноста, како и привремената спреченост за работа, вклучувајќи ги релевантните статистички индикатори за евалуација на апсентизмот.

Второто поглавје е посветено на физичките штетности во работната средина и нивното влијание врз здравјето. За секоја физичка професионална штетност е дадена дефиницијата и основните физички карактеристики кои го детерминираат механизмот и биодинамиката на нивното штетно дејство.

Понатаму е даден приказ на клиничкиот аспект на оштетувањата на здравјето, како по однос на брзината на нивното јавување (акутни и хронични ефекти), така и според локализацијата на доминантните клинички знаци и симптоми. За секоја од овие болести се дадени критериумите и условите за нивно признавање како професионални. Во ова поглавје се обработени општите и ефектите на бучавата врз органот за слух, општите и претежно локалните вибрации, биолошките ефекти од јонизирачкото зрачење предизвикано од јонизирачки бранови и од јонизирачки честички, со осврт на единиците на радиоктивност, основата на дозиметријата и посебно личниот (персонален) мониторинг. На соодветен начин се прикажани и ефектите од некои радиоактивни изотопи (ураниум, радон), како и ефектите од статичките и осцилирачките магнетни и електрични полиња предизивикани од нејонизирачкото зрачење и препорачаните безбедносни стандарди. Со оглед на видот и карактеристиките на работниот процес, во ова поглавје се прикажани и ефектите од ултравиолетовото зрачење, микроклиматските фактори и барометарскиот притисок врз здравјето на професионално експонираните работници.

Во продолжение, авторката дава приказ на хемиските штетности во работната средина и тоа најнапред дефинирајќи ги основите на професионалната токсикологија - токсокинетиката и токсодинамиката на најчестите хемиски штетности што се среќаваат во професионални услови. Следејќи ја класификацијата на хемиските штетности, даден е евидентиран и систематски приказ на физичко-хемиските својства, употребата и професионалната експозиција, токсокинетиката и токсодинамиката, клиничката слика, лекувањето и мерките за превенција на професионалните оштетувања и заболувања предизвикани од експозиција на:

- метали и металоиди (арсен, жива, кадмиум, манган, олово и хром);
- гасови – едноставни и хемиски задушливци (јаглероден диоксид, метан, јаглероден моноксид, цијаниди); надразливци на горните и долните дишни патишта (амоњак, сулфурдиоксид, хлор, флуороводород, азотни оксиди, фозген);
- пестициди (органофосфорни, органохлорни и карбаматни пестициди);
- органски растворувачи и други хмиски соединенија (бензен, винил хлорид, халогени деривати на ацикличните јаглеководороди, полихлорирани бифенили, полициклични (ароматични) јаглеководороди и неразградливи органски загадувачи).

Следното поглавје се однесува на биолошките штетни фактори и нивното влијание врз здравјето на професионално експонираните работници. По приказот на најчестите биолошки штетни фактори, авторката најнапред дава приказ на крвно преносливите професионални заразни болести (ХИВ/СИДА, хепатитис Б, Ц и Д), со посебен осврт на причините за нивната појава, колективните и индивидуалните превентивни мерки и мерките за контрола на постекспозициската профилакса. Детално е анализирана појавата на крвно преносливите професионални заразни болести кај здравствените работници и превенцијата на повредите на работното место, како основа за намалување на професионалниот ризик. Во продолжение е даден опис на останатите професионални заразни болести (антракс, амебијаза, бруцелоза, лептоспироза,

легионерска и лајмска болест, арбовирусни инфекции со можна професионална етиологија, тетанус, токсоплазмоза, туберкулоза, хистоплазмоза, кју-грозница и пандемиски грип), при што нагласката е ставена на изворот, начинот на пренесување и можностите за професионалната експозиција, како и мерките за превенција.

По приказот на професионалните заболувања кои се јавуваат како последица на професионална експозиција на професионални физички, хемиски и биолошки штетности, авторката дава приказ на професионалните заболувања на најчесто зафатените органи и системи, а тоа се белите дробови и кожата. Консеквентно следејќи го избраниот методолошки пристап од претходните поглавја, во петтото поглавје авторката дава приказ на шест нозолошки единици кои ја карактеризираат професионалната белодробна патологија: пневмокониози, грануломатозни болести на белодробниот интерстициум предизвикани од берилиум и други метали, професионална астма, алергиски алвеолит, хронична опструктивна белодробна болест, како и акутен транзиторен респираторен синдром предизвикан од професионална експозиција.
Со оглед на фреквенцијата на јавување на професионалните белодробни болести во рамките на ова поглавје авторот се осврнува на основните дијагностички методи и постапки кои се применуваат за дијагноза на професионалните белодробни заболувања: работна анамнеза, функционални белодробни тестови, спирометрија, алерголошки и лабораториски тестирања и радиолошки тестирања. Со оглед на медико-легалното значење на дијагнозата на професионалните болести, посебно е даден приказ на последната ревизија на Меѓународната класификација на болестите ILO/2002.

Професионалните болести на кожата се поделени во две големи групи, и тоа немалигни и малигни професионални болести на кожата. Со оглед на структурата на очекуваната професионална патологија кај нас, посебен осврт е даден на немалигните професионални болести на кожата кои се класифицирани во три големи подгрупи, и тоа: професионални заболувања на кожата предизвикани од хемиски агенси (иритативен контактен дерматит, алергиски контакт дерматит, фотоалергиска реакција, фототоксична реакција, контактна уриткарија), професионални заболувања на кожата предизивикани од биолошки агенси (бактериски, вирисни, габични и паразитарни заболувања на кожата) и професионални болести на кожата предизвикани од физички агенси (механичка траума, високи температури, ниски температури, промени на кожата предизвикани од вибрации, синдром на акроостеолиза предизвикан од винил хлорид, јонизирачко зрачење, нејонизирачко зрачење).

Седмото поглавје се однесува на професионалните канцерогени материи и професионалните малигни заболувања. Професионалните канцерогени материи се прикажани според нивната класификација предложена од Меѓународната агенција за истражување на канцерот. Оваа листа на канцерогени, можни, потенцијални и веројатно канцерогени материи не е дадена во прилог на учебникот, но таа може да се најде во други објавени учебници од истиот автор. Најчестите малигни заболувања се класифицирани според нивната локализација, според етиолошкиот причинител и според стапанските гранки и дејности каде што се јавува соодветната професионална експозиција.

Следејќи ги научните и стручни сознанија кои се однесуваат на појава на нови професионални заболувања и ентитети кои ја карактеризираат современата професионална патологија, во продолжение авторката дава 3 поглавја со кои се обработуваат за нас релативно нови и сè уште недоволно афирмирани области, чие значење во професионалната патологија и во активностите за унапредување на безбедноста и здравјето на работа имаат потврдено и аргументирано значење. Тоа се „синдромот на болни згради", стресот на работното место и јавно-здравствената подготвеност за одговор на закани предизвикани од билошки, хемиски и радиолошки агенси. Кога станува збор за „синдромот на болни згради", дадени се индикаторите за утврдување на разликите меѓу синдромот на болни згради и синдромот на заболувања поврзани со зградите, како и анализа и класификација на причинителите и превенција на факторите што ја условуваат нивната појава. Како посебен ентитет е дадена мултипната хемиска сензитивност.

Во поглавјето кое се однесува на стресот на работното место се поместени дефиницијата на професионалниот стрес, причините кои го предизвикуваат и симптомите со кои тој се манифестира кај засегнатите работници. Со оглед на етиологијата и клиничката манифестација, прикажани се неколку категории, како што се вознемирување на работното место, синдромот на согорување „burnout" и насилството поврзано со работата. Во текстот се дадени фазите во развојот на клиничката манифестација и симптомите и знаците што се јавуваат како последица на стрес на работното место, како и акциите што е неопходно да се преземаат со цел за негово намалување и елиминирање.

Последното поглавје опфаќа содржини што се однесуваат на методологијата на планирање и одговор на закани предизвикани од хемиски, биолошки и радиолошки агенси, како и категоризацијата на последиците што тие можат да ги предизвикаат: итни состојби, катастрофи и кризи. Нагласката е ставена на подготовките за одговор во случај на индустриските несреќи и технолошки инциденти и хаварии. Посебно е укажано на потребата за меѓусебна поврзаност на постапките што треба да се преземаат пред, за време и по катастрофата, а тоа се соодветно планирање, превенција, подготовка, одговор и опоравување. Преку афирмирањето на мултидисциплинарниот пристап авторката дава теоретски модел за подготовка на планови за подготвеност и активности што треба да се преземат при индустриска катастрофа, а со цел за минимизирање на последиците. Со оглед дека индустрискиот сектор може да биде сериозна причина за појава на настан што би ја загрозувал и меѓународната безбедност, авторот дава кус осврт на значењето на Меѓународниот здравствен правилник, кој е единствениот обврзувачки документ за следење на тие појави, од што произлегува и потребата за воспоставување на систем за известување и пријавување на индустриските хаварии, т.е. акцидентите предизвикани од биолошки, хемиски и радиолошки агенси со индустриско потекло. Во самата завршница е дадена класификација на агенсите кои можат да се употребат како средства за тероризам и масовно уништување. Причината произлегува од фактот дека станува збор за хемиски и биолошки агенси кои предизвикаат сериозно оштетување на здравјето, а во такви ситуации докторите се наоѓаат во првата линија на одговор. Оттука тие треба да имаат основно познавање за тоа како да се заштитат себеси и како да обезбедат навремена и етиолошка

дијагноза и соодветна терапија во случај на итен настан, катастрофа, криза или терористички напад.

**ЗАКЛУЧОК:** Предложениот текст од авторот на учебникот „Медицина на трудот", проф. д-р Елисавета Стикова, во целост ја афирмира програмата по предметот Медицина на трудот, а со тоа обезбедува можност за солидна едукација на учесниците во процесот на едукацијата. Но не само тоа, применувајќи современа терминологија за одредени појави, им ја дообјаснува на слушателите на овој предмет потребата и начинот на примената на актуелната медицинска легислатива донесена непосредно пред издавањето на оваа едиција, која е во согласност со современите европски норми за превенцијата на здравјето и безбедноста на учесниците во работниот процес.
Покрај описот на „класичните" нокси и нивните можни оштетувања на одделни органи и системи, во книгата се поместени поглавја кои на прв поглед имаат футуристички аспект. Но со оглед на новините во технолошкиот процес на производството, авторката со право ги информира идните лекари и учесници во тимскиот пристап во заштитата на здравјето на работниците. Овде секако треба да се истакне „синдромот на болни згради", стресот на работното место и потребата од подготвеност на закани предизвикани од биолошки, хемиски и радиолошки агенси. Ако некогаш ваквите појави биле дефинирани како можни настани и предупредувања, авторката ваквите можности ги трансформира во реалност и потреба од сериозна подготовка за нивна превенција и справување со последиците.

Книгата има современ и актуелен концепт, односно јавноздравствениот аспект и клиничката симптоматологија се застапени во избалансирана мера за да читателот добие целосни и модерни информации. Текстот е лесно читлив и разбирлив, без непотребни повторувања на одредени факти, што читателот, во случајов, Комисијата ја наведува на помисла дека пред себе има автор кој е исклучително добро информиран за современите текови од областа на медицината на трудот и пошироко.

**ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија наведена во преамбулата на извештајот, му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да го прифати **извештајот за текстот насловен како „Медицина на трудот" од проф. д-р Елисавета Стикова** и да го одобри за користење како високошколски учебник по предметот медицина на трудот.

Комисија

Проф. д-р Владимир Цветанов с.р.

Проф. д-р Јованка Караџинска-Бислимовска с.р.

Проф. д-р Драган Даниловски с.р.

Рецензија

НА ВИСОКОШКОЛСКИОТ УЧЕБНИК
"МЕДИЦИНА НА ТРУДОТ"
(УРЕДНИК: ПРОФ. Д-Р ЈОВАНКА КАРАЏИНСКА-БИСЛИМОВСКА, ДОЦ. Д-Р ЈОРДАН МИНОВ, Д-Р СНЕЖАНА РИСТЕСКА-КУЧ, АС. Д-Р ДРАГАН МИЈАКОСКИ И АС. Д-Р САШО СТОЛЕСКИ)

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование на РМ (Сл. весник бр. 35/08), а во врска со член 53 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на УКИМ, Наставно-научниот совет, на својата работна седница одржана на 5.11.2009 год., донесе одлука за определување на Рецензентска комисија за учебникот „Медицина на трудот" од авторите проф. д-р Јованка Караџинска-Бислимовска, доц. д-р Јордан Минов, д-р Снежана Ристеска-Куч, д-р Драган Мијакоски и д-р Сашо Столески, во состав: проф. д-р Владимир Цветанов, проф. д-р Елисавета Стикова и проф. д-р Драган Ѓорѓев.

Откако го разгледа доставениот текст на учебникот, Рецензентската комисија го изготви следниов:

## извештај

Високошколскиот учебник „Медицина на трудот" од авторите проф. д-р Јованка Караџинска-Бислимовска, доц. д-р Јордан Минов, д-р Снежана Ристеска-Куч, ас. д-р Драган Мијакоски и ас. д-р Сашо Столески, под редакција на проф. д-р Јованка Караџинска-Бислимовска, е доставен на 508 страници, материјалот е поделен во 22 поглавја и содржи 54 слики, 21 табела и 9 шеми, листа на кратенки и индекс на поими. Кон секое поглавје е приклучена користената литература (вкупно 532 референци).

Во воведниот дел од учебникот се презентирани основните принципи, задачи и цели во медицината на трудот со актуелностите, перспективите и насоките за развој и дејствување во иднина. Во овој дел, исто така, е прикажан историскиот развој на оваа дисциплина во светот, а посебно значење е дадено на историја на медицината на трудот во Р. Македонија.

Во второто поглавје се прикажани физиолошките и психолошките аспекти и ергономските принципи на работата. Во третото поглавје се обработени основните елементи на анализата и здравствената оцена на работната средина. Во ова поглавје, исто така, е даден општ приказ на професионалните штетности (физички, хемиски, биолошки, психосоцијални и ергономски), дефиниран е професионалниот ризик и претставена е методологијата на анализата на ризикот. Во четвртото поглавје се

обработени превентивните активности од доменот на медицината на трудот, односно техничките, медицинските и законските превентивни мерки и нивното значење во различните нивоа на превенција (примарна, секундарна и терцијарна превенција). Во петтото поглавје е даден општиот приказ на професионалните болести, болестите во врска со работата и повредите при работа, со посебен осврт на нивните јавноздравствени, епидемиолошки, клиничко-превентивни и легислативни аспекти. Во шестото поглавје се обработени целите, индикациите и методологијата на оцената на работната способност. Во ова поглавје се прикажани медицинските и легислативните аспекти на категориите инвалидност, привремена спреченост (неспособност) за работа, општа и професионална неспособност за работа и професионална рехабилитација.

Во наредните поглавја се обработени специфичните професионални штетности со штетните ефекти што тие можат да ги предизвикаат врз здравјето на експонираните лица. При тоа е применет унифициран концепт при обработувањето на сите професионални штетности со основните карактеристики на професионалната штетност, механизмот на штетното дејство, клиничките манифестации и дијагностиката на оштетувањето, мерките за превенција на штетните ефекти предизвикани од професионалната експозиција и проценката на работната способност кај лицата со болести и повреди предизвикани од професионалната експозиција.

Во седмото поглавје се обработени физичките професионални штетности (висока и ниска температура, зголемен и намален атмосферски притисок, бучава, општи и локални вибрации, јонизирачко и нејонизирачко зрачење) и оштетувањата на здравјето што тие можат да ги предизвикаат кај професионално експонираните лица.

Во осмото поглавје е даден општ приказ на хемиските професионални штетности и основните принципи на професионалната токсикологија. Во наредните поглавја се обработени најзначајните хемиски професионални штетности, односно металите (олово, жива, кадмиум, манган, никел, хром и берилиум), гасовите (асфиктични и иритативни гасови и гасови со системски токсични дејства), органските соединенија (бензен и хомолози, органохлорни растворувачи и винил хлорид) и пестицидите (органофосфорни и органохлорни пестициди).

Во деветтото поглавје се обработени биолошките професионални штетности, а посебно внимание е посветено на професионалните инфективни болести, како што се крвнопреносливите инфективни болести (хепатитот Б и Ц и синдромот на стекнат имунолошки дефицит), инфективните болести што се пренесуваат преку воздухот (респираторни вирусни инфекции и туберкулоза) и професионалните зоонози (бруцелоза, пситакоза/орнитоза, туларемија, лептоспироза и антракс). Во ова поглавје се обработени и алергиските болести предизвикани од професионалните биолошки штетности со посебен осврт на алергијата на латекс.

Психосоцијалните штетности се обработени во десеттото поглавје, при што посебно внимание е посветено на стресот на работното место со синдромот на исцрпување и мобингот на работното место.

Наредните поглавја од учебникот се посветени на најчестите и најзначајните болести од професионалната патологија (професионалните болести и болестите во врска со работата), со посебен осврт на нивните епидемиолошки, клиничко-превентивни и јавноздравствени аспекти.

Во единаесеттото поглавје се обработени професионалните болести на белите дробови, односно даден е општ приказ на професионалните белодробни болести, а одделно се обработени силикозата со актуелната радиолошка класификација на пневмокониозите, болестите на белите дробови и плеврата предизвикани од професионална експозиција на азбест, професионалната астма, алергискиот пневмонитис, хроничната опструктивна белодробна болест, акутниот иритативен респираторен синдром, акутните инхалаторни трески и бисинозата.

Во дванаесеттото поглавје се обработени професионалните болести на кожата, а, со оглед на неговото значење за професионалната патологија, посебно внимание е посветено на професионалниот контактен дерматит. Во тринаесеттото поглавје се обработени професионалните оштетувања на црниот дроб со посебен осврт на токсичниот хепатит.

Болестите на локомоторниот систем предизвикани од професионалната експозиција се обработени во четиринаесеттото поглавје од учебникот, при што посебно внимание е посветено на лумбалниот синдром и синдромот на карпалниот канал.

Во петнаесеттото поглавје се обработени професионалните оштетувања на репродуктивниот систем, а во шеснаесеттото-малигните болести на различните органи и системи поврзани со професионалната експозиција.

Во седумнаесеттото поглавје од учебникот се претставени целите, задачите, регулативната рамка и елементите на промоцијата на здравјето на работното место. Новите предизвици во медицината на трудот, како што се молекуларната генетика, нанотехнологијата и можните професионални ризици, подготвеноста на работниците за одговор на катастрофи, како и прашањата за здравствениот менаџмент и информациските системи во медицината на трудот се обработени во осумнаесеттото поглавје од учебникот.

Последните две поглавја од учебникот претставуваат практикум во кој се обработени актуелните методи за квалитативно и квантитативно одредување на професионалните штетности во работната средина (аерозагадување, микроклима, бучава, осветленост и др.), како и основната методологија на испитувањето на функционалната способност на одделни органи и системи во согласност со барањата и карактеристиките на работното место (антропометрија, проценка на кардиореспираторната

функционална способност, испитувања на сетилата за вид и слух, психодијагностички тестови и др.).

**ЗАКЛУЧОК:** Предложениот текст од авторите проф. д-р Јованка Караџинска-Бислимовска, доц. д-р Јордан Минов, д-р Снежана Ристеска-Куч, д-р Драган Мијакоски и д-р Сашо Столески, под редакција на проф. д-р Јованка Караџинска-Бислимовска, претставува колективен труд на авторите вработени во Институтот за медицина на трудот на Р. Македонија, Скопје - Колаборативен центар на СЗО за медицина на трудот, кој ќе обезбеди успешна реализација на наставно-научниот процес и усвојување на бараните знаења и вештини во областа на медицината на трудот во согласност со програмата на Медицинскиот факултет за додипломска настава, односно за едукација на студентите на општа медицина и на студентите на тригодишните студии (сите насоки). Исто така, учебникот претставува корисно учебно помагало и за студентите на постдипломските студии во чии рамки се изучува предметот медицина на трудот, како и за специјализантите по медицина на трудот и други специјализации.

Во учебникот за првпат, покрај историскиот развој на медицината на трудот во светски рамки, се изнесуваат податоците за нејзиниот развој во Р. Македонија и се споменуваат најважните личности што во него учествувале. Исто така, при обработувањето на одделните поглавја се користени податоците од истражувањата на професионалната патологија од македонските автори кои се цитирани во литературата. Посебен акцент е ставен на актуелната позиција на медицината на трудот во рамките на медицинските науки во нашата земја, како и на документите (планови и стратегии за развој) коишто го трасираат нејзиниот натамошен развој.

Учебникот има актуелен и современ концепт, напишан е на достапен и разбирлив начин, а при обработувањето на ентитетите од професионалната патологија потенциран е нивниот јавноздравствен аспект. Во обработувањето на одделни ентитети повеќе од вообичаено се истакнати нивните клинички аспекти што на учебникот му дава еден нов квалитет. Исто така, посебно обележје претставуваат приказите на случаи со кои завршува теоретската обработка на одделните ентитети, од кои голем број се од личното искуство на авторите, со што учебникот станува подостапен и поинтересен за оние на коишто им е наменет.

Покрај обработката на класичните ентитети од професионалната патологија, во учебникот за првпат се претставени ентитети кои досега не се обработувани кај нас, како што се синдромот на болни згради, синдромот на мултипна хемиска сензитивност, мобингот, синдромот на согорување и др. Исто така, за првпат во нашата стручна литература се прикажани и новите предизвици на медицината на трудот, како што се примената на молекуларната генетика во медицината на трудот, нанотехнологијата и можните професионални ризици, подготвеноста на работниците за одговор на катастрофи и др.

Особено значење за квалитетот на учебникот има Практикумот по медицина на трудот кој претставува негов суплемент, а во кој е презентирана

актуелната методологија на биолошкиот и амбиенталниот мониторинг. Практикумот е во согласностклад со наставните програмите на Медицинскиот факултет, а освен за студентите, ќе биде од голема корист и за секојдневната работа на специјалистите по медицина на трудот и другите специјалности кои доаѓаат во контакт со професионалната патологија.

**ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија, наведена во преамбулата на извештајот, на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му предлага да го прифати **извештајот за текстот насловен како „Медицина на трудот", под редакција на проф. д-р Јованка Караџинска-Бислимовска, од авторите проф. д-р Јованка Караџинска-Бислимовска, доц. д-р Јордан Минов, д-р Снежана Ристеска-Куч, ас. д-р Драган Мијакоски и ас. д-р Сашо Столески,** и да го одобри за користење како високошколски учебник по предметот медицина на трудот.

Комисија

Проф. д-р Владимир Цветанов с.р.

---

Проф. д-р Елисавета Стикова с.р.

---

Проф. д-р Драган Ѓорѓев с.р.

---

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ДЕТСКА И ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата редовна 9. седница одржана на 16.6.2010 година, по предлог на Кадровскиот одбор, а во врска со распишаниот Конкурс за избор на наставници и соработници во сите звања објавен во весниците Вечер и Лајм, на 2.6.2010 година донесе одлука за формирање рецензентска комисија за избор на асистент по група предмети од областа детска и превентивна стоматологија, во состав:

-проф д-р Иљовска Снежана, д-р сци
- проф.д-р Миле Царчев, д-р сци
- проф.д-рМарија Накова, д-р сци

На распишаниот конкурс за асистент на група предмети од областа детска и превентивна стоматологија, се пријавија ас. д-р Александар Филдишевски и д-р Ана Ристеска.

По разгледувањето на приложената документација, Рецензентската комисија има чест до Наставно - научниот совет да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ас. д-р Александар Филдишевски

Д-р Александар Филдишевски е роден на 28.11.1968 година, во Скопје.
Основно училиште завршил во ОУ "Јан Амос Коменски", а средно - во МУЦ "Д-р Панче Караѓозов" во Скопје.
На Стоматолошкиот факултет се запишал во учебната 1988/89 година, а дипломирал во 1993.
По завршувањето на студиите го извел задолжителниот лекарски стаж, а веднаш потоа го положил и стручниот испит.
Од 1993 година е вработен како клинички лекар на Клиниката за детска и превентивна стоматологија при Стоматолошкиот клинички центар во Скопје.
Во учебната 1993/94 година се запишал на постдипломски студии по предметот детска и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Во март 2007 година го одбранил магистерскиот труд под наслов "Примена на Er: Yag ласер во ендодонска терапија на трајни заби со гангренозно распаднатата пулпа".
Специјализацијата по предметот детска и превентивна стоматологија на Стоматолошкиот клинички центар во Скопје ја започнал на 1995 година, а ја

завршил во 1999 година и се здобил со звањето специјалист по детска и превентивна стоматологија.
Во 1997 година бил избран за помлад асистент на Катедрата за детска и превентивна стоматологија при Стоматолошкиот факултет во Скопје, во кое звање бил реизбран уште во два мандата.
Во март 2007 година со успех го одбрани магистерскиот труд под наслов "Примена на Ер: Sar ласер во ендодонска терапија на трајни заби со гангренозно распадната пулпа".
Истата година бил избран за асистент на Катедрата за детска и превентивна стоматологија при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

## НАСТАВНО - НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Ас. д-р Александар Филдишевски активно е вклучен во изведувањето на практичната настава за студентите по група предмети од областа на Детската и превентивна стоматологија. Повеќе пати бил ментор на студентски теми на конгреси на студенти по стоматологија.

За одбележување се неговите следни активности;

- Во 2001 година престојувал на стручна обука на Универзитетот во Aachen, Германија, кај проф. д-р. Norbert Gutknecht каде што се запознал со практичната примена на ласерите во стоматологијата;
- остварил студиски престој во мај 2009 година кај проф. д-р. John W. Nicholson во School of Chemical and Life Sciences, University of Greenwich, UK;
- учество на едукативниот семинар во април 2010 во Велес под мотото,, Здрави заби - добро здравје.

За пројавената научна, стручна и општествена активност одликуван е со Благодарница од Стоматолошкиот факултет во Скопје во 1998 година и Пофалница од Македонската лекарска комора во 2000.
Работи со компјутери- Основно познавање на Winows HP, Internet, MS Office.
Ас. д-р Александар Филдишевски активно се служи со англискиот јазик.

## ПУБЛИЦИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

Активно учествува на презентации на стручни состаноци, како и со теми на многубројни собири, симпозиуми и конгреси во земјата и во странство.

Публицистичкиот опус на ас. д-р Александар Филдишевски изобилува со бројни статии објавени во домашни и странски списанија каде што се јавува како автор и коавтор. Според редоследот на изработувањето на трудовите кои се рецензирани за досегашните избори и реизбори д-р Филдишевски ги има објавено следниве трудови:

- трудовите со реден број 1-3 се рецензирани во Билтенот на УКИМ број 710 од 1997 година;

- трудовите со реден број 4-11 се рецензирани во Билтенот на УКИМ од 2000 година;

- трудовите со реден број 12- 24 се рецензирани во Билтенот на УКИМ број 914 од 2007 година

За реизбор во звањето асистент по група предмети на Катедрата за детска и превентивна стоматологија кандидатот ги поднесе следниве трудови:

**Рецензирани трудови:**

1.**Филдишевски** А., Гричаровски А., Стаменковски Т., Богдановски С., Сотировска А., Забокова Е.,Идмината на ласерот при орално - хируршки интервенции. IV конгрес на стоматолозите на Македонија, Охрид, 2006 (Рецензиран во Билтенот на УКИМ бр.944 од 2007 година)

2.Жабокова-Билбилова Ефка, Сотировска-Ивковска А, Филдишевски А, Амбаркова В, Стефановска Е: THE ROLE OF SALIVARY BUFFER SYSTEM UPON THE OCCURRENCE OF DENTAL CARIES. 4. Конгрес на стоматолозите на Македонија со меѓународно учество: Охрид, 2006: 16 (Рецензиран во Билтенот на УКИМ бр.944 од 2007 година)

**Нерецензирани трудови:**

1.E. Zabokova-Bilbilova, B. Bajraktarova, A. Sotirovska-Ivkovska, **A. Fildisevski**: ANALYSIS OF BUFFER VALUE OF BICARBONATE IN SALIVA. Balk J of Stom, 2007;11:167-170

Авторите заклучуваат за несомнената улога на саливата во оралното здравје и капацитетот што го има за неутрализација на киселините кои се наоѓаат во усната празнина. Вредностите на бикарбонатите во плунката можат да послужат како параметри за детерминирање на ризикот за кариес кај пациентите според кои понатаму може да се планираат и спроведат мерки за превенција од кариес.

Трудот има научно - апликативен карактер.

2. E. Zabokova-Bilbilova, A. Sotirovska-Ivkovska,Z.Geogiev, **A. Fildisevski** ; CHEMICAIL ASPECTS OF SALIVA AS INDICATORS OF RISK FOR DENTAL CARIES. 12[th] Congress of the Balkan Stomatological Society (Proceedings) Istanbul.: Balkan Stomatological Society. 2007:30-31.

Авторите во трудот го третираат проблемот на бикарбонатните јони и останатите јони во саливарни компоненти кои имаат улога во неутрализацијата на киселините, при што може да се детерминира вредноста на pH на плунката поземен оброк. Резултатите од оваа студија спроведена кај 60 деца на возраст од 16 години би ни помогнала за утврдување на улогата на вредностите на pH на плунката како ризик Ђ фактор за појава на кариес.

Трудот има клиничко - апликативна вредност.

3. **Филдишевски А.** Ѓоргиевска Е., Ѓорговски И., Стевановиќ ММ.
УПОТРЕБА НА ГЛАС - ЈОНОМЕР ЦЕМЕНТ КАКО КОСКЕН СУПСТИТУТ (ин виво студија) Македонски стоматолошки преглед бр. 3-4, 2008.
Трудот има научно - апликативен карактер.

Авторите на овој труд ја опсервираат употребата на ГЈЦ како коскени супститути кои имаат позитивни ефекти врз коскената регенерација што укажува дека ГЈЦ претставуваат биолошки компатибилен материјал кои помага за заздравување на коскеното ткиво.

Трудот има научно - апликативен карактер.

4. Филдишевски А., Ѓоргиевска Е., Жабокова-Билбилова Е., Филдишевска К.
ЛАСЕР ВО ЕНДОДОНТСКИ ТРЕТМАН - КЛИНИЧКА СТУДИЈА;5Конгрес на стоматолозите од Македонија, Охрид, 2009.

Авторите со овој труд докажале дека ласерите се покажале како применливи и ефикасни средства за обработка и дезинфекција на кореновите канали. Нивната употреба во ендодонтската терапија доведува до ефикасна и сигнификантна елиминација на бактериската контаминација. Со нивното воведување во областите на конзервативната стоматологија, ендодонтската постапка е збогатена со мноштво на нови методи на третман кои драматично ги зголемија шансите за успешен исход на третманите.

Трудот има клиничко - апликативна вредност.

**2. Д-р Ана Ристеска**

Д-р Ана Ристеска е родена на 27.8.1080 година, во Охрид.
Средно образование заврШила во ЦСО „СВ.Климент Охридски„ насока: општа гимназија во Охрид.
На Стоматолошкиот факултет дипломирала во 2007 година.
По завршувањето на студиите и задолжителниот лекарски стаж го положила стручниот испит во 2007 година.
Од октомври 2007 до март 2009 година волонтирала во ПЗУ„Ортолик во Охрид.
Има познавање од работата со компјутери - основно познавање на Winows HP, Internet, MS Office (World, Exel, Outlook, Pawer Point)
Д-р Ана Ристеска активно се служи со англискиот, српскиот и хрватскиот јазик.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на доставените материјали за двата кандидата за избор на асистенет по група предмети од обласа на детската и превентивна стоматологија, Комисијата му дава предност на ас. д-р Александар Филдишевски од причина што другиот кандидат не ги исполнува условите за избор за асистент согласно со законските прописи.
Образложение

Д-р Александар Филдишевски во својата стручна и научна досегашна кариера забележливо е дека има вложено многу труд, за што се доказ неговите бројни учества на симпозиуми, семинари и курсеви со сопствени и оригинални трудови во земјава и надвор од неа. Неговата сериозност и пристап кон научната и педагошката работа и даваат за право на Рецензетската комисија д-р Александар Филдишевски да го предложи до Наставно - научниот совет за избор за асистент по група предмети од областа на детската и превентивна стоматологија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1.Проф. д-р Снежана Иљовска с.р.

2.Проф. д-р Миле Царчев с.р.

3.Проф. д-р Марија Накова с.р.

# П Р Е Г Л Е Д
## на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| *1.* | Емилија Кусакатова | Развој и имплементација на проектниот менаџмент, со посебен осврт на менаџирањето на меѓународни проекти | д-р Васил Поповски |
| *2.* | Дарко Иљоски | Политики за привлекување странски директни инвестиции наспроти корпоративните стратегии за инвестирање во странство | д-р Силвана Мојсовска |
| *3.* | Душко Тодевски | Интерен модел за профитабилност и ефикасност на комерцијални банки | д-р Климентина Попоска |
| *4.* | Јулијана Липтова | Кредитирање на населението и кредитни производи на банкарскиот пазар во Република Македонија | д-р Биљана Ангелова |
| *5.* | Тања Kaџарска | E Banking-современ начин на дистрибуција на банкарски услуги | д-р Биљана Ангелова |
| *6.* | Ева Сарџоска | Анализа на финансиски извештаи и финансиско известување-студија на случај | д-р Биљана Ангелова |

# РЕЦЕНЗИЈА НА УЧЕБНИКОТ „СИРОМАШТИЈА – СОСТОЈБИ ВО МАКЕДОНИЈА" ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р МАРИА ДОНЕВСКА, ПРОФ. Д-Р ВЕСНА ДИМИТРИЕВСКА И М-Р БЛАГИЦА НОВКОВСКА

Со одлука бр. 12/718/2 од 15.6.2009 година на Наставно-научниот совет при Филозофскиот факултет ВО Скопје, определен сум за рецензент на учебникот *Сиромаштија (состојби во Македонија),* од авторите проф. д-р Мариа Доневска, проф. д-р Весна Димитриевска и м-р Благица Новковска. По разгледувањето на ракописот го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Трудот *Сиромаштија (состојби во Македонија),* од авторите д-р Мариа Доневска, д-р Весна Димитриоска и м-р Благица Новковска, содржи околу 200 страници - основен текст, прилози и користена литература. Материјата во трудот е структурирана во 10 глави, и тоа:

- *Теории за сиромаштијата* - во оваа глава, имајќи го предвид периодот на нивното настанување, елаборирани се неколку позначајни теории на сиромаштијата, почнувајќи од теоријата на либерализмот, па сè до класно-конфликтната теорија.
- *Сиромаштијата, нееднаквоста и општествената стратификација* - во оваа глава е анализирана врската меѓу сиромаштијата, нееднаквоста и општествената стратификација. Притоа, посебен акцент е ставен на: факторите кои влијаат врз нееднаквоста во дистрибуцијата на приходите, мерењето на нееднаквоста, Лоренцовата крива, Џини-коефициентот и Атконсоновиот нормативен индекс.
- *Поим, концепти и методи за мерење на сиромаштијата* - во оваа глава најпрвин е дефиниран поимот „сиромаштија", а потоа се елаборирани основните концепти за мерење на сиромаштијата (апсолутниот, релативниот и субјективниот концепт). Изборот на алатките (мерилата) неопходни за мерење на сиромаштијата е направен преку: главниот збирен индекс, индексот на длабочина на сиромаштијата и индексот на острина на сиромаштијата. Главата завршува со анализа на изворите на податоци неопходни за мерење на сиромаштијата.
- *Линии на сиромаштија* - во оваа глава авторите укажуваат на различностите во линиите на сиромаштија (апсолутната линија на сиромаштија, релативната линија на сиромаштија, субјективната линија на сиромаштија, правно-политичката линија на сиромаштија и линијата на сиромаштија утврдена врз база на индексите на депривијација).

- *Човекова сиромаштија* - човековата сиромаштија, како дериват од концептот (теоријата) на човековиот развој, е предмет на анализа на оваа глава. Во основа, станува збор за мултидимензионален пристап кон третманот на сиромаштијата, при што се користени композитни мерила на сиромаштија.
- *Еквивалентни скали* - поимот, функцијата, конструкцијата и влијанието на еквивалентните скали при утврдувањето на нивото на сиромаштијата е предмет на елаборација на оваа глава. Материјата е проследена со соодветни примери, при што акцентот е ставен на ОЕЦД и ОЕЦД-модифицираната еквивалентна скала.
- *Профили на сиромаштија* - оваа глава се однесува на споредливоста на нивото на сиромаштија меѓу различните општествени групи.
- *Мерење на сиромаштијата во Република Македонија* - во оваа глава е поместена емпириската анализа за нивото на сиромаштијата во земјата, како и начинот на нејзиното мерење. Главата изобилува со бројни табеларни и графички прикази.
- *Главите 9 и 10* се однесуваат на последиците од сиромаштијата и на мерките за нејзиното намалување. Притоа, акцентот е ставен на мерките коишто ѝ стојат на располагање на Владата, преку нејзината социо-економска политика, но и на мерките кои се практикуваат или кои им стојат на располагање на вонвладините институции, како што се: хуманитарните организации, верските заедници, приватните лица и невладините организации. Главата 10 дава детален преглед на постојните стратегии, програми и останати документи кои на различен начин се поврзани со сиромаштијата во Република Македонија, што според наше мислење е особено корисен дел од учебникот, како за неговите примарни корисници - студентите, така и за пошироката научна, стручна и читателска јавност.

Од приложените материјали за релавантните студиски и предметни програми, како и од нотираните содржини на трудот и неговата анализа, можно е да се потенцираат неколку генерални квалитативни карактеристики на трудот *Сиромаштија (состојби во Македонија)* од авторите д-р Мариа Доневска, д-р Весна Димитриоска и м-р Благица Новковска:

*Прво,* трудот ги содржи стандардните содржини карактеристични за научната дисциплина сиромаштија, со што без сомнение може да се категоризира како *универзитетски учебник.*

*Второ,* станува збор за *прво издание* на учебникот.

*Трето,* учебникот е наменет за студентите на студиските програми: *социјална работа и социјална политика и социологија,* при Филозофскиот факултет во Скопје.

*Четврто,* за студиската програма по социјална работа и политика, учебникот се однесува на предметната програма *сиромаштија и социјална исклученост,* каде што фондот на часови настава изнесува *3+2* и носи *6* ЕКТЦ - кредити, додека за студиската програма по социологија, учебникот се однесува на предметната програма *социологија на нееднаквоста и сиромаштијата*, со фонд на часови настава *2+1* и *6* ЕКТЦ - кредити.

*Петто,* учебникот е во согласност со усвоените предметни програми на Факултетот.

*Шесто,* определени забелешки и сугестии, повеќето од терминолошка, структурна и техничка природа, на авторите им се пренесени во директна комуникација.

## КОНСТАТАЦИЈА И ПРЕДЛОГ

Станува збор за успешен и квалитетен труд, чија основна цел и задача е да претставува вовед во комплексната проблематика на сиромаштијата, што е видливо од избраниот пристап на авторите при третманот на материјата.

Трудот ги елаборира конвенционалните содржини на научната дисциплина сиромаштија, при што е користена изворна и релевантна литература и едноставна математичко - статистичка поддршка, приспособена на студентите од соодветните студиски години, што се смета за посебен квалитет на трудот. Трудот, воедно, може да биде корисен и за поширокиот круг читатели, надвор од социјалната струка, кои покажуваат интерес за определени социјални теми.

Стилот е јасен и остава впечаток дека авторите одлично ја владеат проблематиката. Проблемите кои од методолошка природа, сама по себе, ги создава интердисциплинарноста на трудот, кој во себе, покрај социјалната, ги опфаќа и социолошката, економската и политиколошката компонента - успешно се надминати.

Поаѓајќи од изнесените констатации и оцени за квалитетот на трудот, со особено задоволство му предлагам на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, да одобри публикување на трудот *Сиромаштија (состојби во Македонија),* од авторите проф. д-р Мариа Доневска, проф. д-р Весна Димитриевска и м-р Благица Новковска, во форма на *универзитетски учебник* по предметите сиромаштија и социјална исклученост и социологија на нееднаквоста и сиромаштијата.

Скопје, август 2010

Рецензент
Проф. д-р Димитар Ефтимоски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ *СИРОМАШТИЈА- СОСТОЈБИ ВО МАКЕДОНИЈА* ОД АВТОРИТЕ: МАРИА ДОНЕВСКА, ВЕСНА ДИМИТРИЕВСКА И БЛАГИЦА НОВКОВСКА

Како што покажува и самиот наслов на книгата *СИРОМАШТИЈА- состојби во Македонија* станува збор за труд во кое се разработува мошне актуелна општествена проблематика. Иако овој проблем не е нов, современите држави вложуваат големи напори за негово спознавање во различните димензии во кои тој се појавува. Книгата со ваков наслов се појавува во вистинско време кога на државните институции и на другите актери кои дејствуваат во оваа област им се потребни повеќе информации за феноменологијата на самата појава, за мерките со кои таа се мери, за причните и последиците од неа со цел преземање на мерки за нејзиното намалување, информации кои оваа книга ги поседува во своите содржини. Според начинот на кој е разработен проблемот на сиромаштијата во книгата, таа истовремено може да послужи и како учебно помагало за студентите коишто изучуваат општествени науки.

*СИРОМАШТИЈА- состојби во Македонија* претставува труд за кој со сигурност можеме да тврдиме дека ќе предизвика внимание кај стручната јавност од оваа област. Книгата има десет поглавја. Во првото поглавје, по кусото воведување во поимот за сиромаштијата и неговите сродни поими, се пристапува кон елаборирање на сфаќањата за сиромаштијата кај позначајните мислители од антиката до денес. Претставени се голем број на теории и наведени се голем број на теоретичари, што укажува на значителниот интерес кон овој проблем од мислителите за општеството низ различните историски периоди, како и на значењето на самиот проблем. И покрај хоризонталниот пристап во претставувањето на теориите, ова поглавје дава можност да се стекнат претстави за проблемот и да се размислува за општествените причини кои го предивикуваат овој проблем.

Во второто поглавје со наслов: *Сиромаштија, нееднаквост и стратификација* се елаборира врската меѓу сиромаштијата и разликите во приходите. Во оваа елаборација доминира статистичката методологијата на прецизно мерење на нееднаквоста во доходите (методи на групирање на семејствата според приходите, Лоренцова крива и Џини-коефициентот). Стручната публика овде ќе биде изложена пред предизвикот да се сретне со математичките модели на пресметување на разликите во доходите и релативните односи меѓу доходовните групи на

популацијата. Се разбира, без познавањето на значењето на методите и коефициентите кои се во меѓународна употеба не е можно ниту проучувањето, ниту суштинското разбирање на сиромаштијата. Меѓутоа, како забелешка во однос на ова поглавје би истакнале дека нееднаквоста и сиромаштијата се термини од социолошкото научно подрачје кои во оваа анализа не се елаборирани во контекстот на социолошката перспектива. Недостигаат посуштински заклучоци во однос на врската меѓу нееднаквостите, стратификацијата и сиромаштијата.

Третото поглавје е посветено на поимот, концепциите и методите на мерење на сиромаштијата. Авторот на ова поглавје ги елаборира концептите за сиромаштијата (апсолутниот, релативниот и субјективниот), при што се претставени предностите и недостатоците на секој од нив. И во ова поглавје доминантни содржини претставуваат мерките за мерење на сиромаштијата, како и нивното математичко пресметување (индексите на сиромаштија).

Во наредните три поглавја, кои со оглед на бројот на страниците се значително помали во однос на другите поглавја, се разработуваат пристапите во пресметувањето на линиите на сиромаштијата, се дава осврт на значењето на индикаторите за човековиот развој (Human development indicators), на индексот на сиромаштија и претставени се значењето и конструкцијата на еквавилентните скали кои ги мерат ресурсите за живеење на семејствата.

Во седмото поглавје се презентирани профилите на сиромаштија. Најпрво е воспоставена тесна врска меѓу работниот статус и сиромаштијата каде што се издвојува заклучокот дека не се само невработените изложени на ризикот на сиромаштијата, туку и вработените кои имаат пониски плати. Бидејќи работниот статус е тесно поврзан со образованието, авторот на ова поглавје заклучува дека образованието претставува клучниот фактор во поглед на сиромаштијата. Во ова поглавје посебно внимание е посветено на сиромаштијата и половата припадност при што е заклучено дека жените се изложени на поголем ризик на сиромаштија од мажите. Профилот на сиромаштијата на младите лица е претставен преку категоријата на млади од 15 до 19 години кои претставуваат исклучително значајна група кон која треба да се дејствува организирано и систематски бидејќи исклучувањето во овој период носи консеквенци низ целиот животен пат на овие поединци, а социјалното исклучување на оваа категорија води кон големи загуби, материјални и организациски, на планот на целото општество.

Во осмото поглавје се сместени содржини кои се однесуваат на мерењето на сиромаштијата во Р. Македонија. Квантитативната анализа базирана врз индексите за сиромаштијата покажува тенденција на пораст на релативната сиромаштија во последните десет години. Како метод на претставување авторот го користи методот на пресметување на релативната сиромаштија, кој пореално ја претставува ситуацијата во поглед на специфичностите на националниот контекст, аспект чие значење неколкупати е истакнато од страна на авторот.

Особено занимливо поглавје претставува поглавјето посветено на последиците од сиромаштијата. Квалитативното истражување на сирмаштијата дава можност да се согледа што значи сиромаштијата во реалното живеење на поединците и да се претстави амбиентот во кои живеат сиромашните семејства. Исто така, оваа микроскопска анализа дава можност за директно согледување на факторите кои влијаат на појавата на сиромаштијата, особено на факторите карактеристични за транзицискиот период во кој постојат длабоки структурни промени (невработеноста, ниските плати, деструкција на семејствата). Посебно се импресивни анализираните случаи кои навистина покажуваат дека за поцелосно осознавање на проблемот на сиромашните не се доволни статистичките показатели (индексите, коефициентите, индикаторите). За општеството и актерите кои дејствуваат во оваа област, сиромаштијата е проблем и општествен факт, а за сиромашните тоа е едно тешко секојдневие во кое отсуствува перспективата на иднината, секојдневие лишено од човечкото достоинство во секој поглед, е заклучокот од ова поглавје.

Мошне интересно е последното поглавје во кое се разработуваат мерките за справување со сиромаштијата. Авторот мошне елоквентно ги елаборира мерките на социјална превенција и ги презентира клучните субјекти во борбата против сиромаштијата. Борбата против сиромаштијата, како што се истакнува во овој дел, подразбира јасно дефинирање на ризичните групи (стари лица, невработени, еднородителски семејства, болни лица и лица со инвалидитет) и определување на критериумите за социјалната заштита бидејќи во превентивните мерки сè уште доминира социјалната заштита. Од квалитативната анализа се презентирани тешкотиите и недоследностите кои произлегуваат во реалноста (на терен) при определување на семејствата кои добиваат социјална помош. Споменати се и активните мерки (активен ангажман на сиромашните) за намалување на сиромаштијата кои се особено делотворни и за спречување на појавата на социјалната ексклузија. На крајот од ова поглавје

даден е кус преглед на постојните стратегии, програми и други документи кои имаат допирна точка со сиромаштијата.

Земено во целина, оваа книга претставува значаен придонес кон библиографијата од доменот на општествените науки во Р. Македонија. Станува збор за анализа на општествени проблеми за кои се покажува голем интерес, а сепак постои дефицит на библиографски единици. Посебно треба да се нагласи вредноста на самиот пристап каде што се интегрирани: статистичкиот (квантитативниот) пристап и богатството на методи што тој ги нуди во поглед на анализата на сиромаштијата и квалитативниот пристап (микроскопскиот пристап), кој проблемот на сиромаштијата го посматра одвнатре со сите последици што немаштијата ги носи (неисхранетост, болести, стрес, изолација, деструкција на личноста, лишеност од иднината). Од друга страна, иако не може да се зборува за висока комплементарност на содржините кои се пишувани од страна на тројца автори, трудот со наслов *СИРОМАШТИЈАТА- состојби во Македонија* од авторите Мариа Доневска, Весна Димитриевска и Благица Новковска претставува пионерски труд во оваа област кој навистина заслужува внимание од читачката публика. Книгата има научна и сознајна вредност и може да биде употребен во едукативните процеси, особено за постдипломските студии, како и од пошироката стручна јавност која дејствува во оваа област. Исто така, книгата е значајна референца во градењето на политиките и стратегиите за намалување на сиромаштијата во нашата држава.
Имајќи ги предвид сите овие факти, книгата со наслов: *СИРОМАШТИЈА - состојби во Македонија*, од авторите Мариа Доневска, Весна Димитриевска и Благица Новковска искрено ја препорачувам за печатење.

Рецензент

Проф. д-р Милева Ѓуровска, с.р.

Скопје,
21.8. 2010

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ *ИСТОРИЈА НА СТАРИОТ ВЕК* И *ИСТОРИЈА НА АНТИЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ* НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во дневниот весник „Дневник" од четврток, 13 мај 2010, за избор на наставник во научните области Историја на стариот век и историја на античките Македонци, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата IX редовна седница одржана на 15.6.2010 година, определи Комисија во состав: *проф. д-р Наде Проева, доц. д-р Петар Делев и проф. д-р Бруна Кунтиќ-Маквиќ.*

Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се пријави само еден кандидат, д-р Војислав Саракински, досегашен асистент при Институтот за историја на Филозофскиот факултет во Скопје.

По направената анализа на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатот д-р Војислав Саракински е роден на 17. 5. 1975 година во Скопје, каде што ги завршил сите степени од образованието. Студиите на Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет во Скопје ги завршил во 1998 година, со просечен успех 10,00. Дипломирал со темата „Атематскиот датив во ајолските и аркадо-кипарските дијалекти", како резултат на неговиот интерес за лингвистиката, индоевропеистиката и хеленската дијалектологија.

На Институтот за историја ги завршил постдипломските студии на насоката *историја на античките Македонци* во 2003 година, кога го одбранил и магистерскиот труд со наслов *Decepta Peloponnesia: Македонија и атинскиот експанзионизам (478-413 ст.е.)*, со што се здобил со научен степен магистер на историски науки.

На 30 април 2010, пред Комисијата во состав: проф. д-р Наде Проева (ментор), акад. проф. д-р Витомир Митевски, акад. проф. д-р Петар Хр. Илиевски, доц. д-р Петар Делев и проф. д-р Бруна Кунтиќ-Маквиќ ја одбранил докторската дисертација со наслов *Persomacedonica: македонското и персиското кралство од 512 до 336 год. ст.е.*, со што се здобил со научниот степен доктор на историски науки.

## Наставно-образовна дејност

Од летниот семестар на учебната 2000/2001 кандидатот бил ангажиран како демонстратор по предметите *историја на стариот век* и *историја на античките Македонци*. На 18 април 2002 бил избран за помлад асистент по споменатите предмети, а со статус на вработен се стекнал на 29 август 2003. Почнувајќи од учебната 2004/05 година, ги држел семинарските вежби по

предметите *историја на античките Македонци до 323 ст.е., историја на античките Македонци 323 ст.е - 313 н.е., историја на Стариот Исток, историја на Стара Грција* и *историја на Стариот Рим* за групите *историја* и *класични студии*; учествувал во наставата по предметот *општа историја до XVI век* (делот за античкиот период), за групата *археологија*, под менторство на раководителот на Институтот за историја; му била доверена наставата по предметите *историја на античките Македонци, историја на стариот век 1* и *историја на стариот век 2* за групите *историја со архивистика* и *археологија*, под менторство на проф. д-р Наде Проева.

По последната реформа на наставните програми според ЕКТС на Филозофскиот факултет, ги држи семинарските вежби по предметите: *историја на стариот век 1, религија и култура на античките Македонци, историја на античките Македонци* и *историја на македонските хеленистички монархии*; под менторство на проф. д-р Наде Проева, држи настава по предметите *антички писма и извори, историја на стариот век 2* и *историја на Римската Империја* (4,5, односно 6,0 поени)

Во својата наставно-образовна дејност, кандидатот одржува консултации со голем број студенти на неколку институти на Филозофскиот факултет (0,24 поени), а бил и член на Комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (0,1 поен). Предавал и учествувал на летната школа *Docendo discimus*: *развој и имплементација на мастер студии по дидактика на класичните јазици*, FLSH Neuchatel & Здружение на класични филолози „Антика" (1,5 поени). Автор е на преводот на учебникот: Фанула Папазоглу, *Историја на епигоните (280-168 година ст.е.), Historia Antiqua Macedonica* 9, Скопје, 2009, што се користи во наставата по предметите *историја на античките Македонци* и *историја на македонските хеленистички монархии* на Институтот за историја при Филозофскиот факултет (3 поени).

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138 од 6 јули 2009 година), кандидатот д-р Војислав Саракински од наставно-образовната дејност остварил 15,34 поени и со тоа го надминал минималниот број поени (10) потребни за избор во звањето доцент.

## Научноистражувачка дејност

Научноистражувачката дејност на кандидатот се состои од следниве активности: изработка и одбрана на магистерски труд на Институтот за историја во 2003 година, со наслов: *Decepta Peloponnesia: Македонија и атинскиот експанзионизам (478-413 ст.е.)* (4 поени) и изработка и одбрана на докторската дисертација во 2010 година, со наслов: *Persomacedonica: македонското и персиското кралство од 512 до 336 год. ст.е.* (8 поени).

Во научноистражувачката активност на д-р Војислав Саракински се вбројуваат и тринаесет труда објавени во научни и стручни списанија.

Кон пријавата, д-р Војислав Саракински приложи седум авторски труда со оригинални научни резултати што се објавени во научни/стручни списанија:

- „За трговијата и војната: Македонија и Атина под товарот на заемната зависност", *Годишен зборник на Филозофскиот факултет* 57 (2004), стр. 299-312;

- „За транскрипцијата на старогрчките антропоними и топоними на македонски јазик", *Јазичнаūа ūолиūика и сūаūусоū на македонскиоū јазик (зборник на ūрудови од научниоū собир)*, Скопје, 2005, стр. 141-162, (со Р. Дуев);
- „Кикерон, Помпеј и Македонија", *Гласник на ИНИ* 49.1-2 (2005), стр. 113-139, (со С. Пановски);
- „Inter fugae pugnaeque consilium: Античката историја како вонтекстуален клуч во наставата по латински јазик", *Systasis* 9 (2006), http://www.systasis.org.mk/aktivnosti.asp;
- „Дискретната смрт на методологијата", *Исūорија* 42.1-2 (2006), стр. 165-177;
- „По трагите на една „епифанија": Мотивот на Пан и политичката пропаганда на Антигон Гоната", *Patrimonium.mk III* (2010), стр. 139-151 (со С. Пановски);
- „Македонското кралство и (не)приликите на хегемонот", *in* М. Манојловски *et al.*, *Зборник ūо ūовод шеесеūгодишнинаūа на Инсūиūуūоū за исūорија*, во печат.

Исто така, приложени се уште шест стручни трудови, што всушност се детални критички прикази на стручни трудови објавени во странство, а содржат стручна дискусија и полемика на широка лепеза теми од античката и поновата историја:

- *Жива анūика* 45 (1995), стр. 437-443 (Evelyne Scheid - Tissinier, *Les usages du don chez Homère, Presses Universitaires de Nancy*, 1994);
- *Жива анūика* 49 (1999), стр. 230-238 (Claude Brixhe et al., *La koiné grecque antique, Presses Universitaires de Nancy*, 1993, 1996);
- *Жива анūика* 53 (2003), стр. 72-82 (Olivier Picard et al., *Royaumes et cités hellenistiques de 323 à 55 av. J.-C.*, Sedes, 2003.);
- *Жива анūика* 54 (2004), стр. 194-200 (Pierre Cabanes et Jean-Luc Lamboley (eds.), *L'Illyrie méridionale et l'Epire dans l'antiquité*, actes du IVe colloque international de Grenoble (10-12 octobre 2002), De Boccard, 2004);
- *Исūорија* 41 (2005), стр. 215-220 (Άννα Αγγελοπούλου, *Ο Κ. Π. Μίσιρκοφ (1874-1926) καί η κίνηση των «μακεδονιστών»*, University Studio Press, Θεσσαλονίκη 2004);
- *Жива анūика 60* (2010), во печат (Daniele Berranger-Auserve (ed.), *Epire, Illyrie, Macedoine...*, Melanges offerts au professeur Pierre Cabanes, CRCA: Collection *ЕРГА*, Recherches sur l'antiquite 10, Presses Universitaires Blaise Pascal, Clermont-Ferrand, 2007, pp. 414.

Кандидатот е автор и на два написа на стручни теми објавени во популарната периодика, одржал две јавни предавања и бил учесник на еден научен собир и во еден национален проект (в. образецот подолу).

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138 од 6 јули 2009 година), кандидатот д-р Војислав Саракински од научноистражувачката дејност остварил вкупно 68,8 поени и со тоа повеќекратно го надминал минималниот број поени (15) потребни за избор во звањето доцент.

## Стручно-апликативна дејност

Во рамките на стручно-апликативната и експертска активност на д-р Војислав Саракински може да се издвојат неколку активности.

Кандидатот е учесник/соработник на една енциклопедија и еден речник кој, за жал, сè уште не излегол од печат:

- проф. д-р В. МИТЕВСКИ, лектор Д. ЧАДИКОВСКА (едс.), *Старогрчко - македонски речник*, Скопје, во подготовка за печат;
- Мианова општа енциклопедија, I-IV, Скопје, 2006.

Низа преводи од класични јазици и уводни студии:

- Корнелиј Такит, *Германија / Агрикола*, Култура, Скопје, 1999 (со В. ДИМОВСКА - ЈАЊАТОВА);
- Светониј Транквил, *Дванаесетте римски цареви*, Култура, Скопје, 2001 (со В. ДИМОВСКА - ЈАЊАТОВА);
- Лукијан од Самосата, *Како треба да се пишува историја*, Аз-Буки, Скопје, 2004;
- Плутарх, *Напоредни животописи: ликови од историјата на древна Македонија*, *Historia antiqua Macedonica* 7, Скопје, 2008;
- Синан Гуцевиќ, „Римски епиграми 1986-1998", *Наше писмо* 27, Скопје, јули 1999;
- „За немирниот беседник и неговите стрели", *in* Лукијан од Самосата, *Како треба да се пишува историја*, Аз-Буки, Скопје, 2004;
- „Публиј Корнелиј Такит" *in* Такит, *Анали*, превод од латински и поговор Љ. БАСОТОВА, Три, Скопје, 2005.

Освен ангажирањето во потесното стручно подрачје во кое се имплементирани теоретските сознанија, д-р Војислав Саракински реализирал и други професионални и општествени дејности (од поширок интерес).

Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.138, од 6 јули 2009 година), кандидатот д-р Војислав Саракински го надминал минималниот број поени (5) што се услов за избор во звањето доцент.

## ПРЕДЛОГ И ЗАКЛУЧОК

Комисијата констатира дека кандидатот д-р Војислав Саракински повеќе од успешно ги реализирал задачите поврзани со наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност. Оценките за постарите научни и стручни трудови на кандидатот се веќе објавени во извештаите при конкурсите за избор во претходните звања (арх. бр. 04-1933/01 од 18.4.2002, бр. 04-296/6 од 4.11.2004 и бр. 04-482/2 од 9.7.2007), а оценката за неговата докторска дисертација е објавена во Билтенот на Универзитетот бр 983 од 1.4.2010. Согласно со член 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138 од 6 јули 2009 година, член 11), д-р Војислав Саракински постигнал вкупно 128,14 поени и го надминал минималниот број поени по сите основи (40) што се потребни за избор во звањето доцент.

Поради сето изнесено, како членови на Рецензентската комисија, имаме чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Војислав Саракински да биде избран во звањето

доцент по предметите од научните области *историја на стариот век* и *историја на античките Македонци.*

Скопје, 23.8.2010

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Наде Проева, с.р.
2. Доц. д-р Петар Делев, с.р.
3. Проф. д-р Бруна Купиќ-Маквиќ, с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Војислав Саракински

Институција: Филозофски факултет

Научни области: историја на стариот век, историја на античките Македонци

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Р. бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| 1. | Одржување настава на прв циклус студии: (15x10x0,04) | 6 |
| 2. | Одржување семинарски вежби: (15x10x0,03) | 4,5 |
| 3. | Консултации со студенти: (120x0,002) | 0,24 |
| 4. | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа: | 0,1 |
| 5. | Превод на учебникот: Фанула Папазоглу, *Историја на епигоните (280-168 година ст.е.)*, *Historia antiqua Macedonica* 9, Скопје, 2009 (за потребите на наставата по предметите *историја на античките Македонци* и *историја на македонските хеленистички монархии*) | 3 |
| 6. | „Античката историја како вонтекстуален клуч во наставата по латински јазик", предавање во рамките на летната школа *Docendo discimus*: *развој и имплеметација на мастер студии по дидактика на класичните јазици*, FLSH Neuchatel & Здружение на класични филолози „Антика", Охрид, 29 јуни 2006. | 1,5 |
| | | |
| | ВКУПНО | 15,34 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Р. бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета докторска теза | 8 |
| 2. | Одбранета магистерска работа | 4 |
| 3. | Стручна статија: „За трговијата и војната: Македонија и Атина под товарот на заемната зависност", *Годишен зборник на Филозофскиот факултет* 57 (2004), стр. 299-312. | 4 |
| 4. | Стручна статија: „За транскрипцијата на старогрчките антропоними и топоними на | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | македонски јазик", *Јазичната политика и статусот на македонскиот јазик (зборник на трудови од научниот собир)*, Скопје, 2005, стр. 141-162. (со Р. Дуев). | |
| 5. | Стручна статија: „Кикерон, Помпеј и Македонија", *Гласник на ИНИ* 49.1-2 (2005), стр. 113-139 (со С. Пановски). | 3,6 |
| 6. | Стручна статија: „Inter fugae pugnaeque consilium: Античката историја како контекстуален клуч во наставата по латински јазик", *Systasis* 9 (2006), http://www.systasis.org.mk/aktivnosti.asp | 4 |
| 7. | Стручна статија: „Дискретната смрт на методологијата", *Историја* 42.1-2 (2006), стр. 165-177. | 4 |
| 8. | Стручна статија: „По трагите на една „епифанија": Мотивот на Пан и политичката пропаганда на Антигон Гоната", *Patrimonium.mk III* (2010), стр. 139-151 (со С. Пановски). | 3,6 |
| 9. | Стручна статија: „Македонското кралство и (не)приликите на хегемонот", *in* М. Манојловски *et al.*, *Зборник по повод шеесетгодишнината на Институтот за историја*, во печат. | 4 |
| 10. | Критички приказ на стручна литература: *Жива антика 45 (1995), стр. 437-443 (Evelyne SCHEID - TISSINIER, Les usages du don chez Homère, Presses Universitaires de Nancy, 1994).* | 3 |
| 11. | Критички приказ на стручна литература: *Жива антика 49 (1999), стр. 230-238 (Claude BRIXHE et al., La koiné grecque antique, Presses Universitaires de Nancy, 1993, 1996).* | 3 |
| 12. | Критички приказ на стручна литература: *Жива антика 53 (2003), стр. 72-82 (Olivier PICARD et al., Royaumes et cités hellenistiques de 323 à 55 av. J.-C., Sedes, 2003.).* | 3 |
| 13. | Критички приказ на стручна литература: *Жива антика 54 (2004), стр. 194-200 (Pierre CABANES et Jean-Luc LAMBOLEY (eds.), L'Illyrie méridionale et l'Epire dans l'antiquité, actes du IVe colloque international de Grenoble (10-12 octobre 2002), De Boccard, 2004).* | 3 |
| 14. | Критички приказ на стручна литература: *Историја* 41 (2005), стр. 215-220 (Άννα Αγγελοπούλου, *Ο Κ. Π. Μίσιρκοφ (1874-1926) και η κίνηση των «μακεδονιστών»*, University Studio Press, Θεσσαλονίκη 2004). | 3 |
| 15. | Критички приказ на стручна литература: *Жива антика 60 (2010), во печат (Daniele Berranger-Auserve (ed.), Epire, Illyrie, Macedoine..., Melanges offerts au professeur Pierre Cabanes, CRCA: Collection ЕРГА, Recherches sur l'antiquite 10, Presses Universitaires Blaise Pascal, Clermont-Ferrand, 2007, pp. 414.* | 3 |
| 16. | Одржано предавање: „Улогата на Македонија во грчко-персиските војни", IV предавање во серијата *Македонија во античко време*, Француски културен центар, Скопје, 11 март 2004. | 2 |
| 17. | Одржано предавање: „Улогата на Македонија во Пелопонеската војна", V предавање во серијата *Македонија во античко време*, Француски културен центар, Скопје, 22 април 2004. | 2 |
| 18. | Учество на научен/стручен собир *Научна конференција по повод шеесетгодишнината на Институтот за историја*, со реферат: „Македонското кралство и (не)приликите на хегемонот". | 1 |
| 19. | Стручен напис: „Кога историјата шета по Булеварот на Самракот", *Зум* 86 (19.04.02), стр. 18-20. | 2 |
| 20. | Стручен напис: „*Бројки и букви*, или, приказна за убедувањата, знаењето и методите", *Денес* 445 (23.03.07), стр. 28-32. | 2 |
| 21. | Учество во проектот *Sидни историски карти за наставата по историја*, Тримакс, Скопје. | 3 |
| | | |
| | ВКУПНО | 68,8 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Р. бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Коавтор на речник/енциклопедија: проф. д-р В. Митевски, лектор Д. Чадиковска (едс.), *Старогрчко - македонски речник*, Скопје, во подготовка за печат. | 3 |
| 2. | Коавтор на речник/енциклопедија: Мианова општа енциклопедија, I-IV, Скопје, 2006. | 3 |
| 3. | Превод од латински јазик: Корнелиј Такит, *Германија / Агрикола*, Култура, Скопје, 1999. (со В. Димовска - Јањатова). | 5 |
| 4. | Превод од латински јазик: Светониј Транквил, *Дванаесетте римски цареви*, Култура, Скопје, 2001 (со В. Димовска - Јањатова). | 5 |
| 5. | Превод од латински јазик: Лукијан од Самосата, *Како треба да се пишува историја*, Аз-Буки, Скопје, 2004. | 6 |
| 6. | Превод од старогрчки јазик: Плутарх, *Напоредни животописи: ликови од историјата на древна Македонија*, *Historia antiqua Macedonica* 7, Скопје, 2008. | 6 |
| 7. | Превод од латински јазик: Синан Гуџевиќ, „Римски епиграми 1986-1998", *Наше писмо* 27, Скопје, јули 1999. | 3 |
| 8. | Поглавје: „За немирниот беседник и неговите стрели", *in* Лукијан од Самосата, *Како треба да се пишува историја*, Аз-Буки, Скопје, 2004. | 3 |
| 9. | Поглавје: „Публиј Корнелиј Такит" *in* Такит, *Анали*, превод од латински и поговор Љ. Басотова, Три, Скопје, 2005. | 3 |
| 10. | Соработник во проект: Историски атлас, Тримакс, Скопје, 2010 (Одделот за историја на стариот век, со проф. д-р Н. Проева). | 2 |
| 11. | Дизајн и изработка на информациски систем на Филозофскиот факултет. | 1 |
| | ВКУПНО | 40,0 |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Р. бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Член на уредувачкиот одбор на научното списание *Macedonian Historical Review* | 0,5 |
| 2. | Член на уредувачкиот одбор на *Годишниот зборник на Филозофскиот факултет* | 0,5 |
| 3. | Член на уписната комисија за обработка на податоци на Филозофскиот факултет (5x0,5) | 2,5 |
| 4. | Член на комисијата за располагање со движен и недвижен имот | 0,5 |
| | ВКУПНО | 4,0 |

**Професионални референци на кандидатот за избор во звањето доцент:**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ: 15,34

НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ: 68,80

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ: 40,00

ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС: 4,00

**ВКУПНО: 128,14**

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Наде Проева, с.р.
2. Доц. д-р Петар Делев, с.р.
3. Проф. д-р Бруна Кунтиќ-Маквиќ, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „**МИКРОБИОЛОШКА КОНТРОЛА НА ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ**“ ОД АВТОРИТЕ Д-Р АЦО ДИМИТРОВСКИ, Д-Р ДОНКА ДОНЕВА-ШАПЧЕСКА И М-Р ДАРКО ДИМИТРОВСКИ

Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, на својата 40. седница од 9.6.2010 година, нè именува за членови на Комисијата за рецензија на ракописот „Микробиолошка контрола на прехранбените производи“ од д-р Ацо Димитровски, редовен професор, д-р Донка Донева-Шапческа, насловен доцент и м-р Дарко Димитровски, асистент. По разгледувањето и анализирањето на ракописот го доставуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Намена

Ракописот „Микробиолошка контрола на прехранбените производи“ е подготвен во вид на учебно помагало, а е наменет за студентите на Технолошко-металуршкиот факултет од студиската програма прехранбена технологија и биотехнологија кои ги слушаат предметите микробиологија (VI семестар, со неделен фонд на часови 3+3) и микробиологија на храна и санитација (VII семестар, со неделен фонд на часови 2+2).

### Содржина и обем

Ракописот се состои од четири дела што опфаќаат 23 глави и список на користена литература, презентирани на 274 страници А4-формат.

Првиот дел, насловен „Општи принципи и цели на микробиолошката контрола на храната“, започнува со значењето на контролата на храната од микробиолошки аспект за обезбедување здравствено исправен и безбеден прехранбен производ. Опишани се постапките за спроведување на микробиолошката контрола од страна на производителите на прехранбени производи, од страна на државата и на интенационално ниво, како и соодветните микробиолошки лаборатории.

Општите микробиолошки методи и техники се обработени во вториот дел. Овде се прикажани микроскопските методи, видовите микроскопи и работата со нив, хранливите подлоги и нивната подготовка, методите на култивирање на микроорганизмите, нивна идентификација, но и нивно квантитативно определување.

Во третиот дел е даден преглед на стандардните методи и техники за микробиолошко испитување на храната. Делот започнува со постапките за земање мостри и нивната подготовка за анализа, а потоа се опишани стандардните методи за определување на вкупни и индикаторски микроорганизми што вклучуваат вкупен број бактерии, аеробни спорогени бактерии, психрофилни и термофилни бактерии, квасци и мувли, липолитички бактеии, млечнокисели бактерии, ентеробактерии, колиформни бактерии и бактеријата *Escherichia coli*. Во последната глава од овој дел се дадени методите на изолација и идентификација на патогените микроорганизми што може да се присутни во храната и тоа: патогените *Escherichia coli, Salmonella, Staphylococcus aureus, Clostridium perfringens, Clostridium botulinum, Bacillus cereus, Campilobacter* sp., *Listeria monocitogenes, Yersinia enterocolitica*. Опишани се и микотоксините од токсикогените фунги од родовите *Aspergillus, Penicillium* и *Fusarium*.

Микробиолошкото испитување на одделни групи прехранбени производи усогласено со важечките правилници за нивната микробиолошката исправност е тема на четвртиот дел од ракописот. Обработени се следниве производи: млеко и млечни производи; месо и месни производи; риби, рибни производи, школки и разни видови ракови; јајца и производи од јајца; жито, мелнички производи, пекарски производи и тестенини; овошје и зеленчук; шеќер, какао и кондиторски производи; зачини и адитиви; безалкохолни пијалаци и вода за пиење. Во последната глава од овој дел се дадени методите за контрола на хигиената во производните погони, на опремата, на амбалажата и методите за испитување на ефикасноста на дезинфекционите средства.

Последната глава на ракописот е прилог во кој се дадени рецептурите на микробиолошките подлоги, растворите, реагенсите и упатство за нивна подготовка, како и список на ИСО-стандардите поврзани со микробиолошкото испитување на храната.

Ракописот завршува со список на користена литература. Цитирани се околу 80 референци, главно книги и соодветни национални правилници.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Ракописот „Микробиолошка контрола на прехранбените производи" од д-р Ацо Димитровски, редовен професор, д-р Донка Донева-Шапческа, насловен доцент и м-р Дарко Димитровски, асистент, е подготвен во согласност со предметната програма на наставните дисциплини *микробиологија* и *микробиологија на храна и санитација* што се негува на Технолошко-металуршкиот факултет.

Со оглед на содржината што се обработува во овој ракопис којашто е одраз на актуелните барања за контрола на прехранбените производи и обезбедување на нивна микробиолошка исправност, ракописот може да биде од полза и за други студенти, за стручните кадри во прехранбената индустрија, како и за сите оние одговорни за спроведување на микробиолошката контрола и за безбедност на храната.

Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", ракописот „Микробиолошка контрола на прехранбените производи" од авторите д-р Ацо Димитровски, редовен професор, д-р Донка Донева-Шапческа, насловен доцент и м-р Дарко Димитровски, асистент, да го прифати како учебно помагало и да одобри негово печатење.

Рецензентска комисија

1. Д-р Елеонора Винкелхаузен, ред.проф., с.р.

2. Д-р Слободанка Кузманова, ред.проф., с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА МЕТАЛНИТЕ КОНСТРУКЦИИ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 365. седница одржана на 1.7.2010 година, не избра за рецензенти за избор на асистент од областа на металните конструкции.

На распишаниот конкурс се пријави кандидатот м-р Горан Тодороски, дипл.град.инж., досегашен асистент на Катедрата за метални конструкции на Градежниот факултет во Скопје.

Врз основа на поднесените документи и личното познавање на кандидатот, го поднесуваме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

Кандидатот м-р Горан Тодороски е роден на 20.2.1964 година во Прилеп. Основното и средното училиште ги завршил во Прилеп со одличен успех. Во 1982 година се запишал на Градежниот факултет во Скопје, на конструктивната насока, а потоа заминал на отслужување на воениот рок. Студиите ги завршил во 1988 година со дипломска задача од областа на теоријата на конструкциите, „Статичка и динамичка анализа на плитка аспидна лушпа", која ја одбранил со оценка десет (10).

Во 1989 година се вработил во Заводот за конструкции при Градежниот институт „Македонија" во Скопје, каде што учествувал во изработката на повеќе стручни елаборати и проекти за носечки конструкции, соработувал во реализацијата на научноистражувачки проекти, а самостојно водел и неколку експериментални испитувања на конструкции со пробно товарење.

Во 1990 година, на конкурс распишан од Министерството за наука и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје е избран за стручен соработник со ангажирање во изведувањето на вежби по групата предмети: челични конструкции и испитување на конструкции на Градежниот факултет во Скопје. Во 1993 година е избран за помлад асистент по истата група предмети, а повторно е избран во звањето помлад асистент во 1996 година.

Постдипломските студии ги започнал во ИЗИИС во периодот од 1990 до 1991 година, а ги продолжил на Градежниот факултет во Скопје на конструктивната насока во периодот од 1991 до 1992 година. Со звањето магистер на технички науки се стекнал во 2007 година на Градежниот факултет во Скопје на тема: „Анализа на повеќеспратни челични рамки со меки врски греда-за-столб". Истата година е избран за асистент на Катедрата за метални конструкци.

Во 2008 година кандидатот пријави тема за изработка на докторска дисертација под работен наслов „Анализа на конструктивни системи за повеќекатни челични згради".

Кандидатот е активен член на Друштвото на градежните конструктори на Македонија и е негов извршен секретар во периодот од 1995 до 2001. Од 1999

година е член на TC10 при ECCS (Технички комитет 10 при Европската конвенција за челични конструкции).

Од последниот избор наваму има изработено и објавено стручни и научни трудови, со особен придонес во воведувањето на „архитектонскиот челик", односно современиот дизајн и производство на урбана опрема на овој простор, за што е добитник на домашни и меѓународни награди и признанија.

Кандидатот активно го користи англискиот јазик и се служи со германскиот јазик.

## 2. Наставна дејност

Во изминатиот период на кандидатот, како асистент на Катедрата за метални конструкции, беше ангажиран во извршување на вежбите по предметните програми: **основи на челични конструкции (К)**, **челични конструкции и мостови (ПЖ)**, **челични конструкции (Х и ПЖ)**, **челични конструкции во високоградба (К)**, **испитување на конструкции (К)**, **алуминиумски конструкции (К)**, **метални конструкции (АФ)**.

Кандидатот ја извршуваше зададената обврска со видна незаинтересираност и честа отсутност на термините за вежби и корекции. За ваквиот пристап во извршувањето на работните обврски кандидатот беше соодветно оценет и од студентите, на студентските анкети спроведени во рамките на самоевалуацијата на Факултетот.

## 3. Научни трудови

Листа на научни трудови објавени од последниот избор:

1/ Горан Тодороски
„Мал челичен пешачки мост во Општина Чаир - Скопје", 12. Симпозиум на ДГКМ, Струга, септември 2007.

2/ Горан Тодороски, Тихомир Николовски
„Анализа на трошоци за производство и монтажа на челични конструкции", 12. Симпозиум на ДГКМ, Струга, септември 2007.

3/ Горан Тодороски, Тихомир Николовски
„Конструктивни системи за прием на попречни влијанија кај повеќекатни челични згради", 13. Симпозиум на ДГКМ, Струга, октомври 2009.

4/ Горан Тодороски, Љупчо Ѓурчиновски
„Warehouse for cement in Lipljan - Kosovo", 13. Симпозиум на ДГКМ, Струга, октомври 2009.

5/ Горан Тодороски, Љупчо Ѓурчиновски
„Proektovanje za najnizu cenu. Primer nacionalne sportske arene u Skoplju", GNP 2010, Жабљак - Црна Гора, февруари 2010.

Од наведените научни трудови само еден потесно ја допира областа на истражување од неговата докторска тема. Останатите трудови се рефлексии од неговата стручна дејност.

## 4. Стручни трудови

Листа на позначајни стручни трудови од последниот избор:

<u>Идејни, основни проекти за конструкции и технички решенија за санации</u>

1/ Основен проект за јарбол со висина 30 м, проект на Владата на РМ.

2/ Реконструкција со надградба на зградата на новата управна зграда на АМСМ во Чаир - Скопје.

3/ Реконструкција со надградба на стоковната куќа „Илинден" - Скопје.

4/ Основен и изведбен проект за бензинска пумпа „Топ Трејд" - Скопје.

5/ Основен и изведбен проект за реконструкција на бензинска пумпа „АМСМ" - Скопје.

Експертски надзор и ангажман на консултант

1/ Консултант за армиранобетонскиот натпатник на Бит-пазар - Скопје.

2/ Стручен консултант при изградбата на новата фабрика на Џонсон Мети во Бунарџик, фаза челична и спрегната конструкција.

3/ Главен консултант на АД Металец - Прилеп во периодот од 2007 до 2009 година.

4/ Главен консултант на д.о.о. „Ванимекс" од областа на урбаната опрема и програмата специјални конструкции.

Дизајнирање, проектирање и производство на урбана опрема

1/ Натстрешница на кафе-бар „Крем Кафе", ТЦ Бисер - Скопје.

2/ Проект за илуминирани реклами, 3x8м, во централно подрачје на Скопје.

Признанија и сертификати

Награда на биеналето на Trimo Architectural Awards 2009 во категорија на мали индустриски објекти, Тримо - Словенија.

Несомнено, кандидатот покажува респективна стручна дејност, со посебен акцент на носечки конструкции наменети за урбана опрема. Целокупната стручна дејност, наведена во точка 4, кандидатот ја врши надвор од рамките на Факултетот.

### 5. Заклучок

Врз основа на личното познавање на кандидатот м-р Горан Тодороски, дипл.град.инж., ценејќи го начинот на кој кандидатот ги исполнуваше редовните работни обврски во изминатиот период, може да се констатира една континуирана отсутност и незаинтересираност на кандидатот за работното место за кое конкурира.

Одлика на начинот на дејствување на кандидатот во изминатиот период е често доцнење на часовите за вежби и честа отсутност на термините за корекции. Оценките на кандидатот добиени на студентските анкети и забелешките на студентите, во рамките на процесот на самоевалуација на Факултетот, ги потврдуваат погоре изнесените констатации.

На полето на научноистражувачката работа кандидатот ја пријави својата докторска дисертација. Научните трудови кои ги објави во изминатиот период, генерално, се рефлексија на неговата стручна работа.

Еден подолг период, а особено во периодот од последниот избор, кандидатот не покажа заинтересираност за учество во активностите на Катедрата за метални конструкции. Кандидатот најголем дел од своите активности, пред сé стручна работа, ги исполнуваше на други места.

Стручната работа на кандидатот е по неговиот личен избор и интерес и не е дел од стручната работа во областа на металните конструкции која се одвива во рамките на Градежниот факултет.

Врз основа на гореизложеното сметаме дека кандидатот м-р Горан Тодоровски не покажува реален интерес и потребно залагање за работното место за кое конкурира. Согласно со тоа, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, м-р Горан Тодороски, дипл.град.инж., да не биде избран во звањето асистент од областа на металните конструкции.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Атанас Филиповски, с.р.

2. Вон.проф. д-р Петар Цветановски, с.р.

3. Проф. м-р Симеон Танев, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ СОЦИЈАЛНА ПСИХОЛОГИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на IX редовна седница на 15 јуни 2010 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник (во сите звања) за научната област **социјална психологија**, по предметите *социјална психологија* и *просоцијално однесување*. Откако ги прегледавме приложените материјали, имаме чест да му го поднесеме на Наставно-научниот совет следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот „Дневник" на 19.5.2010 година, како единствен кандидат се пријави д-р Михајло Поповски, вонреден професор по предметот социјална психологија. Кон пријавата кандидатот приложи кратка биографија, докази за исполнетост на општи и посебни услови и податоци за наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност по изборот за вонреден професор.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Михајло Поповски е роден на 4.10.1955 година во Битола. Основно и средно училиште завршил во Скопје. Студиите по психологија ги завршил во 1979 година на Филозофскиот факултет во Скопје, со просечен успех 9,10. Постдипломските студии по психологија (насока: социјална психологија) ги започнал на Филозофскиот факултет во Белград и ги завршил со просечен успех 9,60, а на Филозофскиот факултет во Скопје во 1993 година го одбранил магистерскиот труд „Мотивациската пристрасност во припишувањето на одговорноста за несреќни настани". Во 2000 година на овој Факултет се стекнал и со научниот степен доктор на психолошки науки, со одбрана на докторската дисертација со наслов „Персоналните корелати на просоцијалното однесување".

Во 1981 година се вработил како помлад асистент на Институтот за психологија на Филозофскиот факултет во Скопје и бил ангажиран во изведувањето на вежбите по предметот социјална психологија. За асистент по предметот социјална психологија е избран во 1993 година. По докторирањето во 2000 година, избран е за доцент по предметите социјална психологија и психологија, а во декември 2005 година е избран за вонреден професор за научната област социјална психологија.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од изборот за вонреден професор до денес, д-р Михајло Поповски ја изведува наставата (предавања и вежби) на додипломските студии по предметите: *социјална психологија I*, *социјална психологија II* и *просоцијално однесување* на Институтот за психологија, *социјална психологија* на Институтот за социологија и на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет, како и *социјална психологија* на Правниот факултет во Скопје на студиите за политички науки и на студиите за новинарство (95,70 поени). Исто така, тој е вклучен и во наставните активности на две студиски програми на постдипломските студии на Филозофскиот факултет. На постдипломските студиите по психологија ја изведува наставата на насоката социјална психологија по предметите: *социјална психологија*, *социјализација*, *социјална интеракција* и *психологија на групи*. На постдипломските студии по менаџмент на човечки ресурси е вклучен во наставата по предметите: *социологија и психологија на организациите* и *комуникација и водство во организациите* (4,75 поени). За реализирање на наставата на додипломските и постдипломските студии има објавено еден учебник и изготвено пет пакет-материјали. Во овој период, покрај редовните консултации со студентите, д-р Михајло Поповски бил ментор на 21 дипломска работа, член на комисија за оцена и одбрана на 28 дипломски работи, член на комисија за оцена и одбрана на 5 докторски дисертации и член на комисија за оцена и одбрана на 5 магистерски труда (26,20 поени).

Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник, бр. 138, 6 јули 2009 година), д-р Михајло Поповски остварил вкупно 126,65 поени од наставно-образовната дејност и со тоа повеќекратно го надминал минималниот број поени (15) што треба да се остварат за избор во звањето редовен професор.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во изминатиот период д-р Михајло Поповски имал забележителни и плодни научноистражувачки ангажмани во чие средиште се наоѓаат три меѓународни проекти во кои учествувал како национален координатор, главен истражувач и како член на тим одговорен за осмислување и за реализација на проектните активности. Значајно е да се одбележи дека со реализацијата на овие проекти е овозможено, меѓу другото, и пошироко препознавање и афирмирање на Институтот за психологија и на Филозофскиот факултет во повеќе универзитетски центри во Европа. Станува збор за следниве проекти:

1. *CONNECT – Components, organization, costs and outcomes of health care and community based interventions for people with posttraumatic stress following war and conflict in the Balkans*. Проект на Европската комисија (INCO-CT-2004-509175) реализиран во периодот од 2004 до 2008 година во седум земји, од кои четири се балкански: Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија и Македонија, а другите се земји-членки на ЕУ: Велика Британија, Германија и Италија.

2. *Improvement and Restructuring of the Psychology Curriculum according to the Bologna Declaration.* Темпус-проект (JEP_41071_2006) реализиран во периодот од 2006 до 2009 година на факултети или одделенија за психологија на шест универзитети: Универзитетот Мидлсекс во Англија, Националниот универзитет на Ирска, Универзитетот Лудвиг Максимилијанс во Германија, Универзитетот во Нови Сад и Универзитетот во Белград во Србија и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Македонија.

3. *European Value Survey.* Проект за лонгитудинално истражување на европските вредности, чиј координатор и носител е Факултетот за општествени науки на Универзитетот Тилбург во Холандија. Проектот се реализира во повеќе земји во Европа, а Република Македонија преку Филозофскиот факултет првпат е вклучена во проектните активности во 2006 година.

Од приложените 18 труда и соопштенија во кои д-р Михајло Поповски се јавува како автор или коавтор, може да се констатира дека значаен дел од нив произлегуваат од работата токму на овие проекти. А што е уште позначајно, некои од нив се објавени во респектабилни меѓународни списанија и се презентирани на европски конгреси и конференции. Другите трудови се однесуваат на теми и проблеми од областа на социјалната психологија кои кандидатот систематски ги проучува повеќе години. Издвојуваме неколку труда со кои ги илустрираме главните тенденции во научноистражувачката активност на д-р Михајло Поповски во последните пет години.

1. Поповски, М. (2010). Конформирање: кога и зошто се појавува. *Годишен зборник на Филозофски факултет, Скопје.*

Во овој труд се изложени најважните пристапи во определувањето и истражувањето на конформирањето како е една од најраспространетите форми на социјално влијание. При разгледувањето на причините за појавата на конформирањето, идентификувани се два вида мотивациски антецеденти: потребата да се биде точен и потребата да се биде прифатен. Овие потреби во голема мера ја определуваат природата на конформирањето и резултираат со квалитативно различни видови социјално влијание: информациско и нормативно влијание. Исто така, утврдено е дека веројатноста на појавата на конформирањето зависи од повеќе ситуациски и индивидуални фактори.

2. Поповски, М., Петковска, А. и Јовановски, А. (2010). Довербата кај граѓаните на Република Македонија. *Хоризонти.*

Во трудот се соопштуваат резултати од истражувањето на вредностите кај граѓаните на Република Македонија што се однесуваат на општата доверба што ја имаат во другите луѓе, довербата што ја имаат во одредени национални и меѓународни институции и на нивната дистанцираност од одредени групи луѓе. Резултатите покажуваат дека граѓаните се повеќе претпазливи и недоверливи спрема другите луѓе и скептични во однос на нивните чесни намери. Во врска со довербата во институциите, граѓаните искажуваат различни степени на доверба што се поврзани со нивните социодемографски карактеристики. Иако граѓаните покажуваат варијабилен однос и во поглед на групите луѓе

према кои испитаниците имале можност да го изразат својот однос на нивно прифаќање или неприфаќање, сепак, забележлива е тенденција на унифицирана одбивност према неколку групи луѓе.

3. Поповски, М. (2009). Односот меѓу припишувањето на каузалноста и припишувањето на одговорноста. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје.*

Во трудот е анализиран односот меѓу припишувањето на каузалноста и припишувањето на одговорноста за сопствените постапки и за постапките на другите. Утврдено е дека во многу случаи перцепцијата на каузалноста се појавува како клучен елемент при изведувањето судови за одговорноста. Но, врската меѓу овие два атрибуциски феномена не е непосредна и нужна, а покрај тоа припишувањето на одговорноста често има посложена структура од едноставното трагање по причините на постапките.

4. Поповски, М. (2009). Барање помош и реакции на добиената помош. *Социолошка ревија.*

Во трудот се изложени сознанија за условите и факторите што влијаат врз подготвеноста за барање помош од другите и за начините на кои луѓето реагираат на помошта што ја добиваат. Во рамките на анализата на факторите што го определуваат барањето помош, посебно внимание е посветено на ефектите на карактеристиките на лицето кое бара помош и на природата на проблемите за кои се бара помош. Реакциите на добиената помош се разгледувани во контекст на моделот на закана за себепочитувањето.

5. Поповски, М. и Наумова, К. (2009). Стигматизација на лица болни од шизофренија и на зависници од дрога и алкохол. *Ревија за социјална политика.*

Во овој труд се соопштуваат резултати од истражување на особеностите на стигматизацијата кај дел од студентската популација во однос на лица со различни нарушувања на менталното здравје, т.е. на лица болни од шизофренија, зависници од дрога и зависници од алкохол. Резултатите, општо земено, покажуваат дека студентите повеќе ги стигматизираат зависностите отколку шизофренијата. Појавата на зависностите тие ја објаснуваат повеќе како последица на лична одговорност и вина, поради што кај нив се јавува и поголемо чувство на лутина, поголем страв и поизразена склоност за избегнување контакти со зависници.

6. Поповски, М. и Наумова, К. (2008). Долготраен посттрауматски стрес и квалитет на живот кај внатрешнораселени лица во Македонија. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје.*

Во овој труд се презентирани резултати од истражување спроведено во рамките на проектот CONNECT за долготрајните психолошки последици од доживеани трауматски настани и за квалитетот на животот кај внатрешнораселените лица во нашата земја по воениот конфликт во 2001 година. Со истражувањето е утврдена висока стапка на симптоми на посттрауматско стресно растројство кај испитаните раселени лица кое, меѓу другото, се покажува и како значаен

фактор со силна деструктивна моќ во однос на квалитетот на нивниот живот.

Во однос на научноистражувачката дејност, д-р Михајло Поповски остварил вкупно 94,33 поени и со тоа го надминал потребниот број поени (10) што треба да се остварат за избор во звањето редовен професор според член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Стручно-апликативната дејност на д-р Михајло Поповски во периодот по изборот за вонреден професор вклучува повеќе вида активности, од учество на семинари, работилници, предавања и вршење стручни експертизи до изготвување монографија, уредување зборник на трудови, студиски престои во странство, изготвување и пријавување научен проект, членување во консултативниот експертски совет на Центарот за управување со кризи при Владата на Република Македонија и раководење со Институтот за психологија. Во однос на стручно-апликативната дејност, д-р Михајло Поповски остварил вкупно 17,5 поени. Од сите активности, во извештајов ги издвојуваме изготвувањето монографија со наслов „Теорија на атрибуцијата и нејзина примена“ и раководењето со Институтот за психологија во два мандатни периода.

Монографијата „Теорија на атрибуцијата и нејзина примена“ претставува заокружување на повеќегодишното систематско проучување на атрибуциските феномени на кандидатот. Во монографијата се поместени и негови веќе објавени трудови кои се проширени и структурирани на начин да овозможат студентите и пошироката стручна јавност посеопфатно да се запознаат со научните сознанија за една од централните теми на социјалната психологија, а тоа е перцепцијата на лицата.

Раководењето со Институтот за психологија го издвојуваме како важна активност, затоа што е вршено во период на опсежни реформи во високото образование, при што како приоритетни задачи се поставени континуираното преиспитување и градење стратегиии за подобро организирање и унапредување на студиите по психологија на сите нивоа. За време на раководењето со Институтот, д-р Михајло Поповски има изготвено две програми за развој на Институтот, има осмислувано и координирано низа активности за унапредување на наставната дејност, вклучувајќи и изготвување извештаи за самоевалуација и изготвување две студиски програми според ЕКТС. Исто така, како раководител има преземено повеќе активности за унапредување на соработката на Институтот за психологија со други образовни институции во земјава и во странство. Во рамките на меѓународната соработка има иницирано и реализирано неколку проекти, организирано успешни гостувања на професори од повеќе универзитети од странство и овозможено професори и студенти на Институтот за психологија да одржат предавања, односно да следат настава на одделенијата за психологија на неколку странски универзитети.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на прегледот на приложената документација и на податоците за наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, Рецензентската комисија оценува дека д-р Михајло Поповски во целост ги исполнува законските услови според конкурсот. Согласно со член 13 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Михајло Поповски по сите основи има остварено вкупно 238,48 поени и со тоа неколкупати го има надминато потребниот број поени (40) за избор во звањето редовен професор. Посебно би сакале да ја истакнеме неговата посветеност за постојано унапредување на наставно-образовната дејност и неговата научноистражувачка активност што резултирала со трудови во кои недвосмислено доаѓа до израз стручната и научната компетентност при проучувањето на повеќе видови социјално-психолошки феномени.

Имајќи ја предвид целокупната дејност на кандидатот во изминатиот период, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Михајло Поповски да биде избран во звањето редовен професор за научната област социјална психологија.

Во Скопје, 17. 8. 2010 г.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Јаков Лазароски, с.р.
Проф. д-р Зоран Стојановски, с.р
Проф. д-р Олга Мурџева-Шкариќ, с.р.

АНЕКС 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Михајло Јован Поповски**
**Институција:** **Филозофски факултет / Институт за психологија**
**Научна област:** **социјална психологија (предметни програми: социјална психологија, просоцијално однесување)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување настава на I циклус студии** | |
| 1. | Социјална психологија (ФФ/Институт за психологија) (4+2/2), зим. сем. 2005/2006 | 2,4 |
| 2. | Социјална психологија (ФФ/Институт за социологија) (3+1/2), зим. сем. 2005/2006 | 1,8 |
| 3. | Социјална психологија (ФФ/Институт за педагогија) (2+1), зим. сем. 2005/2006 | 1,2 |
| 4. | Социјална психологија (ПФ/Политички студии) (2+1), зим. сем. 2005/2006 | 1,2 |
| 5. | Социјална психологија (ПФ/Новинарство) (2+1), зим. сем. 2005/2006 | 1,2 |
| 6. | Социјална психологија (ФФ/Институт за психологија) (4+2/2), лет. сем. 2005/2006 | 2,4 |
| 7. | Социјална психологија (ФФ/Институт за педагогија) (2+1), лет. сем. 2005/2006 | 1,2 |
| 8. | Социјална психологија (ПФ/Политички студии) (2+1), лет. сем. 2005/2006 | 1,2 |
| 9. | Социјална психологија (ПФ/Новинарство) (2+1), лет. сем. 2005/2006 | 1,2 |
| 10. | Социјална психологија I (ФФ/Институт за психологија) (4+2/2), зим. сем. 2006/2007 | 2,4 |
| 11. | Социјална психологија (ФФ/Институт за социологија) (3+1/2), зим. сем. 2006/2007 | 1,8 |
| 12. | Социјална психологија (ФФ/Институт за педагогија) (2+1), зим. сем. 2006/2007 | 1,2 |
| 13. | Социјална психологија (ПФ/Политички студии) (2+1), зим. сем. 2006/2007 | 1,2 |
| 14. | Социјална психологија (ПФ/Новинарство) (2+1), зим. сем. 2006/2007 | 1,2 |
| 15. | Социјална психологија II (ФФ/Институт за психологија) (4+2/2), лет. сем. 2006/2007 | 2,4 |
| 16. | Социјална психологија (ФФ/Институт за педагогија) (2+1), лет. сем. 2006/2007 | 1,2 |
| 17. | Социјална психологија (ПФ/Политички студии) (2+1), лет. сем. 2006/2007 | 1,2 |
| 18. | Социјална психологија (ПФ/Новинарство) (2+1), лет. сем. 2006/2007 | 1,2 |
| 19. | Просоцијално однесување (ФФ/Институт за психологија) (2+2), лет. сем. 2006/2007 | 1,2 |
| 20. | Социјална психологија I (ФФ/Институт за психологија) (4+2/2), зим. сем. 2007/2008 | 2,4 |
| 21. | Социјална психологија (ФФ/Институт за социологија) (3+1/2), зим. сем. 2007/2008 | 1,8 |
| 22. | Социјална психологија (ФФ/Институт за педагогија) (2+1), зим. сем. 2007/2008 | 1,2 |
| 23. | Социјална психологија (ПФ/Политички студии) (5/2,) зим. сем. 2007/2008 | 6,0 |
| 24. | Социјална психологија (ПФ/Новинарство) (2+1), зим. сем. 2007/2008 | 1,2 |
| 25. | Социјална психологија II (ФФ/Институт за психологија) (4+2/2), лет. сем. 2007/2008 | 2,4 |
| 26. | Социјална психологија (ФФ/Институт за педагогија) (2+1), лет. сем. 2007/2008 | 1,2 |
| 27. | Социјална психологија (ПФ/Новинарство) (2+1), лет. сем. 2007/2008 | 1,2 |
| 28. | Просоцијално однесување (ФФ/Институт за психологија) (2+2), лет. сем. 2007/2008 | 1,2 |
| 29. | Социјална психологија I (ФФ/Институт за психологија) (4+2/2), зим. сем. 2008/2009 | 2,4 |
| 30. | Социјална психологија (ФФ/Институт за социологија) (3+1/2), зим. сем. 2008/2009 | 1,8 |
| 31. | Социјална психологија (ПФ/Политички студии) (5/2), зим. сем. 2008/2009 | 6,0 |
| 32. | Социјална психологија II (ФФ/Институт за психологија) (4+2/2), лет. сем. 2008/2009 | 2,4 |
| 33. | Просоцијално однесување (ФФ/Институт за психологија) (2+2), лет. сем. 2008/2009 | 1,2 |
| 34. | Социјална психологија I (ФФ/Институт за психологија) (4+2/2), зим. сем. 2009/2010 | 2,4 |
| 35. | Социјална психологија (ФФ/Институт за социологија) (3+1/2), зим. сем. 2009/2010 | 1,8 |
| 36. | Социјална психологија (ПФ/Политички студии) (5/2), зим. сем. 2009/2010 | 6,0 |
| 37. | Социјална психологија II (ФФ/Институт за психологија) (4+2/2), лет. сем. 2009/2010 | 2,4 |
| 38. | Просоцијално однесување (ФФ/Институт за психологија) (2+2), лет. сем. 2009/2010 | 1,2 |
| | **Одржување вежби на I циклус студии** | |
| 39. | Социјална психологија (ФФ/Институт за психологија) (4+2/1), зим. сем. 2005/2006 | 0,9 |
| 40. | Социјална психологија (ФФ/Институт за социологија) (3+1/1), зим. сем. 2005/2006 | 0,45 |

| | | |
|---|---|---|
| 41. | Социјална психологија (ПФ/Политички студии) (2+1), зим. сем. 2005/2006 | 0,45 |
| 42. | Социјална психологија (ПФ/Новинарство) (2+1), зим. сем. 2005/2006 | 0,45 |
| 43. | Социјална психологија II (ФФ/Институт за психологија) (4+2/1), лет. сем. 2005/2006 | 0,9 |
| 44. | Социјална психологија (ПФ/Политички студии) (2+1), лет. сем. 2005/2006 | 0,45 |
| 45. | Социјална психологија (ПФ/Новинарство) (2+1), лет. сем. 2005/2006 | 0,45 |
| 46. | Социјална психологија I (ФФ/Институт за психологија) (4+2/1), зим. сем. 2006/2007 | 0,9 |
| 47. | Социјална психологија (ФФ/Институт за социологија) (3+1/1), зим. сем. 2006/2007 | 0,45 |
| 48. | Социјална психологија (ПФ/Политички студии) (2+1), зим. сем. 2006/2007 | 0,45 |
| 49. | Социјална психологија (ПФ/Новинарство) (2+1), зим. сем. 2006/2007 | 0,45 |
| 50. | Социјална психологија II (ФФ/Институт за психологија) (4+2/1), лет. сем. 2006/2007 | 0,9 |
| 51. | Социјална психологија (ПФ/Политички студии) (2+1), лет. сем. 2006/2007 | 0,45 |
| 52. | Социјална психологија (ПФ/Новинарство) (2+1), лет. сем. 2006/2007 | 0,45 |
| 53. | Просоцијално однесување (ФФ/Институт за психологија) (2+2), лет. сем. 2006/2007 | 0,9 |
| 54. | Социјална психологија I (ФФ/Институт за психологија) (4+2/1), зим. сем. 2007/2008 | 0,9 |
| 55. | Социјална психологија (ФФ/Институт за социологија) (3+1/1), зим. сем. 2007/2008 | 0,45 |
| 56. | Социјална психологија II (ФФ/Институт за психологија) (4+2/1), лет. сем. 2006/2007 | 0,9 |
| 57. | Просоцијално однесување (ФФ/Институт за психологија) (2+2), лет. сем. 2006/2007 | 0,9 |
| 58. | Социјална психологија I (ФФ/Институт за психологија) (4+2/1), зим. сем. 2008/2009 | 0,9 |
| 59. | Социјална психологија (ФФ/Институт за социологија) (3+1/1), зим. сем. 2008/2009 | 0,45 |
| 60. | Социјална психологија II (ФФ/Институт за психологија) (4+2/1), лет. сем. 2008/2009 | 0,9 |
| 61. | Просоцијално однесување (ФФ/Институт за психологија) (2+2), лет. сем. 2008/2009 | 0,9 |
| 62. | Социјална психологија I (ФФ/Институт за психологија) (4+2/2), зим. сем. 2009/2010 | 1,8 |
| 63. | Социјална психологија (ФФ/Институт за социологија) (3+1/2), зим. сем. 2009/2010 | 0,9 |
| 64. | Социјална психологија II (ФФ/Институт за психологија) (4+2/2), лет. сем. 2009/2010 | 1,8 |
| 65. | Просоцијално однесување (ФФ/Институт за психологија) (2+2), лет. сем. 2009/2010 | 0,9 |
| | **Одржување настава на II циклус студии** | |
| 66. | Социјална психологија (ФФ/Институт за психологија) 10 часа, зим. сем. 2006/2007 | 0,5 |
| 67. | Социјална психологија (ФФ/Институт за психологија) 10 часа, лет. сем. 2006/2007 | 0,5 |
| 68. | Социјализација (ФФ/Институт за психологија) 10 часа, лет. сем. 2007/2008 | 0,5 |
| 69. | Социјална интеракција (ФФ/Институт за психологија) 10 ч., лет. сем. 2007/2008 | 0,5 |
| 70. | Психологија на групи (ФФ/Институт за психологија) 10 ч., зим. сем. 2008/2009 | 0,5 |
| 71. | Социјална психологија (ПФ/Полит. прав. науки и комуникологија) 20 ч., 2008/2009 | 1,0 |
| 72. | Социологија и психологија на организациите (ФФ/МЧР) 5 ч., зим. сем. 2008/2009 | 0,25 |
| 73. | Комуникација и водство во организациите (ФФ/МЧР) 9 ч. лет. сем. 2008/2009 | 0,45 |
| 74. | Социологија и психологија на организациите (ФФ/МЧР) 5 ч., зим. сем. 2009/2010 | 0,25 |
| 75. | Комуникација и водство во организациите (ФФ/МЧР) 6 ч., лет. сем. 2009/2010 | 0,3 |
| | **Други наставно-образовни активности** | |
| 76. | Консултации со студенти: во просек 110 студенти по семестар од 2005 до 2010 г. | 2,2 |
| 77. | Ментор на дипломска работа: 21 кандидат | 4,2 |
| 78. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа – 28 кандидати | 2,8 |
| 79. | Член на комисија или одбрана на докторат – 5 кандидати | 2,5 |
| 80. | Член на комисија или одбрана на магистратура – 5 кандидати | 1,5 |
| 81. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник: „Просоцијално однесување" Филозофски факултет во Скопје (2005). | 8,0 |
| 82. | Пакет материјали за предметот социјална психологија I, Филозофски факултет, Институт за психологија (2009). | 1,0 |
| 83. | Пакет материјали за предметот социјална психологија II, Филозофски факултет, Институт за психологија (2010). | 1,0 |
| 84. | Пакет материјали за предметот социјална психологија , Филозофски факултет, Институт за социологија (2009). | 1,0 |
| 85. | Пакет материјали за предметот социјална психологија, Правен факултет, Политички студии (2009). | 1,0 |
| 86. | Пакет материјали за предметот комуникација и водство во организациите, Филозофски факултет, Менаџмент на човечки ресурси (2010). | 1,0 |
| | Вкупно | 126,65 |

| | | |
|---|---|---|
| 16. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на апстракти на трудови од научно/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: Popovski, M and Naumova, K. Long-term posttraumatic stress in internally displaced persons in Macedonia. *Book of abstracts of 11th European Conference on Traumatic Stress; Symposium: Long-term posttraumatic stress after conflicts, (2009)198.* | 2,7 |
| 17. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на апстракти на трудови од научно/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: Galeazzi, G.M.; Kučukalić, A.; Popovski, M.; Ajduković, D.; Bogić, M.; Franciškoviċ, Tanja; Lečić-Toševski, D.; McCrone, P.; Schützwohl, M.; Priebe, S. A new instrument to assess health care and social interventions for patients with posttraumatic stress. *Abstracts of the 13th Congress of the Association of European Psychiatrists; S-13. Symposium: Research on mental health squeale of war and migration in the Balkans;* Vo: *Social Psychiatry/ European Psychiatry. Supplement 20 (2005) S-13-02.* | 1,8 |
| 18. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на апстракти на трудови од научно/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: Priebe, S.; Lečić-Toševski, D.; Frančišković, Tanja; Schützwohl, M.; Ajduković, Dean; Popovski, M.; Galeazzi, G.M.; Bogić, M.; Kučukalić, A. Assessment of the long-term outcomes following potentially traumatic events – the CONNECT study. *Abstracts of the 13th Congress of the Association of European Psychiatrists; S-13. Symposium: Research on mental health squeale of war and migration in the Balkans;* Vo: *Social Psychiatry/ European Psychiatry. Supplement 20 (2005) S-13-03.* | 1,8 |
| 19. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на апстракти на трудови од научен/стручен собир: Popovski, M. Naumova, K. Stigma and Familiarity with schizophrenia, drug addiction and alcohol addiction. *Knjiga rezimea naučno-stručnog skupa: Savremeni trendovi u psihologij; Simpozium socijalna psihologija. Novi Sad, Filozofski fakultet (2009) 45-46.* | 1,8 |
| 20. | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет: Popovski, M. *When and why we help the others.* Dipartimento di Psicologia Dinamica, Sapienza - Università di Roma, 17.IV. 2009. | 3,0 |
| 21. | Учество на научен/стручен собир со труд: *11th European Conference on Traumatic Stress,* 15-18 June 2009, Oslo. | 0,9 |
| 22. | Учество на научен/стручен собир со реферат: Поповски, М. Евалуација на соработката меѓу Институтот за психологија на УКИМ во Скопје и Одделението за динамичка и клиничка психологија на Универзитетот Сапиенца во Рим. Меѓународна научно-стручна средба: *Programs of Internationalization of University's Studies and its Positive Effects on the Quality of the Education.* Филозофски факултет, Скопје, 4-5. XII. 2009. | 1,0 |
| 23. | Учество на научен/стручен собир со труд: Popovski, M and Naumova, K. Traumatic experiences, migration stressors and posttraumatic stress in war IDPs in Macedonia four years after the displacement. *10th European Conference on Traumatic Stress; Symposium "Long-term mental health and social sequelae following war and migration in the Balkans",* 5-9 June 2007, Opatija. | 0,9 |
| | **Вкупно** | 94,33 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Стручна монографија: Поповски, М. (2010). *Теорија на атрибуцијата и нејзина примена.* Скопје: Филозофски факултет (во печат). | 8,0 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир: *30 години Институт за психологија: Психологијата и другите области.* Скопје: Филозофски факултет (2005). | 1,0 |
| 2. | Студиски престој во странство до три месеци: Dipartimento di Psicologia Dinamica, Sapienza - Università di Roma (декември 2007; април 2009); Odeljenje za psihologiju, Filozofski fakultet, Novi Sad (октомври 2007). | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект: *Истражување на европски вредности кај граѓаните на Република Македонија* (февруари 2010), соработник. | 0,5 |
| 4. | Раководител на внатрешна организациска единица: *Институт за психологија*, два мандата. | 6,0 |
| 5. | Член на *Консултативниот експертски совет* на *Центарот за управување со кризи* при Владата на Република Македонија. | 1,0 |
| | **Вкупно** | 17,50 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 126,65 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 94,33 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 17,50 |
| **Вкупно** | 238,48 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Јаков Лазароски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Зоран Стојановски, член, с.р.
3. Проф. д-р Олга Мурџева-Шкариќ, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ***КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ И ЕФЕКТИВНОСТА НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ,*** ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р МАЈА ШУКЛЕВА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 113, став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08), член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под бр. 02-1737/2 донесена на 24.6.2010 год., определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов ***КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ И ЕФЕКТИВНОСТА НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ,*** поднесена од кандидатката м-р Маја Шуклева. По опстојното прегледување на трудот, Комисијата пред Наставно–научниот совет на Економскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација содржи вкупно 311 страници текст, 15 страници користена литература (222 библиографски единици) и 14 страници прилози. Материјата во дисертацијата, покрај вовед и заклучок, е структуирана во десет глави, логично систематизирани, и тоа:

Вовед
Глава I Теориски аспекти на корпоративното управување
Глава II Редизајнирање на одборот на директори
Глава III Вредностите на одборот на директори
Глава IV Одборот на директори и главниот извршен директор
Глава V Улоги на претседателот на одборот на директори
Глава VI Комитети на одборот на директори
Глава VII Односите во одборот на директори
Глава VIII Ефективноста на одборот на директори и менаџментот
Глава IX Ефикасен и ефективен одбор на директори
Глава X Одборот на директори во акционерските друштва во Македонија
Заклучок
Литература
Прилог

Во воведниот дел се дефинирани актуелноста на истражувањето, предметот, целта, задачите, како и широчината и длабината на истражувањето. Предмет на истражувањето на докторската дисертација е ефективноста на одборот на директорите во доменот на корпоративното управување. При утврдување на позицијата на одборот на директори и екстерните и интерните односи треба да се направи разграничување помеѓу управувачката структура и менаџментот. Додека менаџерите дејствуваат хиерархиски во светлина на делегираната одговорност и авторитет, дотогаш сите членови во одборот се подеднакво одговорни и дејствуваат заеднички. Сите членови имаат еднакви права и должности. Оттука произлегуваат и различни алтернативни приоди кон структурата

на одборот. Во основа постојат четири алтернативни структури на одборот, и тоа: извршен одбор, мнозински извршен одбор, одбор со мнозинство на надворешни членови и одбор на две нивоа. За илустрација, за британските корпорации е карактеристичен вториот, мнозински извршен одбор, во САД е карактеристичен третиот - одбор со мнозинство на надворешни членови, а за повеќе држави од континентална Европа е карактеристичен четвртиот - одбор на две нивоа. Претходните аспекти се предмет на истражување во ***првата глава*** со наслов ***ТЕОРИСКИ АСПЕКТИ НА КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ***. Во овие рамки се елаборираат теориите за корпоративно управување, и тоа: теоријата на застапување, теоријата на стеикхолдери и теоријата на трансакциони трошоци, а се врши и споредување на теориите за корпоративно управување. Во оваа глава се истражуваат елементите, карактеристиките, принципите на OECD за корпоративното управување, структурата на корпоративното управување и менаџментот, пренесувањето на задачите од одборот на менаџментот, корпоративното управување во ерата на интернетот, како и корпоративното управување и конкурентноста. На крајот, истражувањето завршува со доброто корпоративно управување и репутацијата, рангирањето на корпоративното управување и корпоративното управување во кризни економии.

Едно од главните прашања во литературата за корпоративно управување во изминатите декади се однесува на тоа што го конституира „идеалниот" одбор, дали тој треба да има повеќе надворешни директори или помалку? Дали постои идеална старост или комбинирана старост на директорите во одборот? Како директорите ќе бидат наградени? Кои критериуми се применуваат за номинирање на членови во одборот на директори? Можностите за вкрстена управа и други. Оттука, ***втората глава*** со наслов ***РЕДИЗАЈНИРАЊЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ*** е посветена на одборот на директори како централен орган во управувачката структура, при што се истражува типологијата на одборот на директори (грижлив, статутарен, проактивен и партиципативен) во зависност од моќта на главниот извршен директор и моќта на одборот; големината на одборот во зависност од големината на активата; односот помеѓу внатрешните и надворешните членови; еволуцијата на англо-американските одбори, одборот на директори во иднина; како и најновите тенденции за редизајнирање на одборот преку: одбор на ризико-капитал, одбор на мрежно оспособување, интерни одбори на ризико-капитал, одбори на партнерство и сл. На крајот, посебен акцент од истражувањето е ставен на улогата на советодавниот одбор, неговите функционални и процесни улоги, односот конвенционални наспроти советодавни одбори, како и затворените наспроти стратегиските одбори.

Во ***третата глава*** со наслов ***ВРЕДНОСТИТЕ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ*** се истражува вредноста на корпоративното управување во унапредувањето на перформансите на компанијата и на перцепциите на инвеститорите. Ова растечко чувство од фундаментално значење за доброто управување, исто така, се рефлектира со експлозијата од очекувања кои се поставуваат пред одборите. Овие очекувања доаѓаат во форма на водичи за совети, принципи и практични кодекси, заедно со пропишаните статути и регулативи донесени од владите. Корпоративните одбори создаваат вредност преку експертски совет, заштита на инвеститорите и корисни контакти. Одборот е одговорен на сопствениците како целина и управува како иницијален авторитет во компанијата и оттаму вредноста која ја создава претставува преведување на желбите на

сопствениците во перформанси на компанијата. Покрај вредноста која ја креираат одборите, се елаборираат и следниве прашања: карактерот на авторитетот на одборот, идните насоки за одборот на директори, улогите на одборот и резултатите на претпријатието, улогите на членовите на одборот на директори, ополномоштувањето на одборот и културата на одборот. На крајот е обработено и прашањето сврзано за креирањето на портфолио на одборот на директори кое се однесува на обезбедување максимален профит истовремено со висок степен на сигурност, како и оценувањето на одборот на директори и техниките за оценување на одборот.

Во ***четвртата глава*** со наслов ***ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ И ГЛАВНИОТ ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР*** се истражуваат улогите на главниот извршен директор, двојната улога на главниот извршен директор, основните функции на главниот извршен директор, придонесот на неизвршните директори, оценувањето на работењето на главниот извршен директор, процесот на ефективно оценување на главниот извршен директор, главниот извршен директор и потребата од ефективен одбор на директори и главниот извршен директор и менаџмент-сукцесијата и придонесот на неизвршните директори.

Кога функцијата претседател на одборот на директори ја извршува главниот извршен директор, тогаш моќта на главниот извршен директор е многу поголема. Опасноста од апсолутната моќ е потврдена во литературата од страна на многу експерти. Долгорочниот развој на модерните корпорации може да биде подобро остварен преку разграничување на претходните функции и нивно извршување од две личности. Во литературата се идентификуваат две принципиелни одговорности на претседателот на одборот, и тоа: ***прва***, да обезбеди одборот адекватно да ги спроведува своите одговорности како колективно тело и ***втора***, да го растовари главниот извршен директор од претставување на корпорацијата во јавноста. Претходното ја определува проблематиката на ***петтата глава*** со наслов ***УЛОГИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ,*** која се однесува на дефинирање на позицијата на претседателот на одборот на директори од аспект на содржината на работата, улогата, односите помеѓу претседателот на одборот на директори и главниот извршен директор, критериумите за оценување на перформансите на претседавачот, двојната улога на претседателот како главен извршен директор и номинален водач на одборот на директори. Неговото внимание е насочено кон стратегијата, планирањето, надворешните односи и одговорноста спрема одборот. Во надлежност на претседателот на одборот е и планот за состаноци на одборот и претседавањето на собранието на акционерите.

Најчесто одборот дозволува неговата работа да ја извршуваат комитети. Тие имаат моќ да дејствуваат само помеѓу два состанока. Комитетот се формира од директорите - членови на одборот на претпријатието. Тој дејствува како продолжување на одборот и може да има неограничен авторитет во дадено подрачје. Иако бројот и видовите комитети се зголемуваат, најчесто присутни во претпријатијата, сепак, се следниве комитети: за ревизија, за номинирање, за награди и извршен комитет. Како понови се јавуваат: комитет за ревизија на пензиите, комитет за акции, за други бенефиции, за односи со јавноста, за корпоративна етика и за наука и технологија. Постојат неколку предности за одборот кога дел од работата се делегира на комитетот на одборот на директорите. Тие се следниве: специјализација во изучувањето на одделно

Во последната глава со наслов ***ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ВО АКЦИОНЕРСКИТЕ ДРУШТВА ВО МАКЕДОНИЈА,*** истражувањето се фокусира на емпириско истражување сврзано со корпоративното управување спроведено во три групи на големи акционерски друштва, и тоа: акционерски друштва со еднostепен систем на управување, акционерски друштва со двостепен систем на управување и систем на управување во банките. Емпириското истражување е спроведено кај 46 големи акционерски друштва. Истражувањето треба да придонесе да се откријат специфичностите во функционирањето на корпоративното управување во акционерските друштва во Македонија, од една страна, и, од друга, утврдување на разликите во функционирањето на корпоративното управување во корпорациите во светот.

На крајот во докторската дисертација се презентирани главните ***ЗАКЛУЧОЦИ*** кои произлегуваат од теориските и практичните истражувања за одделни витални аспекти сврзани со проблематиката на функционирањето на корпоративното управување во современите претпријатија. Дел од заклучоците имаат карактер на насоки за идните научни истражувања на корпоративното управување, како и практични искуства сврзани со корпоративното управување во акционерските друштва во Р. Македонија.

***ЛИТЕРАТУРАТА*** содржи 222 библиографски единици, во најголем број од странски автори, а само неколку се од домашни автори. Користената литература во најголем дел е објавена по 2000 година, со исклучок на одделни капитални дела објавени пред тоа.

## Оцена на трудот

Во последните дваесет години, корпоративното управување побудува огромен интерес во законодавствата на одделни земји, во литературата посветена на менаџментот, во претпријатијата и во судската практика. Тоа го потврдуваат и емпириските истражувања кои го рангираат корпоративното управување како едно од десетте најважни прашања во работењето на претпријатијата. Корпоративното управување не е еднократно прашање кое може да се разреши засекогаш, туку е перманентно актуелно и вклучува постојани иновации во својот концепт. Корпоративното управување е мултидимензионално прашање кое вклучува не само економски, менаџерски и правни аспекти, туку и општествени и политички.

Интересот за истражување на корпоративното управување се зголемува и интензивира со колапсот на една од седумте најголеми американски корпорации - ***Enron***, а потоа и на ***World.com***, ***Tyco International*** и други во 2001 година. Зголемениот интерес е предизвикан и со најновите скандали поврзани со најголемите корпорации во светот од 2001 до 2010 година, лошите финансиски резултати, неуспехот на корпоративните системи во земјите со корпоративна традиција, погрешното позиционирање на улогата на главниот извршен директор, несоодветно дизајнираните односи со институционалните инвеститори и други причини. Функционирањето на корпоративното управување се остварува во турбулентно окружување и во услови на глобална финансиска криза. Поради тоа се создадени услови за стандардизација на определени ***benchmark***-практики преку: принципите на ***OECD***, Кодексот на најдобрите практики на корпоративно управување, водичот за корпоративно управување, законот ***Sarbanes-Oxley***,

рангирањето на корпоративното управување како извор на информации за институционалните инвеститори и други правила за водење на компаниите за воспоставување на правилна корпоративна структура.

Постои консензус дека корпоративните одбори се од витално значење за менаџментот на компанијата и за улогата на корпорациите во општеството. Се смета дека корпоративното управување има клучна улога во унапредувањето на перформансите на компанијата и на перцепциите на инвеститорите. Ова растечко чувство од фундаментално значење за доброто управување, исто така, се рефлектира со експлозија од очекувања кои се поставуваат пред одборите. Имајќи го претходното предвид, многу одбори на директори направија значајни подобрувања, како, на пример, поголема транспарентност, поголема независност на одборот од менаџментот, промени во составот на комитетот за ревизија и разграничување на функцијата на претседател на одборот од главниот извршен директор и други.

Трудот на кандидатката м-р Маја Шуклева на тема ***КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ И ЕФЕКТИВНОСТА НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ*** претставува прво посеопфатно, теориско и емпириско истражување од областа на корпоративното управување во нашата земја. Посебниот научен придонес се огледа во креирањето методологија за оценување на индивидуалната ефикасност на членовите во одборот на директори, во оценување на ефикасноста на состаноците на одборот на директори и оценување на ефикасноста на одборот на директори во целина. Покрај тоа, научен и стручен е придонесот на кандидатката во спроведувањето на емпириското истражување во периодот од 15.2.2009 година до 30.6.2009 година во 46 акционерски друштва, од кои 24 котираат на берза, 26 применуваат едностепен модел на управување, 15 применуваат двостепен модел на управување и 5 се акционерски друштва од областа на услугите-банки. Покрај моделите, емпириското истражување опфаќа бројни аспекти од кои, иако индикативни, може да се добие претстава за содржината на корпоративното управување, начинот на неговото функционирање, специфичностите во функционирањето, како и утврдување на разликите и тенденциите во функционирањето на доброто корпоративно управување. Тоа опфаќа различни аспекти од проблематиката на организирањето, како на пример: големина, состав и комитети/комисии на одборот на директори или надзорниот и управниот одбор, структура на членовите, награди и бенефиции за членовите на комитетите/комисиите и главниот извршен директор/генералниот директор, број на состаноци, номинирање и критериуми за номинирање на членови во одборот, улоги на претседателот на одборот на директори, котирање на акционерското друштво на берзата и др.

Научниот и стручниот придонес на кандидатката се огледа и во успешната примена на статистичката анализа на податоците спроведена со помош на дескриптивна статистика и непараметарска статистика-Wilcoxon-ов тест. Со *дескриптивната статистика* кандидатката ги анализира податоците кои се однесуваат на следниве аспекти на корпоративното управување: структурата на акционерските друштва според дејноста, организацијата на корпоративното управување во акционерските друштва (големина на одборот, составот, комисиите, бројот на состаноците одржани во текот на една година), критериумите за номинирање на членови во одборот на директори и надзорниот одбор, критериумите за номинирање на членови во управниот одбор, кој го врши

номинирањето на членовите во одборот на директори и надзорниот одбор, кој го врши номинирањето на членови во управниот одбор, содржината на работата на претседателот на одборот и бенефициите на главниот извршен директор/генералниот директор. Со *непараметарската статистика-Wilcoxon-ов тест,* кандидатката ги анализира податоците кои се однесуваат на следниве аспекти на корпоративното управување: број на членови во одборот, број на состаноци, број на награди и бенефиции на членовите во одборот, и број на награди и бенефиции на главниот извршен директор/генералниот директор кај акционерски друштва во кој се применува едностепен и двостепен модел на управувачка структура, кај акционерските друштва кои котираат или не котираат на берзата, како и кај акционерските друштва од производна и услужна дејност.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација дојде до уверување дека кандидатката м-р Маја Шуклева успешно ги истражувала клучните прашања сврзани со ефективноста на корпоративното управување. Во текот на истражувањето на проблематиката сврзана со корпоративното управување и ефективноста на одборот на директори во акционерските друштва остварени се следниве резултати:

- утврдени се новите форми на управување на претпријатијата преку новите улоги на одборот на директори;
- утврдени се вредностите на одборот на директори кои придонесуваат за подобрување на перформансите на претпријатијата;
- утврдени се критериумите за мерење на индивидуалната ефикасност, ефикасноста на состаноците и ефикасноста на одборот;
- аргументирана е потребата за разграничување на улогата на претседателот на одборот на директори од главниот извршен директор;
- утврдени се разликите во функционирањетио на корпоративното управување во акционерските друштва во Македонија и во современата практика.

Исто така, заслужува да се истакне научниот и стручниот придонес на кандидатката кој преку теориските и емпириските истражувања на одделни клучни прашања од проблематиката на корпоративното управување во современите компании, како на пример: ефективноста на одборот, оценување и рангирање на корпоративното управување, наградувањето и перформансите на главниот извршен директор, редизајнирањето и организацијата на одборот на директори, ги систематизирала и ги разграничила како констатации кои се однесуваат на: тековната состојба и решенијата на одделни традиционални и современи аспекти на корпоративното управување; тенденциите и насоките на промени и унапредување на корпоративното управување во современите корпорации.

Посебно за одбележување се согледувањата и препораките до кои дошла кандидатката во споредбата на моделите што се применуваат во нашата земја и во развиените западни земји. Така, компаративната анализа на двата прииода спроведена од страна на кандидатката и овозможува да ги утврди разликите во функционирањето на корпоративното управување и да се определат идните насоки за унапредување на практиката на корпоративното управување во акционерските друштва во Република Македонија. Во тој контекст, разликите од истражувањето кандидатката ги систематизирала во две групи. Првата група

разлики се разлики кои произлегуваат од организацијата на одборот, додека втората група се разлики кои произлегуваат од современите, нетрадиционални аспекти и решенија сврзани со функционирањето на корпоративното управување во странските компании.

Општата архитектоника на ракописот (глави, точки, потточки, нивните пропорции по обем и заемна поврзаност на деловите, табели, слики ) е јасна. Техничкото оформување на докторската дисертација е на високо ниво, а приодот кон материјата е доволно селективен. Текстот во дисертацијата е солидно компјутерски обработен, лекториран и отпечатен на хартија од висок квалитет. Текстот во докторската дисертација е целосно во боја.

Имајќи го предвид претходното, Комисијата констатира дека целите и задачите што кандидатката ги формулирала во воведот на докторската дисертација во целост се остварени и дека станува збор за квалитетен труд и успешно спроведено истражување кое овозможува да се утврдат разликите во функционирањето на корпоративното управување во современите компании и во акционерските друштва од една страна и од друга, да се утврдат насоките на промени и унапредување на корпоративното управување во акционерските друштва.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените оцени за содржината и квалитетите на докторската дисертација, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација му предлага на Наставно–научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

***прво***, да донесе одлука со која ќе го прифати извештајот дека докторската дисертација на кандидатката м-р Маја Шуклева на тема: ***КОРПОРАТИВНОТО УПРАВУВАЊЕ И ЕФЕКТИВНОСТА НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ*** е успешно изработена ;

***второ,*** да одобри закажување ден за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 25.8.2010 година

КОМИСИЈА
ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА НА
ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

1. Проф. д-р Љубомир Дракулевски,с.р.
2. Проф. д-р Александар Николовски,с.р.
3. Проф. д-р Олгица Блажеска,с.р.
4. Проф. д-р Горан Коевски,с.р.
5. Проф. д-р Сашо Арсов,с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

На седницата одржана на 25.VIII 2010 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент во сите звања во наставно-научната област компјутерска техника и информатика.

По прегледот на доставените конкурсни материјали, го поднесуваме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс, објавен во дневниот весник „Дневник" од 23.VI 2010 година, за асистент во наставно-научната област компјутерска техника и информатика се пријави само м-р Кире Триводалиев, помлад асистент на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

### Биографски податоци

М-р Кире Триводалиев е роден на 6 ноември 1982 година во Струмица, каде што завршил основно и средно образование. Во учебната 2001/2002 година се запишал на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката компјутерска техника, информатика и автоматика, каде што дипломирал на 8 јуни 2006 година со дипломската работа со наслов *Проучување на динамиката на интернет преку концептот на мали светови*. Студиите ги завршил со просечен успех 10,00.

Во 2006 година се запишал на постдипломски студии на Електротехничкиот факултет во Скопје, на Катедрата за компјутерска техника и информатика, под менторство на проф. д-р Данчо Давчев. Во рамките на овие студии постигнал средна оценка од испитите 10,00, а студиите ги завршил со успешна одбрана на магистерскиот труд, на 14 ноември 2008 година, со наслов „ Ефикасен систем за класификација на мултидимензионални податоци базиран на ART невронски мрежи ".

На седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, одржана на 1 јули 2009 година, ја пријавил

својата докторска дисертација со работен наслов „Систем за функционална анотација на протеини" и таа е прифатена за подобна за изработка (Одлука бр.02-2237/21).

По завршувањето на студиите работи како демонстратор и помлад асистент на Катедрата за компјутерска техника и информатика, и ги одржувал аудиториските (и лабораториските) вежби по предметите: структурирано програмирање, објектно-ориентирано програмирање, логичко и функционално програмирање, бази на податоци, структури и бази на податоци, дистрибуирани компјутерски системи, алгоритми за анализа на податоци, податочно рударење, основи на софтвер и вештачка интелигенција, вештачка интелигенција и биокибернетика. За помлад асистент на Електротехничкиот факултет во Скопје на Катедрата за компјутерска техника и информатика е избран во декември 2007 година.

## Наставно-педагошка дејност

Како помлад асистент, м-р Кире Триводалиев ги одржувал аудиториските (и лабораториските) вежби по предметите: структурирано програмирање, објектно-ориентирано програмирање, логичко и функционално програмирање, бази на податоци, бази на податоци 1, бази на податоци 2, структури и бази на податоци, дистрибуирани компјутерски системи, алгоритми за анализа на податоци, податочно рударење, основи на софтвер и вештачка интелигенција, вештачка интелигенција и биокибернетика.

Вежбите ги изведува на соодветно стручно и педагошко ниво. Односот кон студентите и колегите му е коректен, односно тој е на нивото што го бара неговото работно место. Работните задачи секогаш ги извршува совесно, целосно и навремено.

## Објавени научни и стручни трудови

Помл. ас. м-р Кире Триводалиев ги има објавено следниве научноистражувачки трудови на странски и на домашни конференции и списанија:

1. D. Davcev, S. Kalajdziski, K. Trivodaliev, "Multimedia Environment for Mobile Learning", *The Second International Conference on Systems and Networks Communications*, Cap Esterel, France, August 2007.

2. G. Mirceva, S. Kalajdziski , K. Trivodaliev, D. Davcev, "Protein Retrieval by Matching 3D Structures", *8th National Conference ETAI 2007*, Ohrid, Macedonia, 2007.

3. Kalajdziski, S., Mirceva, G., Trivodaliev, K., and Davcev, D. "Protein Classification by Matching 3D Structures", *in proceedings of Frontiers in the Convergence of Bioscience*

*and Information Technologies 2007, FBIT 2007,* Ramada Plaza Jeju, Jeju Island, Korea, October 11-13, 2007, pp. 147-152.

4. V. Dzikovska, M. Oreskovic, S. Kalajdziski, K. Trivodaliev, D. Davcev, "Protein Secondary Structure Prediction Method based on Neural Networks", *in proceedings of the 2nd International Conference on Bioinformatics and Biomedical Engineering, iCBBE2008*, Shanghai, China, May 2008, pp. 176-179.

5. K. Trivodaliev, S. Kalajdziski, A. Kulakov, D. Davcev, G. Mirceva, "Efficient protein classification by using 3D structure content representation", *in proceedings of IASTED International Conference on Artificial Intelligence and Soft Computing 2008, ASC 2008,* Palma de Mallorca, Spain, September 1-3, 2008, pp. 151-156.

6. K. Trivodaliev, S. Kalajdziski, D. Davcev, "Multi-level Classification of Proteins Using 3D Structure Content Representation with Dimensionality Reduction", *In CD proceedings of IEEE International Conference on Innovations in Information Technology, IIT 2008,* Al Ain, United Arab Emirates, Dec 16-18, 2008.

7. Mirceva, G. Kalajdziski, S. Trivodaliev, K. Davcev, D. ,"Comparative Analysis of Three Efficient Approaches for Retrieving Protein 3D Structures", *in proceedings of IEEE Biomedical Engineering Conference 2008, CIBEC 2008,* Kairo, Egypt, Dec 18-20, 2008, pp. 1-4.

8. K. Trivodaliev, S. Kalajdziski, D. Davcev, "A System for Protein Classification Based on Protein 3D Structure", *in proceedings of The 5th international conference* SETIT 2009: *Sciences of Electronic, Technologies of Information and Telecommunications, IEEE,* Hammamet, Tunisia, March 22 – 26, 2009, p.172.

9. K. Trivodaliev, I. Cingovska, S. Kalajdziski, D. Davcev, "Protein Function Prediction Based on Neighborhood Profiles", *in proceedings of The ICT Innovations* 2009, *Springer*, Ohrid, Macedonia, September 28 – 30, 2009, p.125.

10. S. Kalajdziski, B. Pepik, I. Ivanoska, G. Mirceva, K. Trivodaliev, D. Davcev, "Automated Structural Classification of Proteins by Using Decision Trees and Structural Protein Features", *in proceedings of The ICT Innovations* 2009, *Springer*, Ohrid, Macedonia, September 28 – 30, 2009, p.135.

Трудовите што м-р Кире Триводалиев ги има објавено, главно, се резултат на одредена тимска работа. Забележливо е дека дел од нив произлегуваат од решавањето на проблеми кои бараат мултидисциплинарен пристап.

Со трудот под реден број 1, м-р Кире Триводалиев го покажува својот интерес во истражувањата во областа на информационите системи за учење на далечина. Во него се разгледуваат и обработуваат различни сервиси и техники кои го потпомагаат процесот на далечинско учење. Трудот е награден како „*best paper*" на конференцијата на која е објавен.
Со почетокот на својата истражувачка работа за магистерскиот труд, кандидатот се определува да ги насочи своите истражувања во областа на

биоинформатиката. Првите искуства од областа на мултимедијата, поточно од обработката, индексирањето и пребарувањето на 3Д-објектите, со нивна примена во областа на пребарување на протеински молекули ги стекнува во трудовите под реден број 2 и 3. Во нив се објаснува процесот на генерирање на дескриптор соодветен за пребарување на протеински молекули по структура. Кон стандардниот дескриптор базиран на геометриските својства на протеинската структура се додаваат и биолошките карактеристики кои ги поседуваат протеинските молекули, со што во трудот под реден број 3 се потврдува нивното значење во процесот на класификација и одредување на функцијата на протеинот.

Во трудот под реден број 4 се навлегува во делот за предвидување на секундарната протеинска структура од дадена протеинска секвенца. Имено, процесот на одредување на тродимензионалната структура на протеините подолго трае од процесот на одредување на примарната протеинска секвенца, па затоа е потребно да се направат алгоритми за предвидување на секундарните и терцијарните карактеристики на протеините. Во овој труд се предложени проширувања на веќе постојни алгоритми за предвидување на секундараната протеинска структура базирани на невронски мрежи. Предложените невронски мрежи се евалуирани и потврдени со експериментални резултати.

Својата истражувачка работа во областа на невронските мрежи, техниките за податочно рударење и ефикасната обработка на мултимедиски податоци, ја продолжува и ја проширува во трудовите под реден број 5, 6, 7, 8, 9 и 10. Со трудот под реден број 5 се воведуваат невронските мрежи во процесот на класификација и одредување на функцијата на протеинот. Во овој труд е презентиран пристап во кој со помош на АРТ-невронски мрежи се намалува димензионалноста на сложениот дескриптор на 3Д-протеинските молекули со што се доведува во облик кој е поприфатлив за алгоритмот за класификација, со што значително се подобруваат претходно добиените резултати. Во трудот под реден број 6, кандидатот презентира нов алгоритам за класификација на протеините врз база на нивната структура со користење на повеќе нивоа на одлучување со помош на дрва на одлука. Ваквиот алгоритам се покажува како попрецизен и поефикасен во однос на претходно користените алгоритми. Во трудот со реден број 8 се синтетизирани сите претходни истражувања направени во областа на класификација на протеински молекули односно е презентиран систем во кој е вклучено редуцирање на димензионалноста на дескрипторите на протеините и користење на повеќенивовска одлука со помош на дрва за одлука. Со овој труд се заокружува една целина во истражувачката работа на м-р Кире Триводалиев и таа е одбранета како магистерски труд.

Во трудот под реден број 7 е навлезено подлабоко во областа на мултимедијата гледана преку 3Д-структурата на протеините. Во овој труд се презентирани три различни техники за опишување и индексирање на протеинските структури и нивно ефикасно пребарување. Во трудот под реден број 10 се третира областа на податочното рударење и во него е презентиран нов алгоритам за

класификација на протеински молекули со користење на различни дескриптори за нивно опишување и повратна корекција на грешка при класификација.

Со трудот под реден број 9, кандидатот ја започнува работата на својата докторска дисертација, во која продолжува да се надградува во областа на биоинформатиката. Во рамките на овој труд кандидатот презентира нов пристап во класификацијата на протеините и нивната функција преку користење на протеински интеракциски мрежи. Во рамките на овој пристап се користи целосната топологија на една протеинска интеракциска мрежа, при што се земаат предвид сите можни меѓусебни влијанија на протеините без разлика на нивната оддалеченост во мрежата. Овие влијанија преку користење на статистички методи се користат со цел на непознатите протеини да им се додели значење, односно функција. Резултатите добиени во трудот се споредливи или подобри во однос на резултатите од други познати пристапи во литературата.

**Заклучок и предлог**

Од анализата на наставно-педагошката дејност на м-р Кире Триводалиев може да се констатира неговиот континуиран придонес во развојот на наставно-образовниот процес во областа на компјутерската техника и информатика. Според трудовите што се објавени на познати меѓународни и домашни конференции и списанија, произлегува дека тој активно се занимава со истражувања од повеќе области како што се мултимедиски и информациони системи, далечинско учење, податочно рударење и биоинформатика.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија е на мислење дека кандидатот ги исполнува сите формални и суштински услови за избор во звањето за кое конкурира. Поради тоа, таа му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, м-р Кире Триводалиев да биде избран во звањето асистент по наставно-научната област компјутерска техника и информатика.

**Рецензентска комисија**

Д-р Данчо Давчев,
редовен професор на ФЕИТ во Скопје, с.р

Д-р Владимир Трајковиќ,
вонреден професор на ФЕИТ во Скопје, с.р

Д-р Андреа Кулаков,
доцент на ФЕИТ во Скопје, с.р

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ–РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА ГРУПА НАСТАВНА ПРОГРАМА–КОМПОЗИТНИ МАТЕРИЈАЛИ, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ПРОИЗВОДИ ОД ИСИТНЕТО ДРВО, ФУРНИРИ И ФУРНИРСКИ ПЛОЧИ, ПОЗНАВАЊЕ НА ФУРНИРИ И ПЛОЧИ, ТЕХНОЛОГИЈА НА ОТПРЕСОЦИ, ПРИМАРНА ПРЕРАБОТКА НА ДРВОТО КАКО И ПО ПРЕДМЕТОТ ДРВНОИНДУСТРИСКО ГРАДЕЖНИШТВО НА ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје бр. 0201-63/VI-2 од 16.VI 2010 год., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Јосиф Димески, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, д-р Кирил Граматиков, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје, и д-р Митко Нацевски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје.

Комисијата, откако ги прегледа поднесените документи во врска со конкурсот објавен во дневните весници „Дневник" и „Koha e re" од 27.V 2010 год., констатира дека за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања на група наставна програма-композитни материјали, на предметите: производи од иситнето дрво, фурнири и фурнирски плочи, познавање на фурнири и плочи, технологија на отпресоци, примарна преработка на дрвото како и предметот дрвноиндустриско градежништво се пријавил само кандидатот д-р Борче Илиев, вонреден професор на Шумарскиот факултет во Скопје.

По прегледот на доставената документација и другите фактори, релевантни за избор на кандидатот, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Борче Илиев, вонреден професор на Шумарскиот факултет во Скопје е роден на 5.IV 1961 год. во Кочани. Основно и средно образование завршил во Скопје. На Шумарскиот факултет во Скопје се запишал во учебната 1981/82 год. на Одделот за дрвна индустрија. Дипломирал во 1986 год., со среден успех 8,19.

По дипломирањето се вработил во општественото претпријатие „ДИЕР" од Куманово. Во претпријатието работел во Одделението за техничката подготовка на производството. Оваа работа ја вршел една година.

На Шумарскиот факултет во Скопје се вработил во 1989 год. како помлад асистент во Одделението за примарна преработка на дрвото. Во учебната 1989/90 год. се запишал на постдипломските студии од областа примарна преработка на дрвото. Предвидените испити од постдипломските студии ги положил со среден успех 9,57. Во текот на студиите посебно ги разработувал материјалите и технологиите за производство на дрвени композитни материјали (различни видови на дрвени плочи и други пресувани дрвени производи). Магистерската работа под наслов „Проучување на некои својства на водоотпорни комбинирани плочи изработени од плочи од иверки и фурнири на база на фенолно лепило" ја одбранил на 12.I 1995 год.

Во соработничко звање-асистент на Шумарскиот факултет во Скопје кандидатот е избран на 29.VI 1995 год.

Истражувањата во докторската дисертација кандидатот ги продолжил во истата област-дрвени композитни материјали. Во дисертацијата кандидатот посебно ги проучувал дрвените плочи за употреба во градежништвото. Од овие истражувања произлегла неговата докторската теза под наслов „Компаративни испитувања помеѓу водоотпорни комбинирани дрвени плочи и водоотпорни повеќеслојни фурнирски плочи", која кандидатот ја одбранил на Шумарскиот факултет во Скопје на 7.VI 2000 год.

Во наставно-научното звање доцент на Шумарскиот факултет во Скопје, кандидатот е избран на 22.XI 2000 год., додека во наставно-научното звање вонреден професор на Шумарскиот факултет во Скопје е избран на 22.XI 2005 год.

До изборот во звањето вонреден професор, кандидатот има раководено со еден национален научноистражувачки проект, а има учествувано во повеќе национални научноистражувачки проекти, еден меѓународен и еден Темпус-проект. Исто така, до овој

избор, самостојно или со други автори кандидатот има објавено 45 научни труда, 61 стручен труд и еден практикум (рецензии објавени во Билтен бр. 577 од 26.VI 1992 год., Билтен бр. 638 од 1.VI 1995 год., Билтен бр. 713 од 15.VII 1998 год., Билтен бр. 764 од 16.X 2000 год. и Билтен бр. 875 од 15.VI 2005 год.). Покрај другите стручни трудови, во оваа група влегуваат 46 сертификати за квалитетот на плочите од иверки, плочите од дрвени влакна и фурнирските плочи, два сертификата за квалитетот на масивен паркет и една експертиза, изработени за потребите на стопанските субјекти во Р. Македонија.

Од аспект на дејностите од поширок интерес, во изминатиот период кандидатот активно учествува во работењето на различни комисии и тела на Факултетот, во работењето на Инженерската институција на Македонија, Институтот за стандардизација на Р. Македонија, Македонската академија на науките и уметностите и др.

Кандидатот д-р Борче Илиев се служи со англискиот јазик и со другите јазици блиски на македонскиот, со оперативниот систем MS Windows и со сите придружни програмски пакети, како и со наменски софтвер за оптимализација со технолошките процеси во областа на дрвените композитни материјали.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА И ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Во досегашниот период, кандидатот д-р Борче Илиев успешно ја изведува наставата на додипломските студии на Шумарскиот факултет во Скопје. На Институтот за дрвна индустрија, на студиските програми механичка технологија на дрвото и проектирање и технологија на мебел и ентериер, кандидатот ја изведува наставата по предметните програми: фурнири и фурнирски плочи, технологија на отпресоци и дрвноиндустриско градежништво. На Институтот за шумарство и унапредување на животната средина, на студиската програма шумарство, кандидатот ја изведува наставата по предметната програма примарна преработка на дрвото.

Кандидатот д-р Борче Илиев со успех учествува и во реализација на наставата на постдипломските студии на Шумарскиот факултет во Скопје, на студиската програма примарна преработка на дрвото. На оваа студиска програма, кандидатот ја изведува наставата по предметните програми: технологија на фурнири и фурнирски плочи, производство на отпресоци од ивер и фурнири, брикетирање и пелетирање на биомасата и минимизирање и рециклирање на дрвениот отпад.

Во периодот од изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот бил ментор на 17 дипломски работи и член на Комисија за одбрана на 11 дипломски работи. Во овој период кандидатот остварил голем број на консултации со студенти на додипломските и постдипломските студии. Во соработка со други автори, во овој период кандидатот изготвил два универзитетски учебника, две интерни скрипти за предавања и една интерна скрипта за вежби. Кандидатот бил и рецензент на еден универзитетски учебник.

Кандидатот д-р Борче Илиев е избран за ментор на магистерската работа под наслов „Споредбени истражувања на својствата на лабораториски фурнирски плочи и некои индустриски дрвени плочи" од студиската програма примарна преработка на дрвото, модул-композитни материјали, пријавена од дипл. инж. Виолета Јакимовска Поповска, помлад асистент на Катедрата за композитни материјали на Шумарскиот факултет во Скопје.

Наставно-образовниот процес на додипломските и постдипломските студии, кандидатот д-р Борче Илиев го релизира на завидно педагошко рамниште. Во наставно-образовниот процес вклучува интерактивна настава, семинарски работи и програми, како и внесување на позитивни искуства во наставниот процес стекнати со бројните контакти што ги остварил во нашата држава и надвор од неа. Исто така, во наставно-образовниот процес кандидатот внесува искуства стекнати со научноистражувачката и апликативната работа, како и практични искуства стекнати од соработката остварена со стопанските субјекти во Р. Македонија.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во периодот од изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот д-р Борче Илиев во соработка со други автори има изготвено 27 научни труда. Дел од трудовите се публикувани во домашни и странски научни и стручни списанија, а дел се презентирани на домашни и странски конференции и симпозиуми. Во овој период, кандидатот раководел со меѓународен научноистражувачки проект помеѓу Р. Македонија и Р. Бугарија, а исто така бил учесник во реализацијата на еден научноистражувачки проект на Шумарскиот факултет во Загреб, Р. Хрватска.

Врз основа на приложената документација се забележува дека во научноистражувачката работа кандидатот се занимава со истражување на материјалите и технологиите за производство на дрвени композитни материјали (дрвени плочи) наменети претежно за градежништвото. Во овој контекст може да се спомнат и истражувањата во наведената магистерска работа под менторство на кандидатот, каде што се проучуваат повеќеслојни фурнирски плочи и други дрвени плочи за употреба во градежништвото. Освен тоа, во изминатите пет години кандидатот ја проширил својата научноистражувачка активност и во областа на биогените горива, односно се занимавал со истражувања на материјалите и технологиите за производство на енергетски брикети и пелети на основа на лигноцелулозна биомаса.

Својата научноистражувачка работа кандидатот ја презентирал во различни списанија (Шумарски преглед/Forest Review, Инженерство/Engineering, Journal of Agricultural Science), како и на различни конференции и симпозиуми, со цел да ја запознае домашната и меѓународната стручна јавност со постигнатите резултати од истражувањата.

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Од изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот д-р Борче Илиев самостојно или во соработка со други автори има изготвено 18 стручни труда. Од вкупниот број, 15 труда се однесуваат на различни стручни мислења, извештаи и сертификати од лабораториско испитување на квалитетот на плочите од иверки, фурнирските плочи, суровината за брикетирање, енергетските брикети од лигноцелулозна биомаса, масивниот буков паркет и дрвените подни облоги. Во наведениот период кандидатот раководел со експертски тим за изработка на студија за агроенергија и пилот-проект за агроенергија. Исто така, во овој период кандидатот учествувал во изработката на идеен проект за изградба и опремување на Лабораторија за испитување на мебел, градежна столарија и други дрвни и недрвни материјали во состав на Шумарскиот факултет во Скопје. Во овој период, кандидатот се стекнал и со сертификат за завршена обука за воведување на нови лабораториски истражувачки методи и работа со софтвер за потребите на Лабораторијата за испитување на мебел, градежна столарија и други дрвни и недрвни материјали.

Во периодот по изборот во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот вршел различни дејности од поширок интерес. Кандидатот учествувал во работата на различни комисии и тела на Шумарскиот факултет во Скопје. Исто така, кандидатот бил член на различни комисии и тела во други институции во земјата и во странство.

## 5. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОГ

Во периодот од неговиот избор во наставно-научното звање вонреден професор, кандидатот д-р Борче Илиев ја продолжил и ја интензивирал својата научноистражувачка работа. За тоа најдобро зборува фактот што во последните пет години има публикувано 27 научни труда, 18 стручни труда и бил раководител на еден меѓународен научноистражувачки проект. Трудовите го претставуваат како солиден научен работник кој со сигурност владее со методите на научното истражување во областа на дрвените композитни материјали и дрвното градежништво. Од трудовите кои се карактеризираат со својата изворност и оригиналност, исто така, со сигурност може да се констатира дека

кандидатот д-р Борче Илиев ја владее проблематиката на дрвените композитни материјали, со што врши влијание врз развојот на научната мисла и усовршување на практиката на подрачјето на биотехничките науки.

Врз основа на изнесеното во извештајот, посебно на оцените за наставно-образовната и педагошката дејност, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, сметаме дека кандидатот достигнал зрелост по сите компоненти и барања за повисоко универзитетско звање. Во досегашното работење, кандидатот покажал забележителни резултати, што дава основа за претпоставка дека и понатаму успешно ќе твори во полето на биотехничките науки. Солидното познавање на проблематиката од областа на дрвените композитни материјали и дрвното градежништво, бројните публикации, настапите на научни конференции и симпозиуми во земјата и надвор од неа, укажуваат дека д-р Борче Илиев поседува квалитети кои гарантираат дека со успех ќе ги извршува сите задачи што произлегуваат од работното место.

Поаѓајќи од изложеното и оцената на активностите во последните пет години, а според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со особено задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Шумарскиот факултет во Скопје, д-р Борче Илиев, вонреден професор на истиот Факултет, да биде избран за наставник на група наставна програма-композитни материјали, по предметите: производи од иситнето дрво, фурнири и фурнирски плочи, познавање на фурнири и плочи, технологија на отпресоци, примарна преработка на дрвото како и по предметот дрвноиндустриско градежништво, во звањето редовен професор.

Рецензентска комисија

1. Д-р Јосиф Димески, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје с.р.

2. Д-р Кирил Граматиков, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје с.р.

3. Д-р Митко Нацевски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Борче Митре Илиев**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **композитни материјали**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: (од изборот за вонреден професор до сега) | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Дрвноиндустриско градежништво-МТД, ПТМЕ (2+2), летен 2005/06-предавања | 1,2 |
| 2 | Дрвноиндустриско градежништво-МТД, ПТМЕ (2+2), летен 2005/06-вежби | 0,9 |
| 3 | Фурнири и фурнирски плочи-МТД (4+3), зимски 2005/06-предавања | 2,4 |
| 4 | Фурнири и фурнирски плочи-МТД (4+3), зимски 2005/06-вежби | 1,35 |
| 5 | Технологија на отпресоци-ПТМЕ (2+1), летен 2005/06-предавања (изборен) | 1,2 |
| 6 | Технологија на отпресоци-ПТМЕ (2+1), летен 2005/06-вежби (изборен) | 0,45 |
| 7 | Примарна преработка на дрвото-Ш (2+2), летен 2005/06-предавања (изборен) | 1,2 |
| 8 | Примарна преработка на дрвото-Ш (2+2), летен 2005/06-вежби (изборен) | 0,9 |
| 9 | Дрвноиндустриско градежништво-МТД, ПТМЕ (2+2), летен 2006/07-предавања | 1,2 |
| 10 | Дрвноиндустриско градежништво-МТД, ПТМЕ (2+2), летен 2006/07-вежби | 0,9 |
| 11 | Фурнири и фурнирски плочи-МТД (4+3), зимски 2006/07-предавања | 2,4 |
| 12 | Фурнири и фурнирски плочи-МТД (4+3), зимски 2006/07-вежби | 1,35 |
| 13 | Технологија на отпресоци-ПТМЕ (2+1), летен 2006/07-предавања (изборен) | 1,2 |
| 14 | Технологија на отпресоци-ПТМЕ (2+1), летен 2006/07-вежби (изборен) | 0,45 |
| 15 | Примарна преработка на дрвото-Ш (2+2), летен 2006/07-предавања (изборен) | 1,2 |
| 16 | Примарна преработка на дрвото-Ш (2+2), летен 2006/07-вежби (изборен) | 0,9 |
| 17 | Дрвноиндустриско градежништво-МТД, ПТМЕ (2+2), летен 2007/08-предавања | 1,2 |
| 18 | Фурнири и фурнирски плочи-МТД (4+3), зимски 2007/08-предавања | 2,4 |
| 19 | Технологија на отпресоци-ПТМЕ (2+1), летен 2007/08-предавања (изборен) | 1,2 |
| 20 | Примарна преработка на дрвото-Ш (2+2), летен 2007/08-предавања (изборен) | 1,2 |
| 21 | Дрвноиндустриско градежништво-МТД, ПТМЕ (2+2), летен 2008/09-предавања | 1,2 |
| 22 | Фурнири и фурнирски плочи-МТД (4+3), зимски 2008/09-предавања | 2,4 |
| 23 | Технологија на отпресоци-ПТМЕ (2+1), летен 2008/09-предавања (изборен) | 1,2 |
| 24 | Примарна преработка на дрвото-Ш (2+2), летен 2008/09-предавања (изборен) | 1,2 |
| 25 | Дрвноиндустриско градежништво-МТД, ПТМЕ (2+2), летен 2009/10-предавања | 1,2 |
| 26 | Фурнири и фурнирски плочи-МТД (4+3), зимски 2009/10-предавања | 2,4 |
| 27 | Технологија на отпресоци-ПТМЕ (2+1), летен 2009/10-предавања (изборен) | 1,2 |
| 28 | Примарна преработка на дрвото-Ш (2+2), летен 2009/10-предавања (изборен) | 1,2 |
| 29 | Технологија на фурнири и фурнирски плочи (3), II циклус, изборен, зимски 2007/08-предавања | 2,25 |
| 30 | Производство на отпресоци од ивер и фурнири (3), II циклус, изборен, зимски 2007/08-предавања | 2,25 |
| 31 | Брикетирање и пелетирање на биомасата (3), II циклус, изборен, летен 2007/08-предавања | 2,25 |
| 32 | Минимизирање и рециклирање на дрвениот отпад (3), II циклус, изборен, летен 2007/08-предавања | 2,25 |
| 33 | Технологија на фурнири и фурнирски плочи (3), II циклус, изборен, зимски 2008/09-предавања | 2,25 |
| 34 | Производство на отпресоци од ивер и фурнири (3), II циклус, изборен, зимски 2008/09-предавања | 2,25 |
| 35 | Брикетирање и пелетирање на биомасата (3), II циклус, изборен, летен 2008/09-предавања | 2,25 |
| 36 | Минимизирање и рециклирање на дрвениот отпад (3), II циклус, изборен, летен 2008/09-предавања | 2,25 |
| 37 | Технологија на фурнири и фурнирски плочи (3), II циклус, изборен, зимски 2009/10-предавања | 2,25 |

| | | |
|---|---|---|
| 38 | Производство на отпресоци од ивер и фурнири (3), II циклус, изборен, зимски 2009/10-предавања | 2,25 |
| 39 | Брикетирање и пелетирање на биомасата (3), II циклус, изборен, летен 2009/10-предавања | 2,25 |
| 40 | Минимизирање и рециклирање на дрвениот отпад (3), II циклус, изборен, летен 2009/10-предавања | 2,25 |
| 41 | Дрвноиндустриско градежништво-МТД, ПТМЕ (2+2), летен 2005/06, еден ден теренска настава (8 часа) | 0,32 |
| 42 | Фурнири и фурнирски плочи-МТД (4+3), зимски 2005/06, два дена теренска настава (16 часа) | 0,64 |
| 43 | Технологија на отпресоци-ПТМЕ (2+1), летен 2005/06, еден ден теренска настава (8 часа) | 0,32 |
| 44 | Дрвноиндустриско градежништво-МТД, ПТМЕ (2+2), летен 2006/07, еден ден теренска настава (8 часа) | 0,32 |
| 45 | Фурнири и фурнирски плочи-МТД (4+3), зимски 2006/07, два дена теренска настава (16 часа) | 0,64 |
| 46 | Технологија на отпресоци-ПТМЕ (2+1), летен 2006/07, еден ден теренска настава (8 часа) | 0,32 |
| 47 | Дрвноиндустриско градежништво-МТД, ПТМЕ (2+2), летен 2007/08, еден ден теренска настава (8 часа) | 0,32 |
| 48 | Фурнири и фурнирски плочи-МТД (4+3), зимски 2007/08, два дена теренска настава (16 часа) | 0,64 |
| 49 | Технологија на отпресоци-ПТМЕ (2+1), летен 2007/08, еден ден теренска настава (8 часа) | 0,32 |
| 50 | Дрвноиндустриско градежништво-МТД, ПТМЕ (2+2), летен 2008/09, еден ден теренска настава (8 часа) | 0,32 |
| 51 | Фурнири и фурнирски плочи-МТД (4+3), зимски 2008/09, два дена теренска настава (16 часа) | 0,64 |
| 52 | Технологија на отпресоци-ПТМЕ (2+1), летен 2008/09, еден ден теренска настава (8 часа) | 0,32 |
| 53 | Дрвноиндустриско градежништво-МТД, ПТМЕ (2+2), летен 2009/10, еден ден теренска настава (8 часа) | 0,32 |
| 54 | Фурнири и фурнирски плочи-МТД (4+3), зимски 2009/10, два дена теренска настава (16 часа) | 0,64 |
| 55 | Технологија на отпресоци-ПТМЕ (2+1), летен 2009/10, еден ден теренска настава (8 часа) | 0,32 |
| 56 | Консултации со студенти, 2005/06, зимски семестар, 26 студенти | 0,052 |
| 57 | Консултации со студенти, 2005/06, летен семестар, 120 студенти | 0,24 |
| 58 | Консултации со студенти, 2006/07, зимски семестар, 15 студенти | 0,03 |
| 59 | Консултации со студенти, 2006/07, летен семестар, 75 студенти | 0,15 |
| 60 | Консултации со студенти, 2007/08, зимски семестар, 15 студенти | 0,03 |
| 61 | Консултации со студенти, 2007/08, летен семестар, 124 студенти | 0,248 |
| 62 | Консултации со студенти, 2008/09, зимски семестар, 25 студенти | 0,05 |
| 63 | Консултации со студенти, 2008/09, летен семестар, 91 студент | 0,182 |
| 64 | Консултации со студенти, 2009/10, зимски семестар, 25 студенти | 0,05 |
| 65 | Консултации со студенти, 2009/10, летен семестар, 87 студенти | 0,174 |
| 66 | Консултации со студенти (II циклус) 2007/08, зимски сем., 1 студент | 0,002 |
| 67 | Консултации со студенти (II циклус) 2007/08, летен сем., 1 студент | 0,002 |
| 68 | Ментор на дипломска работа (×17) | 3,4 |
| 69 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (×11) | 1,1 |
| 70 | Димески, Ј., ИЛИЕВ, Б. (2007): „Производи од иситнето дрво, II дел, плочи влакнатици и брикети", основен учебник, УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, позитивно рецензиран универзитетски учебник, одлука бр. 0201-47/VIII-2 од 4.9.2006 год. (учебникот е отпечатен), (автор). | 8 |
| 71 | Димески, Ј., ИЛИЕВ, Б. (2009): „Познавање на фурнири и плочи", основен учебник, УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, позитивно рецензиран универзитетски учебник предаден за печатење, одлука бр. 0201-72/IV-3 од 17.6.2009 год. (автор). | 8 |
| 72 | ИЛИЕВ, Б., Димески, Ј., Јакимовска Поповска, В. (2009): „Дрвноиндустриско градежништво", интерна скрипта, УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, усвоен записник од II седница на Наставно-научниот совет на УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, одржана на 22.2.2010 год. (автор). | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 73 | ИЛИЕВ, Б., Димески, Ј., Јакимовска Поповска, В. (2009): „Технологија на отпресоци", интерна скрипта, УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, усвоен записник од II седница на Наставно-научниот совет на УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, одржана на 22.2.2010 год. (автор). | 4 |
| 74 | ИЛИЕВ, Б., Димески, Ј., Јакимовска Поповска, В. (2009): „Производи од иситнето дрво II дел - плочи влакнатици", интерна скрипта за вежби, УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, усвоен записник од II седница на Наставно-научниот совет на УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, одржана на 22.2.2010 год. (автор). | 3 |
| 75 | Член на Рецензентска комисија на универзитетски учебник „Хемиска преработка на дрвото", одлука бр. 0201-44/V од 13.5.2008 год. | 1 |
| | **Вкупно** | **104,31** |

Извор на информации за наставно-образовната дејност: Студентска служба на Шумарскиот факултет во Скопје

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста:<br>(од изборот за вонреден професор до сега) | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на магистерска работа под наслов: „Споредбени истражувања на својствата на лабораториски фурнирски плочи и некои индустриски плочи", пријавена од дипл. инж. Виолета Јакимовска Поповска, одлука бр. 0201-72/VI-8 од 23.9.2009 год. | 1 |
| 2 | „Квалитетна контрола при користењето на земјоделските отпадоци како суровина за плочи од дрвени иверки и брикети", Завршен извештај на меѓународен научноистражувачки проект помеѓу Р. Македонија и Р. Бугарија, финансиран од МОН на Р. Македонија, шифра 17-2045/4-05, времетраење од 2005 до 2007 год., главен истражувач од Р. Македонија: проф. д-р БОРЧЕ ИЛИЕВ, одлука бр. 0201-44/XI-5.4 од 10.12.2008 год. | 9 |
| 3 | „Tehnologija novih vrsta drvnih materijala od usitnjenog i utekućenog drva", научноистражувачки проект на Шумарскиот факултет во Загреб, Р. Хрватска, финансиран од Министерството за наука, образование и спорт на Р. Хрватска, времетраење од 2007 до 2010 год., раководител на проектот: проф. д-р Владимир Јамбрековиќ, учесник во проектот од Р. Македонија: проф. д-р БОРЧЕ ИЛИЕВ, писмо бр. 251-7201-10-1 од 12.5.2010 год. | 3 |
| 4 | ИЛИЕВ, Б., Михајлова, Ј., Нацевски, М. (2006): „Анализа на дебелинското бабрење и впивањето вода кај лакирани водоотпорни дрвени плочи", Шумарски преглед-списание за шумарство и дрвна индустрија, год. 41, стр. 1-7, Скопје. | 3,2 |
| 5 | ИЛИЕВ, Б., Пешевски, М., Михајлова, Ј., Тодоров, Т., Григоров, Р. (2006): „Можности за користење на обновливата биомаса од земјоделството на Република Македонија и Република Бугарија", Шумарски преглед-списание за шумарство и дрвна индустрија, год. 41, стр. 8-13, Скопје. | 2,4 |
| 6 | Јосифов, Н., Михајлова, Ј., ИЛИЕВ, Б., Димески, Ј. (2006): „Ефективност на процесот на горење на растителна биомаса", Шумарски преглед-списание за шумарство и дрвна индустрија, год. 41, стр. 14-20, Скопје. | 2,4 |
| 7 | Нацевски, М., ИЛИЕВ, Б., Несторовски, Љ. (2006): „Густина на дрвото од прибoрови вештачки подигнати насади", Шумарски преглед-списание за шумарство и дрвна индустрија, год. 41, стр. 44-51, Скопје. | 3,2 |
| 8 | Нацевски, М., ИЛИЕВ, Б., Несторовски, Љ. (2006): „Истражување на основните физички својства на дрвото од аризонски чемпрес *(Cupressus arizonica)*", Шумарски преглед-списание за шумарство и дрвна индустрија, год. 41, стр. 52-56, Скопје. | 3,2 |
| 9 | ИЛИЕВ, Б., Пешевски, М., Јакимовска, В. (2009): „Лозовите прачки-потенцијална замена на дрвната суровина за производство на енергетски брикети", Инженерство-списание за инженерско творештво и технологија, год. 2009, бр. 1, стр. 17-25, Скопје. | 3,2 |
| 10 | ИЛИЕВ, Б., Михајлова, Ј., Јакимовска Поповска, В. (2009): „Можности за користење на стеблата од сончоглед за производство на енергетски брикети, Шумарски преглед-списание за шумарство и дрвна индустрија, год. 42, стр. 1-8, Скопје. | 3,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Михајлова, Ј., Такева, Л., ИЛИЕВ, Б., Панајотов, П. (2009): „Топлоизолациони својства на комбинирани дрвени плочи", Шумарски преглед-списание за шумарство и дрвна индустрија, год. 42, стр. 9-14, Скопје. | 2,4 |
| 12 | ИЛИЕВ, Б., Јакимовска Поповска, В. (2010): „Можности за користење на стеблата од пченка за производство на енергетски брикети", Инженерство-списание за инженерско творештво и технологија, год. 2010, Скопје (писмо бр. 0202-076 од 19.5.2010 год.). | 3,6 |
| 13 | ILIEV, B., Bahcevandziev, K., Dimeski, J., Gruevski, G. (2005): „Dimension Stability of New Type Water-Resistant Constructive Boards", Proceedings of the 17-th International Wood Machining Seminar „Yuri Stakhiev Seminar", pg. 88-93, Rosenheim. | 2 |
| 14 | Gruevski, G., Kyuchukov, B., ILIEV, B. (2005): „Comparative Analize of the Specific Ultimate Shear Force of Glued Corner Joint Made From Veneer Laminated Particle Boards With Thickness of 12 and 16 mm", Proceedings of the 17-th International Wood Machining Seminar „Yuri Stakhiev Seminar", pg. 127-130, Rosenheim. | 2 |
| 15 | ILIEV, B., Gramatikov, K., Mihailova, J. (2006): „Possibilities for Production of New Type Dimension Stable Constructive Wood-Based Panels", Conference Proceedings of Cost Action E44-E49, Valencia, Poster Session, 249. | 2 |
| 16 | ИЛИЕВ, Б., Нацевски, М., Михаилова, Ј., Димески, Ј., Јакимовска, В. (2007): „Можности за изработка на фурнирски плочи со постојан степен на слепеност, Зборник на трудови од меѓународен симпозиум – Одржливо шумарство-проблеми и предизвици, перспективи и предизвици во дрвната индустрија, стр. 377-383, Охрид. | 2 |
| 17 | ИЛИЕВ, Б., Нацевски, М., Михаилова, Ј., Димески, Ј., Јакимовска, В. (2007): „Споредбена анализа на впивањето вода и дебелинското бабрење помеѓу повеќеслојни фурнирски плочи и масивно дрво", Зборник на трудови од меѓународен симпозиум – Одржливо шумарство-проблеми и предизвици, перспективи и предизвици во дрвната индустрија, стр. 384-389, Охрид. | 2 |
| 18 | Јосифов, Н., Михајлова, Ј., ИЛИЕВ, Б. (2007): „Некои можности за редуцирање на одделувањето на штетни емисии при горењето на растителна биомаса", Зборник на трудови од меѓународен симпозиум – Одржливо шумарство-проблеми и предизвици, перспективи и предизвици во дрвната индустрија, стр. 401-405, Охрид. | 2 |
| 19 | Михајлова, Ј., ИЛИЕВ, Б., Пешевски, М., Тодоров, Т., Григоров, Р. (2007): „Оценување на квалитетот на плочите од дрвени иверки за неконструктивна употреба со различно учество на поздер од лен во средниот слој", Зборник на трудови од меѓународен симпозиум – Одржливо шумарство-проблеми и предизвици, перспективи и предизвици во дрвната индустрија, стр. 442-448, Охрид. | 2 |
| 20 | Михајлова, Ј., Тодоров, Т., Григоров, Р., ИЛИЕВ, Б., Пешевски, М. (2007): „Квалитетни показатели на лозовите прачки како суровина за производство на плочи од дрвени иверки", Зборник на трудови од меѓународен симпозиум – Одржливо шумарство-проблеми и предизвици, перспективи и предизвици во дрвната индустрија, стр. 449-455, Охрид. | 2 |
| 21 | Нацевски, М., ИЛИЕВ, Б., Несторовски, Љ., Груевски, Ѓ. (2007): „Истражувања на некои физички и механички својства на дрвото од аризонскиот чемпрес *(Cupressus arizonica)* во Република Македонија", Зборник на трудови од меѓународен симпозиум – Одржливо шумарство-проблеми и предизвици, перспективи и предизвици во дрвната индустрија, стр. 460-465, Охрид. | 2 |
| 22 | Нацевски, М., ИЛИЕВ, Б., Несторовски, Љ., Велковски, Н. (2007): „Истражување на јакостите на притисок и свиткување на дрвото од црнборови вештачки подигнати насади", Зборник на трудови од меѓународен симпозиум – Одржливо шумарство-проблеми и предизвици, перспективи и предизвици во дрвната индустрија, стр. 466-470, Охрид. | 2 |
| 23 | Михайлова, Ю., ИЛИЕВ, Б., Тодоров, Т., Григоров, Р. (2008): „Механични показатели на трислойни плочи с различни видове лигно-целулозни земеделски остатъци в междинния слой", Сборник научни доклади от научно-техническа конференция „Иновации в горската промишленост и инженерния дизайн", стр. 93-98, Юундола. | 2 |
| 24 | Peševski, M., ILIEV, B., Živković, D., Jakimovska Popovska, V., Srbinovska, M., Filipovski, B. (2009): „Mogućnosti korišćenja duvanskih stabala za proizvodnju energetskih briketa", IV Simpozium sa međunarodnim učešćem „Inovacije u ratarskoj i povrtarskoj proizvodnji", str. 36, Beograd-Zemun. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 25 | Михайлова, Ю., ИЛИЕВ, Б., Тодоров, Т., Григоров, Р. (2009): „Възможности за оползотворяване на тютюневите стъбла за междинен слой на трислойни плочи от дървесни частици", втора научно-техническа конференция „Иновации в горската промишленост и инжснерния дизайн", програма и резюмета, стр. 35, Юндола. | 2 |
| 26 | ILIEV, B., Mihailova, J., Dimeski, J. (2005): „Analysis of Significant Properties of Particle Boards Produced of Various Materials", Proceedings of 7-th International Conference on Wood Technology, Construction Industry and Wood Protection Under Motto "Durabillity and Quality of Structural Wood Products", pg. 9-13, Zagreb. | 3 |
| 27 | Mihailova, J., ILIEV, B., Yosifov, N. (2005): „Comparative Analysis of Thickness Swelling and Water Absorption of Water-Resistant Combined Wood-Based Panels", Proceedings of 7-th International Conference on Wood Technology, Construction Industry and Wood Protection Under Motto „Durabillity and Quality of Structural Wood Products", pg. 35-39, Zagreb. | 3 |
| 28 | ILIEV, B., Nacevski, M., Mihailova, J., Gruevski, G., Jakimovska, V. (2008): „Analyze of the Important Physical and Mechanical Properties of the Plywood Compared with Particleboards and Solid Wood", Proceedings of 19th International Scientific Conference „Wood is Good-Properties, Technology, Valorisation, Application", Ambienta 2008, pg. 89-94, Zagreb. | 3 |
| 29 | Jambreković, V., Španić, N., Jambreković, T., ILIEV, B. (2009): „Applicability of MDF for Lacquered Door Frame Manufacturing", Proceedings of 20th International Scientific Conference „Wood is Good-New Materials, Quality and Design of Products", Ambienta 2009, pg. 51-59, Zagreb. | 3 |
| 30 | ILIEV, B., Gramatikov, K., Jakimovska, V. (2008): „State of the Art Report on Wooden Panels in R. of Macedonia", Cost Action E49, Bled. | 1 |
| | **Вкупно** | 78,8 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: (од изборот за вонреден професор до сега) | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Стручно мислење за сертификати за плочи од иверки по отворен повик за набавка на канцелариски мебел за потребите на Министерството за внатрешни работи на Р. Македонија, писмо бр. 12-331/2 од 31.3.2006 год. | 1 |
| 2 | Извештај од испитувањето на плочи од дрвени иверки, Атест бр. БЦ 08 047, арх. бр. 12-429/1 од 9.6.2006 год. | 1 |
| 3 | Извештај од испитувањето на енергетски брикет, арх. бр. 12-575/1 од 9.6.2006 год. | 1 |
| 4 | Извештај од испитувањето на масивен буков паркет, арх. бр. 12-68/1 од 7.2.2007 год. | 1 |
| 5 | Извештај од испитувањето на енергетски брикет, арх. бр. 12-699/1 од 10.10.2007 год. | 1 |
| 6 | Стручно мислење за начинот на вградување и условите на експлоатација на подна облога за спортски сали, арх. бр. 12-823/1 од 5.12.2007 год. | 1 |
| 7 | Извештај од испитувањето на плочи од дрвени иверки, Атест бр. БЦ 08 048, арх. бр. 12-249/1 од 19.3.2008 год. | 1 |
| 8 | Извештај од испитувањето на енергетски брикет, арх. бр. 12-554/1 од 1.7.2008 год. | 1 |
| 9 | Извештај од испитувањето на раздробена суровина, арх. бр. 12-1007/1 од 25.11.2008 год. | 1 |
| 10 | Извештај од испитувањето на енергетски брикет, арх. бр. 12-159/2 од 27.2.2009 год. | 1 |
| 11 | Извештај од испитувањето на енергетски брикет, арх. бр. 12-203/1 од 27.2.2009 год. | 1 |
| 12 | Извештај од испитувањето на енергетски брикет, арх. бр. 12-685 од 13.7.2009 год. | 1 |
| 13 | Извештај од испитувањето на енергетски брикет, арх. бр. 12-686 од 13.7.2009 год. | 1 |
| 14 | Извештај од испитувањето на водоотпорни фурнирски плочи, арх. бр. 12-704/1 од 31.7.2009 год. | 1 |
| 15 | Извештај од испитувањето на плочи од дрвени иверки, Атест бр. БЦ 08 049, арх. бр. 12-439/1 од 25.5.2010 год. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 16 | „Елаборат за градба и опремување на Лабораторија за испитување на мебел, градежна столарија и други дрвни и недрвни материјали", идеен проект, работна група: проф. Константин Бахчеванџиев, проф. БОРЧЕ ИЛИЕВ, доц. Ѓорги Груевски, Шумарски факултет-Скопје, 2008. | 1 |
| 17 | Agro-Energy Study No. 006/2009: „Investigation of the Possible Usage of the Biomass Energy Potential From the Forestry and Agriculture in the Rural Region of the Republic of Macedonia", Experts Team: prof. BORCE ILIEV, prof. Josif Dimeski, assistant Violeta Jakimovska Popovska, CeProSARD-Center for Promotion of Sustainalbe Agriculture and Rural Development, Skopje. | 2 |
| 18 | Agro-Energy Pilot Project No. 0029/2009: „Pellets Production From Agroforest Biomass and Plant Remains (Agro-Forest Biomass Plant Remains & Briquettes & Pellets)", Experts Team: prof. BORCE ILIEV, prof. Ordan Cukaliev, prof. Josif Dimeski, assistant Violeta Jakimovska Popovska, CeProSARD-Center for Promotion of Sustainalbe Agriculture and Rural Development, Skopje. | 2 |
| 19 | Сертификат за завршена обука за воведување на нови лабораторски истражувачки методи и работа со уреди и софтвер на фирмата K. Schulten GmbH & Co. KG за потребите на Лабораторијата за испитување на мебел, градежна столарија и други дрвни и недрвни материјали во состав на Шумарскиот факултет во Скопје. | 4 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Член на Националниот уредувачки одбор на списанието „Инженерство", Инженерска институција на Македонија (ИМИ), Скопје, 2007 год., Записник бр. 04 од третата седница на Управниот одбор на ИМИ од 29.11.2007 год. | 0,5 |
| 2 | Главен и одговорен уредник на списанието за шумарство и дрвна индустрија „Шумарски преглед", бр. 41 од 2006 год., Шумарски факултет-Скопје, одлука бр. 0201-81/X-2 од 30.12.2005 год. и одлука бр. 0202-71/7 од 24.10.2006 год. | 2 |
| 3 | Предлог-пријава за финансирање на национален научноистражувачки проект под наслов: „Истражување на карактеристиките на повеќелојни фурнирски плочи произведени од лисјарска и иглолисна дрвна суровина со пресување во поле со високофреквентно загравање", главен истражувач: д-р БОРЧЕ ИЛИЕВ, Шумарски факултет-Скопје, одлука бр. 0201-96/VII-8 од 16.10.2007 год. | 1 |
| 4 | Предлог-пријава за финансирање на национален научноистражувачки проект под наслов: „Истражување на карактеристиките на модифицирани повеќелојни конструктивни фурнирски плочи", главен истражувач: д-р БОРЧЕ ИЛИЕВ, Шумарски факултет-Скопје, архивски бр. 08-125/1 од 5.2.2010 год. | 1 |
| 5 | Член на Комисијата за научна работа на Шумарскиот факултет во Скопје, одлука бр. 0201-81/III-7 од 28.3.2005 год. | 0,5 |
| 6 | Член на Комисијата за самоевалуација на Шумарскиот факултет во Скопје, одлука бр. 0201-47/XIII-10 од 25.12.2006 год. | 0,5 |
| 7 | Член на Комисијата за спроведување и реализација на анкета со студентите од Шумарскиот факултет во Скопје, одлука бр. 0202-47/5 од 15.3.2007 год. | 0,5 |
| 8 | Член на конкурсната Комисија за реализација на конкурсот за запишување на студенти во прва година во учебната 2007/2008 год. на Шумарскиот факултет во Скопје, одлука бр. 0201-96/II-7 од 11.5.2007 год. | 0,5 |
| 9 | Член на Комисијата за спроведување на постапка за јавна набавка за изработка на основен проект за градба на Лабораторија за испитување на мебел, градежна столарија и други дрвни и недрвни материјали во состав на Шумарскиот факултет во Скопје, УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, одлука бр. 0506-927/1 од 6.11.2008 год. | 0,5 |
| 10 | Претседател на Комисијата за спроведување на постапка за јавна набавка за градба на објект во сите фази-Лабораторија за испитување на мебел, градежна столарија и други дрвни и недрвни материјали во состав на Шумарскиот факултет во Скопје, УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, одлука бр. 0201-44/XI-6-1 од 10.12.2008 год. | 0,5 |
| 11 | Претседател на Комисијата за спроведување на постапка за јавна набавка за вршење на работи на надзор за градба на објект-Лабораторија за испитување на мебел, градежна столарија и други дрвни и недрвни материјали во состав на Шумарскиот факултет во Скопје, УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, одлука бр. 0506-412/1 од 29.4.2009 год. | 0,5 |
| 12 | Претседател на Комисијата за спроведување на постапка за јавна набавка за сервисирање-одржување и поправка на телефонската централа на Факултетот, набавка и монтажа на ISDN-картица KX-TD 286, УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, одлука бр. 0506-461/1 од 14.5.2009 год. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | Член на Комисијата за спроведување на постапка за јавна набавка за вршење на контролни испитувања на материјали-изработка на проект за бетон, контрола на вграден бетон, испитување на арматура на бетон по профил, кои ќе бидат вградувани во Лабораторијата за испитување на мебел, градежна столарија и други дрвни и недрвни материјали во состав на Шумарскиот факултет во Скопје, УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, одлука бр. 05-06-587/1 од 18.6.2009 год. | 0,5 |
| 14 | Член на Комисијата за спроведување на постапка за јавна набавка на компјутерски систем потребен за опремување на Лабораторијата за испитување на мебел, градежна столарија и други дрвни и недрвни материјали во состав на Шумарскиот факултет во Скопје, УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, одлука бр. 0506-916/1 од 16.10.2009 год. | 0,5 |
| 15 | Член на Комисијата за спроведување на постапка за јавна набавка на компресор потребен за опремување на Лабораторијата за испитување на мебел, градежна столарија и други дрвни и недрвни материјали во состав на Шумарскиот факултет во Скопје, УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, одлука бр. 0506-917/1 од 16.10.2009 год. | 0,5 |
| 16 | Член на Комисијата за спроведување на постапка за јавна набавка на уред за тестирање на атхезија по пат на дрвострано засекување потребен за опремување на Лабораторијата за испитување на мебел, градежна столарија и други дрвни и недрвни материјали во состав на Шумарскиот факултет во Скопје, УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, одлука бр. 0506-918/1 од 16.10.2009 год. | 0,5 |
| 17 | Член на Комисијата за спроведување на постапка за јавна набавка на сушач на воздух (во состав на компресорот) потребен за опремување на Лабораторијата за испитување на мебел, градежна столарија и други дрвни и недрвни материјали во состав на Шумарскиот факултет во Скопје, УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, одлука бр. 0506-919/1 од 16.10.2009 год. | 0,5 |
| 18 | Член на Комисијата за спроведување на постапка за јавна набавка на транспортни уреди потребни за опремување на Лабораторијата за испитување на мебел, градежна столарија и други дрвни и недрвни материјали во состав на Шумарскиот факултет во Скопје, УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, одлука бр. 0506-1110/1 од 16.12.2009 год. | 0,5 |
| 19 | Член на Комисијата за спроведување на постапка за јавна набавка на мултимедиска опрема потребна за опремување на Лабораторијата за испитување на мебел, градежна столарија и други дрвни и недрвни материјали во состав на Шумарскиот факултет во Скопје, УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, одлука бр. 0506-1108/1 од 16.12.2009 год. | 0,5 |
| 20 | Член на Комисијата за спроведување на постапка за јавна набавка на алат потребен за опремување на Лабораторијата за испитување на мебел, градежна столарија и други дрвни и недрвни материјали во состав на Шумарскиот факултет во Скопје, УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, одлука бр. 0506-1109/1 од 16.12.2009 год. | 0,5 |
| 21 | Претседател на Комисијата за спроведување на постапка за јавна набавка на канцелариска опрема потребна за опремување на Лабораторијата за испитување на мебел, градежна столарија и други дрвни и недрвни материјали во состав на Шумарскиот факултет во Скопје, УКИМ-Скопје, Шумарски факултет-Скопје, одлука бр. 0506-267/1 од 23.3.2010 год. | 0,5 |
| 22 | Stručno povjerenstvo radi davanja mišlenja o ispunjavanju uvjeta u postupku izbora jednog nastavnika u znanstveno-nastavnom zvanju izvanrednog profesora u znanstvenom području biotehničkih znanosti, znanstveno polje drvna tehnologija, znanstvena grana drvno tehnološki procesi, članovi povjerenstva: izv. prof. dr. sc. Mladen Brezović, Sveučilište u Zagrebu, Šumarski fakultet, izv. prof. dr. sc. Stjepan Pervan, Sveučilište u Zagrebu, Šumarski fakultet, izv. prof. dr. sc. BORČE ILIEV, Univerzitet „Sv. Kiril i Metodij"-Skopje, Šumarski fakultet-Skopje, odluka br. 251-72-01-09-03 od 25.3.2009 god. | 0,2 |
| 23 | Stručno povjerenstvo za odobrenje teme stručnog magistarskog rada pod naslovom: „Stabilnost strukture drvno-plastičnih kompozita u interakcii s vodom", članovi povjerenstva: doc. dr. sc. Vladimir Jambreković, Sveučilište u Zagrebu, Šumarski fakultet, izv. prof. dr. sc. Mladen Brezović, Sveučilište u Zagrebu, Šumarski fakultet, izv. prof. dr. sc. prof. BORČE ILIEV, Univerzitet „Sv. Kiril i Metodij"-Skopje, Šumarski fakultet-Skopje, odluka br. 251-72-01-09-02 od 16.7.2009 god. | 1 |
| 24 | Координатор на кредит-трансфер системот на наставно-научната | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | организациона единица-Институт за дрвна индустрија (за насоките механичка технологија на дрвото и проектирање и технологија на мебел и ентериер), Шумарски факултет во Скопје, одлука бр. 0201-81/VIII-8.1 од 28.11.2005 год. | |
| 25 | Претседател на Државната матурска предметна комисија по полуфинална обработка на дрвото, Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Решение бр. 02-4027 од 21.10.2005 год. | 1 |
| 26 | Номинација за учество во работната група 5 (РГ 5) од Техничкиот комитет 30 (ТК 30) Еврокодови, Институт за стандардизација на Република Македонија, Скопје, Решение бр. 08-2269/1 од 18.9.2007 год. | 1 |
| 27 | Член на експертскиот тим за изработка на одредници за Македонската Енциклопедија (МАНУ, Скопје 2009), област-шумарство, гранка-дрвна индустрија, Скопје, потврда бр. 03-778/2 од 28.5.2010 год. | 1 |
| 28 | Член на Советот за научноистражувачка дејност при Министерството за образование и наука на Р. Македонија, писмо бр. 13-2244/2 од 9.10.2009 год. | 3 |
| | **Вкупно** | **45,2** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **104,31** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **78,8** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **/** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **45,2** |
| **Вкупно** | **228,31** |

Рецензентска комисија

1. Д-р Јосиф Димески, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје с.р.

2. Д-р Кирил Граматиков, редовен професор на Градежниот факултет во Скопје с.р.

3. Д-р Митко Нацевски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА *ЕУФЕМИЗМИТЕ ВО АЛБАНСКИТЕ ГОВОРИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА*, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ИЗМИТ ДУРМИШИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", на својата седма редовна седница, одржана на 2. 6. 2010 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: *Еуфемизмите во албанските говори во Р. Македонија,* изработена од м-р Измит Дурмиши.

По добивањето и по разгледувањето на докторската дисертација на м-р Измит Дурмиши, а во согласност со Правилникот за постдипломски студии и добивање докторат на науки на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, Рецензентската комисија има чест да му го поднесе на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје следниов

# ИЗВЕШТАЈ

### Структура на докторската дисертација

Докторската дисертација *Еуфемизмите во албанските говори во Р. Македонија,* изработена од м-р Измит Дурмиши, опфаќа 239 страници аналитички текст. Концепциски, докторската дисертацијата е составена од десет поглавја со заклучок, речник на еуфемизми и користена литература. Дисертацијата е компонирана од:

Вовед (6-9), во кој се изнесуваат основните прашања во врска со поставенава тема.

Во првото поглавје се опфатени следниве теми: Некои јазични карактеристики на албанските говори во Р. Македонија; Полог, Каршиака, Дервен и албанските говори во Битола и Битолско.

Во второто поглавје се анализира дијалектната лексика на албанските говори во Македонија, вклучувајќи ги провинцијализмите и дијалектизмите.

Во третото поглавје се обработуваат табуата и еуфемизмите, поврзувањето на табуата, името и еуфемизмите; еуфемизмите за името Бог, табуата и еуфемизмите од животинскиот свет, еуфемизмите за разни болести.

Во четвртото поглавје, исто така, се опфатени општите теми за еуфемизмите на дијахрониски и синхрониски план, како и нивната употреба во албанските говори во минатото и денес.

Во петтото поглавје се обработува теоретскиот аспект на еуфемизмите како типична појава од социолингвистички аспект; еуфемистична обоеност; дефиниција на еуфемизмите, видови и подвидови на еуфемизми.

Во шестото поглавје се прави анализа на еуфемизмите како типични изрази на етнографијата на женскиот говор (жаргон), за потоа да следат поттемите: синонимијата на еуфемизмите, денотативното и конотативното значење.

Во седмото подглавје се наведени поттемите: Еуфемизмите и стилот, еуфемизмите и војната, еуфемизмите и смртта, еуфемизмите и медиумите.

Во осмото поглавје се врши анализа и значењето на еуфемизмите воопшто и еуфемизмите како фразеолошка единица (идиома); фонетските карактеристики на еуфемизмите и некои фонетски промени.

Во деветтото поглавје се опфатени следниве теми: Структурата на еуфемизмите, еуфемизмите во народното творештво и во уметничката литература, митолошки битија, смртта, ѓаволот, животните.

Во Заклучокот (183-190) се наведени основните тези и заклучоци од истражувањето. Потоа следува речникот на еуфемизмите (191-232). И сосема на крајот е дадена користената литература, во која е опфатена основната и дополнителната (помошната) литература на латиница и кирилица (233-239).

**Анализа на докторската дисертација**

Во воведниот дел, кандидатот м-р Измит Дурмиши ги изложува и ги образложува основните мотиви и потреби за истражување на поставенава тема, истакнувајќи дека неговиот предизвик да се нафати со ова прашање е, пред сѐ, релативно скромното проучување и истражување на еуфемизмите во албанскиот јазик воопшто, и посебно во албанските говори во Р. Македонија. Потоа дава и еден краток опис на неговата работа, која понатаму се надополнува со досегашните проучувања од оваа област во албанската лингвистика.

Во првото поглавје авторот ги сумира основните јазични карактеристики на албанските говори во Р. Македонија. Тука, кандидатот дава еден општ преглед за досегашните истражувања на албанските говори во Р. Македонија од страна на П. Скок, П. Јанура, Б. Беци, О. Ј. Настева, Р. Несими, Ќ. Мурати, З. Османи, А. Пољоска, Х. Имери, А. Хамити, Ф. Речани и др. Посебно внимание посветува на фонетско-фонолошките, морфолошките и лексичките особености на албанските говори во Р. Македонија. Во овој контекст, предмет на интересирање за кандидатот се и некои јазични особености на албанските говори во полошкиот и битолскиот регион.

Во второто поглавје, авторот м-р Измит Дурмиши се задржува на темите и прашањата кои се тесно поврзани за создавањето на еуфемизмите, употребата и нивната улога во албанскиот јазик воопшто. Како непресушен извор за создавањето на еуфемизмите, според кандидатот, служат фолклорот, народните говори, т. е. дијалектната лексика. Во овој дел, тој посебно се задржува на провинцијализмите и дијалектизмите. За да се толкуваат, објаснуваат и разберат подобро еуфемизмите, авторот упатува на неопходното истражување и проучување на дијалектната лексика како предуслов за научна анализа на

еуфемизмите. Ова го аргументира и го поткрепува со научна елаборација, потпирајќи се во научните тези од досегашните истражувања на познати лингвисти, етнолози и фолклористи, како: Е. Чабеј, Ј. Томај, Ш. Демирај, Ѓ. Шкуртај, Ј. Ѓинари, Џ. Лоши, Б. Беци, С. Пепа, А. Косталари, Т. Османи, М. Красниќи, А. Чета, Ќ. Хаџихасани, М. Зеќо и др.

Во третото поглавје, кандидатот посебно ќе се задржи на објаснувањето и толкувањето на *табуата* и на *еуфемизмите, нивната употреба* во еден поширок лингвокултуролошки и етнолингвистички контекст. Авторот го истакнува мислењето на Апте, кога вели дека: „Табуата и еуфемизмите се дел од универзалниот лингвистички процес", изнесувајќи низа теории и дефиниции од познати и признати лингвисти, како: Апте, Д. Кристал, Е. Сапир, З. Шкреб, М. Солар, Р. Бугарски, В. Филиповиќ, А. Стипчевиќ, С. Пепа и други. Според Пепа, „Табуата и еуфемизмите се појави коишто припаѓаат на две науки: лингвистиката и етнографијата, како мост којшто води од јазикот кон фолклорот". Зборот табу, како што забележале Османи и Пепа, како и Кристал е од полинезиско потекло и како таков за прв пат се употребува во англискиот јазик **taboo**, а од англискиот се проширил и во другите европски јазици. Во голем број општествени заедници, зборовите имаат врска со разни објекти, дејствија и појави коишто им припаѓаат на соодветните области и кои што се сметаат за табуа. Значи, за табуа се сметаат зборовите коишто имаат врска со раѓањето, смртта, бременоста, разни болести, обреди и верувања. Во овој контекст, во албанскиот лингвистички код, авторот издвоил низа табуа и еуфемизми кои спаѓаат во одделни области на човековото живеење, сп.: *i ziu, fatziu, i mjeri, ditëziu, (црниот, несреќник), shiton, (вила ) vret (самовила), të Mirat, të Lumet, Shtozovallet ( добрите, блажените, самовилите).*

Во четвртото поглавје, кандидатот м-р И. Дурмиши се задржува на употребата на еуфемизмите на дијахрониски и синхрониски план (некогаш и денес). Во овој дел авторот посебно внимание посветува на употребата на еуфемизмите и на табуата, тесно поврзани и за човечката егзистенција. Во натамошниот дел, кандидатот прави успешна интерпретација и анализа на теоретски и практичен план во врска со употребата на еуфемимите како социолингвистичка тема, тесно поврзани со културата, обичаите, фолклорот, митовите и сл. Своите поставки и тези, кандидатот ги илустрира со низа примери ексцерпирани од богатото народно творештво во албанската и балканската етнологија и фолклор (Ш. Ѓечови, Ј. Г. Хан, М. Ламберц, А. Стипчевиќ, Е. Дурхам, Р. Зојзи, Ѓ. Фишта, М. Красниќи, А. Чета, Ќ. Хаџихасани, М. Тиртја и др.), и посебно од јазичниот материјал кој го собрал на самиот терен. Во оваа прилика ќе спомнеме дека авторот, на теоретски план, во врска со оваа проблематика, консултирал богата литература од познати и признати лингвисти, како: Е. Сапир, Ф. де Сосир, О. Јесперсен, Р. Бугарски, П. Гиро, А. Стипчевиќ, Р. Симеон, Џ. Лајонс, Д. Кристал, Д. Химес и др.

Во петтото поглавје, кандидатот проблемот на еуфемизмите го посматра и го разгледува од социолингвистички аспект, соодносот на еуфемизмите во општеството (т. е. дихотомијата *еуфемизам - општество*). Всушност, авторот ги изнесува најкарактеристичните дефиниции за еуфемизмите, нивна класификација, видови и подвидови. Во врска со овие прашања, авторот поаѓа од дефинициите на Аристотел, кој се стреми за разубавувањето или *омекнувањето на зборовите...водејќи сметка за меркатa - начинот на изразување*, додека според Левинсон *Еуфемизмите се универзални знаци на употребата на јазикот.* Според Ѓ. Шкуртај, *еуфемизмите се јазични појави тесно поврзани со културата, обичаите размислувањата на општествената заедница или на дотичниот народ, затоа се јавуваат во застојни заедници, како на пример, во тесните семејни или пријателски кругови кај повозрасните и недоволно образовани жени.* Пред крајот на ова поглавје авторот на дисертацијата прави аналитички обид да го елаборира дискурсот на еуфемизмите и од социолингвистички, етнографски, етнолошки и антрополошки аспект, односите меѓу луѓето, укажувајќи на силното влијание на вонјазичните фактори, кои се присутни особено во разговорниот јазик, т. е. во народните говори и дијалекти. Во врска со ова прашање, кандидатот м-р И. Дурмиши преку ексцерпираните примери на еуфемизмите ни ја отсликува богатата материјална, социјална и духовна култура и традиција на албанското население во Р. Македонија и пошироко. За илустрација, ќе наведеме неколку примери: *mëmat e vatrës, të ligat, shtrigt e natës, kalë shtrigash, Guri i Shtrigave* (Врутоk-Гостивар). И во албанските средини, како што истакнува Ѓ. Шкуртај, зборот *Господ*, секаде се заменувал со перифрастични еуфемистични зборови, како, на пример, во Малесија на Мбишкодра, сп.: *për atë qoftë lavdue, pasha jata qi ma ka falë shpirtin, pasha ata çi asht nja e zbahen dy.* Овие примери зборуваат за стилистичко типизирање и метафоричност на лексемите *Господ, штрига* во разговорниот јазик. На тој начин, овие зборови се идентификувани со неверојатна сила и секоја интервенција во нив би ја загрозила сета општествена заедница. Неоспорен е фактот дека употребата на јазикот е тесно поврзан со општеството, затоа и употребата на еуфемизмите треба да се гледа и посматра од поширок општествен и културен аспект. Тргнувајќи од овие аргументи и факти, според авторот м-р И. Дурмиши, *еуфемизмите не претставуваат само прагмалингвистичка тема, туку и социолингвистичка,* која најдобро може да се илустрира преку формулата: **еуфемизам - јазик - општество.** (с.77). Пред крајот на ова поглавје, авторот на трудот ги наведува и видовите еуфемизми: *позитивни и негативни,* обусловени од семантичките промени. Потоа, следат *еуфемизми и игри со зборови (фигури, метафори); проширување и скратување на зборовите (акронимите); метонимијата, синегдохата,*

*традиционалните именувања и сл.; хиперболата, метафората, метонимијата, перифразата, антифразата, елипсата и литотата, како и заемките (106-120).*

Во следното шесто поглавје, кандидатот ги анализира еуфемизмите од семантички аспект, како типични изрази на етнографијата на женскиот говор. Ова го илустрира со следниве примери: така, на местото на модерното *водам љубов,* девојките или жените употребуваат глаголски групи на зборови, со глаголот *baj/bëj: baj shtrat, bëj dashuri, bën atë punë, mbaroj punë* или со глаголот спијам *flej*+emër me parafjalë*: flej me burrë, flej me grua, bie me burrë (*спијам со маж, спијам со жена). Преку наведените примери се забележуваат преплетените варијанти на синонимијата. Во овој дел кандидатот ги поместува и метафоричните изрази од типот: *palloj, puth, lëroj, shtrji (опне/опни, бакнува, ора, легнува);* синонимијата на еуфемизмите: *vajzë, vashë, çikë, çupë, copë, zonjë, zonjushë* (*девојче, мома, чупе, девојка, парче, госпоѓа, госпоѓица)* станува збор за *х фемизми,* бидејќи нивните конотации се разликуваат во различни контексти во кој едниот е поволен (позитивен), доцека другиот ќе биде *дисфемистичен.* Кон завршниот дел на ова поглавје авторот се задржува и на прашањето за диференцијациите (разликите) помеѓу синонимите со нагласена стилска обоеност; денотативното и конотативното значење на еуфемизмите и сл.

Во седмото поглавје, насловено *Еуфемизмите и стилот,* авторот го анализира соодносот помеѓу еуфемизмите и стилот во контекст на функционалниот, правно-политичкиот, публицистичкиот, административниот, воениот и медиумскиот стил и сл. Авторот, со право, го истакнува и значењето и улогата на еуфемизмите во споменатите стилови. Тие се карактеристични не само за индивидуалниот стил на секој поединец, јазикот на книжевноста, туку и во секојдневната комуникација, дури задираат и во јавниот говор (администрацијата, медиумите, политиката и сл.). Тргнувајќи од овие аргументи еуфемизмите, според авторот, од една страна можат да ја олеснуваат комуникацијата, додека пак од друга страна, и неа да ја отежнуваат, сп.: професионалните жаргони (медицинскиот жаргон), војната, етничкото чистење, затворскиот жаргон (земањето робови) е преполн со еуфемизми, бидејќи има врска со смртта. Потоа следат примерите од новинарскиот жаргон: *intervenim ushtarak, opcion ushtarak, përcjellja e fundit, të hapësh zjarr, likuidim, errësirë parlamentare (fundi i parlamentarizmit).*

Во осмото поглавје авторот се задржува на семантичката (значенската) анализа на еуфемизмите во албанскиот стандарден јазик и посебно во албанските говори во Р. Македонија. Посебно место кандидатот им посветува на еуфемизмите како фразеолошките единици (идиоми), како и за некои фонетски особености (акцентот) и фонетски промени на еуфемизмите. Во врска со овие теми, авторот нуди богат јазичен материјал. Овде ќе наведеме неколку примери кои најдобро го

илустрираат и го поткрепуваат теоретското истражување во врска со поставената тема: *koleci*(Гостивар) *i gati i ferrës, i gardhit, i livadhit, i trollit*(Полог) *dheu, përdheu, dhetoksi* (Пука, Мирдита)*( за змијата); ai i malit, veshcuri (волкот)* и сл., а од идиомите, би ги издвоиле: *ia lajti halen ( e vrau) го уби, ka një dërrasë mangët (është pa mend) му фали една даска, lau lesh (vdiq) умре.*

Во деветтото поглавје, авторот посебно внимание ѝ посветува на *структурата на еуфемизмите*, во кое се стреми да ни понуди една појасна и поцелосна семантичка и зборообразувачка анализа на еуфемизмите. Тука се претставени најтипичните примери на еуфемизмите во албанските говори во Р. Македонија. Тоа се најчесто еуфемизми изведени преку суфикси од типот: *-as (ferras- змија);-osh, -alosh(e) pikaloshe-невестулка; -ec: bardhec 'mori' - вошка;* еуфемизми изведени преку префикси: *nën-, për-, pa-nëntoksi,(змија, земја), përtoksi (змија, земја), i paudhi, i papjesi (ѓаволот);* еуфемизми изведени истовремено од префикси и суфикси, сп.: *përderës, përderak,(врата) përdhesë, përdhec (земја, змија).* Кандидатот м-р И. Дурмиши еуфемизмите ги класифицира и според граматичкиот критериум: еуфемизми како именки, придавки, еуфемизми-реченици, еуфемизми како сложени зборови.

Десеттото поглавје носи наслов: „Еуфемизмите во народната и уметничката литература". Кандидатот м-р И. Дурмиши дава едно кратко резиме на застапеноста на еуфемизмите во албанското народното творештво и во уметничката литература. Во овој дел се задржува во досегашните објавени текстови и монографии кои ја третираат оваа проблематика. Посебен придонес за еуфемизмите, според кандидатот, даваат и културните дејци и преродбеници на албанската литература и култура, како на пример: Фишта, Мједа, Чајупи, Кутели, Миѓени, Исаку, Ислами и др. Посебен интерес од митолошките битија во народните песни, приказни, легенди, балади и сл., претставуваат вилите, самовилите, божествата и др. По ова следи и еден Заклучок во кој се резимира целата тема за еуфемизмите во албанските говори во Р. Македонија, со што всушност се доаѓа до мошне интересни согледувања и податоци, кои понатаму можат да послужат за други проучувања и анализи не само во рамките на етнолингвистиката и социолингвистиката, туку и на поширок план. Авторот приложил и еден богат мал речник, каде што се дадени најкарактеристичните еуфемизми кои се употребуваат во албанските говори во Р. Македонија. Регистрирани се во оригинална форма и споредувани се во поширок лингвистички ареал, придружени со прецизни информации и референции.

На крајот е дадена мошне богата и разновидна користена литература на латиница и кирилица. Од оваа библиографија може да се констатира дека кандидатот мошне солидно го исцрпил речиси сиот

научен материјал од повеќе научни области и добро се снашол и при изборот на текстови за лингвокултуролошка анализа. Исто така, тезата ја збогатува и јазичниот материјал што го ексцерпирал на терен.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од сето гореизнесено може да се заклучи дека во својата докторска дисертација ***Еуфемизмите во албанските говори во Р. Македонија***, кандидатот м-р Измит Дурмиши сосема успешно ја обработил поставената проблематика од областа на лингвокултурологијата. Солидно ги разбира и ги толкува посебните поими и содржини, а особено научно и аналитички ги обработува темите поврзани со еуфемизмите, не само на јазичен план туку и во поширок контекст. Со оглед на начинот и пристапот на кој ја вршел анализата на овој лингвокултуролошки проблем во албанските говори во Р. Македонија и во разните функционални стилови и кај конкретни автори и дела и, воопшто, како го поставил и го анализирал проблемот на еуфемизмите во својата неколкугодишна работа врз овој труд, Рецензентската комисија ја има таа чест на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да му предложи да ја прифати рецензијата и на кандидатот м-р Измит Дурмиши да му одобри усна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 05. 08. 2010 год.

Рецензентска комисија

Д-р Ѓовалин Шкуртај, редовен професор с.р.

Д-р Агим Пољоска, редовен професор с.р.

Д-р Аслан Хамити, редовен професор с.р.

Д-р Мируше Хоџа, вонреден професор с.р.

Д-р Ваљбона Тоска, доцент с.р.

РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ПОЛСКАТА КНИЖЕВНОСТ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата редовна осма седница одржана на 2.7.2010 г., избра Рецензентска комисија во врска со пријавата на д-р Лидија Танушевска на конкурсот објавен во „Утрински весник“ од 7.6.2010 г. за избор на еден наставник во сите звања по предметите по полска книжевност. Рецензентската комисија во состав: д-р Германија Шокларова-Љоровска, редовен професор, д-р хаб. Марек Питаш, редовен професор и д-р Милица Миркуловска, редовен професор, по увидот во доставениот материјал, има чест на Наставно-научниот совет да му го предложи за усвојување следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за избор на еден наставник (во сите звања) по предметите по полска книжевност, се пријави само д-р Лидија Танушевска, асистент при Катедрата за славистика, за звањето доцент.

1. Образование и стручна надградба

Кандидатката е родена во Скопје, каде што го оформила целото свое образование. Во 1987 г. се запишала на Филолошкиот факултет, на групата македонски јазик и јужнословенски јазици со полски јазик и книжевност како студии под „Б“. Како истакнат студент на полонистичките студии двапати била учесник на Меѓународната летна школа за полски јазик, литература и култура во Краков, во 1988 и 1989 г. Дипломирала во јуни 1991 г. Подоцна била учесник и на Меѓународната летна школа за полски јазик, литературтура и култура во Ќешињ, 1999 г., каде што се здобила со сертификат за завршен напреднат курс по полски јазик и посетувала предавања од областа на полскиот јазик и литература од истакнати професори на Шљонскиот универзитет. Во октомври 2001

г. била корисник на едномесечната стипендија на кралицата Јадвига, која ја доделува Јагјелоњскиот универзитет во Краков, а во септември 2002 г. била учесник и на Семинарот за преведувачи и наставници по полски јазик како странски на летната школа „Полоникум" при Варшавскиот универзитет, каде што посетувала предавања на еминентни професори од Варшавскиот универзитет, со што ги продлабочува и ги усовршува своите знаења од областа на полонистиката. Во декември 2003 г. ги комплетира постдипломските студии од јазичната насока на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" со успешна одбрана на магистерскиот труд „Граници на граматикализацијата (полски наспрема македонски)", под менторство на акад. Зузана Тополињска. Магистерската дисертација претставува конфронтација на македонскиот и на полскиот јазик во оние делови кои се најмногу засегнати од граматикализацијата, односно на формално и на семантичко ниво. Овие знаења и можноста тие да се применат во компаративни проучувања на словенските јазици ги дополнува и со учеството на Семинарот за словенечки јазик, литература и култура во Љубљана, 2007 г. Во рамките на стручното усовршување ги посетувала и добила сертификати од обуките организирани од Филолошкиот факултет во соработка со УСАИД и со Институтот за отворено општество: *Креативна настава и учење, Со читање и пишување до креативно мислење* и *Обука за социјална правда* - кои се покажале како полезни и применливи во реализацијата на наставната дејност по ЕКТ-системот на Факултетот. Во мај 2010 г. успешно ја одбрани докторската дисертација „Анализа на преводните текстови од полски на македонски јазик (од аспект на теоријата на преводот)" под менторство на проф. д-р Германија Шокларова - Љоровска, како сумирање на резултатите од повеќегодишното занимавање со преводот и истражувањето на таа тема.

2. Преведувачка и наставно-образовна дејност

Кандидатката д-р Танушевска го започнала работното искуство како преведувач од англиски и на англиски во САД, каде што добила и сертификат за познавање на јазикот од Државниот колеџ за странци во Сан Франциско. Како преведувач по англиски јазик работела извесен период и во Македонскиот информативен центар во Скопје. Подоцна

продолжува со преведувачката дејност, но, главно, на уметничка литература од полски јазик. Има преведено четири книги од истакнати писатели од современата полска книжевност: *Декалогот* од К. Пјешевич и К. Кјешловски, *Продавници со боја на цимет* од Бруно Шулц, *Бела ноќ на љубовта* од Густав Херлинг Груѓињски и *Правек и другите времиња* од Олга Токарчук. Како еден од заслужните преведувачи на полска литература од Македонија била поканета и учествувала на Првиот и на Вториот меѓународен конгрес на преведувачи на полска литература во Краков, 2005 и 2009 г. Во септември 2008 г. ја добила и наградата „Златно перо" на Сојузот на преведувачи на РМ за преводот на делото *Правек и другите времиња* од Олга Токарчук. Своите искуства и вештините на преведувањето им ги пренесува и на полските македонисти - учесници на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, во рамките на преведувачката работилница, во 2007, 2008 и 2009 г., како и на студентите - полонисти на Филолошкиот факултет, во рамките на предметот Превод од полски на македонски јазик, односно стилско-преведувачки вежби (по стара програма).

Од 1994 до 1998 г., д-р Лидија Танушевска е лектор по македонски јазик на Институтот за словенски јазици при Шљонскиот универзитет во Сосновјец, Полска. На почетокот ги водела лекторските часови по современ македонски јазик како втор и како трет јазик, а веќе наредната година се основаат комплетни македонистички студии како главна насока на студирање и, освен вежбите по современ јазик, држи и часови по граматика на современиот македонски јазик, историја на македонскиот народ и превод од полски на македонски и од македонски на полски. Во учебната 1995/96 г. е ангажирана и од Јагјелонскиот универзитет во Краков, како замена за лектор по македонски јазик на тамошната Славистика. Во 1998 г. се вработила на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, како помлад асистент по полски јазик на Катедрата за славистика. Во рамките на ангажираноста одржувала вежби по граматика на современиот полски јазик, и тоа од следниве области: фонологија и фонетика на полскиот јазик, морфонологија, морфосинтакса на проста и на сложена реченица (за

студиските групи под „А“ и под „Б“), како и вежби од современ јазик за студиските групи под „Б“ и под „Ц“ и стилско-преведувачки вежби, односно вежби по превод од полски на македонски јазик за четврта година. Од учебната 2005/06 г. ги држи и часовите по полска книжевност за студиската група русисти со полски јазик и книжевност под „Ц“, а од 2006/07 г. вежбите по средновековна полска книжевност, полската книжевност до 18 в., романтизмот во полската книжевност, позитивизмот и натурализмот во полската книжевност, литературата на „Млада Полска“, полската литература меѓу двете светски војни, полската литература од Втората светска војна и по неа и најновата полска книжевност. Од 2008/09 г. активно учествува во координацијата на предавањата по полска литература на визитинг-професор д-р Магдалена Пјекара од Полска и соработува со неа во подготовката на наставниот план и испитите. Во 2009 г. добива Плакета за особен придонес и развој на полонистиката во Македонија од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, во рамките на прославувањето на 50 години на полонистиката во Македонија.

Покрај ангажираноста во наставата на Филолошкиот факултет, д-р Лидија Танушевска шест пати била ангажирана и во наставата по македонски јазик за странци на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, како лектор по македонски јазик за среден курс. Три години по ред ја водела и преведувачката работилница од полски на македонски јазик и од македонски на полски јазик, за учесниците на Семинарот. Во 2007 г. добила Повелба за посебен придонес во работата на МСМЈЛК и афирмацијата на македонистиката во земјата и во странство од ректорот на УКИМ.

3. Научноистражувачка дејност.

Кандидатката д-р Лидија Танушевска има приложено богат список на библиографски единици. Од него може да се забележи дека таа има научен капацитет за синтетичко и аналитичко претставување, како на јазичните, така и на литературните проблеми, кои ги засегнува во своите истражувања, од приказот на *Балканскословенскиот апелатив* на Роберт Д. Гринберг до статијата за *Категоријата аспект во македонскиот, полскиот и словенечкиот јазик*. Во нејзините статии,

главно, се занимава со проучување на јазичните појави во полскиот јазик, кои се проблематични за изучување на полскиот јазик, како и такви кои се издвојуваат како различни од македонскиот, како на пр. во статиите: *За сегашното време и презентските форми во полскиот јазик* и *Претставување на падежните односи од семантичко-синтаксички аспект во граматиките по полски јазик.* Таа прави компаративни истражувања на различни јазични нивоа, што се огледува во нејзините статии: *Типолошки карактеристики на полскиот и на македонскиот јазик на фонолошко ниво* и *Типолошки карактеристики на полскиот и на македонскиот јазик на морфолошко ниво.* Главно, го застапува семантичко-синтаксичкиот пристап во компаративните истражувања, како во статиите: *Adjectivum verbale (imiesłów odmienny) т.е. глаголската придавка од презентска основа и нејзините македонски еквиваленти, Македонските инфинитни глаголски форми во споредба со полските, Категоријата аспект во македонскиот, полскиот и словенечкиот јазик* и чисто семантичкиот пристап во статијата *Семантички разлики кај лексемите што означуваат пријателство во македонскиот и во полскиот јазик.* Компаративните јазични проучувања ги заокружува во магистерската дисертација „Граници на граматикализација (полски наспрема македонски)" и во објавеното експозе од магистерската дисертација во списанието *Годишен зборник* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" бр. 30.

Искуствата во наставата по македонски јазик ги искористила во научноистражувачката дејност преку статијата *Предавањето на македонскиот јазик во полска средина,* објавена во списанието *Славистички студии бр.10,* посветено на акад. Зузана Тополињска, и преку Практикумот за изучување на македонскиот јазик *Преглед на видските форми на почестите глаголи во македонскиот јазик* во коавторство со К. Велјановска, А. Дучевска и С. Тофоска, во издание на МСМЈЛК.

Од библиографијата на д-р Танушевска може да се забележи и дека таа од самите почетоци активно се занимава со преводот од полски јазик. Има преведено повеќе статии на истакнати научници од областа на јазикот, литературата, социологијата, како и книга од областа на

економијата. Значајни се и нејзините уметнички преводи на светски признатите полски автори: Бруно Шулц, Олга Токарчук, Густав Херлинг-Груѓински и Кшиштоф Кјешловски. Овие дела спаѓаат и во задолжителните четива по предметите по полска литература на Филолошкиот факултет. Во последните статии се занимава и со теоријата на преводот, со тематската прогресија кај Бруно Шулц во две статии и со модулантите во една (две од нив се во коавторство со А. Дучевска). Теоријата на преводот е и тема на нејзината одбранета докторска дисертација *Анализа на преводните текстови од полски на македонски јазик (од аспект на теоријата на преводот)*, и веќе е во печат за *Прилозите* на МАНУ нејзината статија на оваа тема: *Одбрани стратегии, техники или проблеми во преводот на литературните текстови од полски на македонски јазик.*

Кандидатката има и неколку статии од областа на литературната наука. Имено, во поговорот на преводот на делото *Правек и другите времиња* од О. Токарчук - *Патување во времето* дава литературен осврт на делото и на целокупното творештво на авторката. Понатаму, во статијата објавена во зборник од меѓународна конференција за полската литература во светот, во Полска - *Културниот размер на рецепцијата на полската литература во Македонија. На примери од избрани преводи* се осврнува на прифаќањето на полската литература, особено од помладите читатели во Македонија. Во последната статија, која е во печат, исто така во Полска, ги анализира проблемите кои се јавуваат во наставата по полска литература за македонски студенти, со оглед на тоа што се работи за различна култура, наобразба и предзнаења во однос на полските студенти.

4. Дејности од поширок интерес

Д-р Лидија Танушевска била секретар на три уредувачки одбори, на списанието *Славистички студии бр. 10,* 2002 г., на Зборникот од Шестата македонско-полска конференција, 2006 г. и на Зборникот од Осмата македонско-полска конференција, во печат (сите во издание на Филолошкиот факултет „Блаже Конески"). Нејзините организаторски способности се истакнуваат и на позицијата секретар на организациските одбори на двете полско-македонски научни

конференции, и особено на последната, односно на манифестацијата „50 години на полонистиката во Македонија", која имаше поширок меѓународен карактер и беше оценета како мошне успешна. Покрај тоа, таа секоја година учествува во факултетските комисии за попис, самоевалуација, упис на студенти и сл. и моментно е ЕКТС-координатор за студиските програми на Катедрата за славистика.

### Заклучок и предлог на Рецензентската комисија

Врз основа на увидот во наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Лидија Танушевска, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката има веќе потврдени и проверени квалитети и афинитети за наставна и научна работа во областа на полонистиката и дека ги исполнува сите услови предвидени за избор во звањето доцент.

Од тие причини, со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" да ја избере д-р Лидија Танушевска во звањето доцент по предметите по полска литература.

Рецензентска комисија

1. Д-р Германија Шокларова-Љоровска, редовен професор, с.р.

2. Д-р хаб Марек Питаш, редовен професор, с.р.

3. Д-р Милица Миркуловска, редовен професор, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Лидија Илија Танушевска**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески"**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: полонистика, литература, јазик и превод**

---

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Граматика на современиот полски јазик 1 (0+2), зимски и летен семестар 1998/99 | 2,4 |
| 2. | Граматика на современиот полски јазик 2 (под „Б") (0+2), зимски и летен семестар 1998/99 | 2,4 |
| 3. | Полски јазик 1 (под „Ц") (0+2), зимски и летен семестар 1998/99 | 2,4 |
| 4. | Полски јазик 2 (под „Ц") (0+2), зимски и летен семестар 1998/99 | 2,4 |
| 5. | Граматика на современиот полски јазик 2 (0+2), зимски и летен семестар 1999/00 | 2,4 |
| 6. | Граматика на современиот полски јазик 1 (под „Б") (0+2), зимски и летен семестар 1999/00 | 2,4 |
| 7. | Полски јазик 1 (под „Ц") (0+2), зимски и летен семестар 1999/00 | 2,4 |
| 8. | Полски јазик 2 (под „Ц") (0+2), зимски и летен семестар 1999/00 | 2,4 |
| 9. | Граматика на современиот полски јазик 3 (0+2), зимски и летен семестар 2000/01 | 2,4 |
| 10. | Граматика на современиот полски јазик 2 (под „Б") (0+2), зимски и летен семестар 2000/01 | 2,4 |
| 11. | Полски јазик 1 (под „Ц") (0+2), зимски и летен семестар 2000/01 | 2,4 |
| 12. | Полски јазик 2 (под „Ц") (0+2), зимски и летен семестар 2000/01 | 2,4 |
| 13. | Стилско-преведувачки вежби (0+2), зимски и летен семестар 2001/02 | 2,4 |
| 14. | Граматика на современиот полски јазик 1 (под „Б") (0+2), зимски и летен семестар 2001/02 | 2,4 |
| 15. | Полски јазик 1 (под „Ц") (0+2), зимски и летен семестар 2001/02 | 2,4 |
| 16. | Полски јазик 2 (под „Ц") (0+2), зимски и летен семестар 2001/02 | 2,4 |
| 17. | Граматика на современиот полски јазик 1 (0+2), зимски и летен семестар 2002/03 | 2,4 |
| 18. | Граматика на современиот полски јазик 2 (под „Б") (0+2), зимски и летен семестар 2002/03 | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | Полски јазик 1 (под „Ц“) (0+2), зимски и летен семестар 2002/03 | 2,4 |
| 20. | Полски јазик 2 (под „Ц“) (0+2), зимски и летен семестар 2002/03 | 2,4 |
| 21. | Граматика на современиот полски јазик 2 (0+2), зимски и летен семестар 2003/04 | 2,4 |
| 22. | Граматика на современиот полски јазик 1 (под „Б“) (0+2), зимски и летен семестар 2003/04 | 2,4 |
| 23. | Полски јазик 1 (под „Ц“) (0+2), зимски и летен семестар 2003/04 | 2,4 |
| 24. | Полски јазик 2 (под „Ц“) (0+2), зимски и летен семестар 2003/04 | 2,4 |
| 25. | Граматика на современиот полски јазик 3 (0+2), зимски и летен семестар 2004/05 | 2,4 |
| 26. | Граматика на современиот полски јазик 2 (под „Б“) (0+2), зимски и летен семестар 2004/05 | 2,4 |
| 27. | Полски јазик 1 (под „Ц“) (0+2), зимски и летен семестар 2004/05 | 2,4 |
| 28. | Полски јазик 2 (под „Ц“) (0+2), зимски и летен семестар 2004/05 | 2,4 |
| 29. | Стилско-преведувачки вежби (0+2), зимски и летен семестар 2005/06 | 2,4 |
| 30. | Граматика на современиот полски јазик 1 (под „Б“) (0+2), зимски и летен семестар 2005/06 | 2,4 |
| 31. | Полски јазик 1 (под „Ц“) (0+2), зимски и летен семестар 2005/06 | 2,4 |
| 32. | Полски јазик 2 (под „Ц“) (0+2), зимски и летен семестар 2005/06 | 2,4 |
| 33. | Полска книжевност (под „Ц“) (2+0), зимски и летен семестар 2005/06 | 2,4 |
| 34. | Фонологија на полскиот јазик (0+2), зимски 2006/07 | 1,2 |
| 35. | Морфонологија на полскиот јазик (0+2), летен 2006/07 | 1,2 |
| 36. | Граматика на современиот полски јазик 2 (под „Б“) (0+2), зимски и летен семестар 2006/07 | 2,4 |
| 37. | Современ полски јазик 1 (0+2), трет студиум, зимски семестар 2006/07 | 1,2 |
| 38. | Современ полски јазик 2 (0+2), трет студиум, летен семестар 2006/07 | 1,2 |
| 39. | Современ полски јазик 3 (0+2), трет студиум, зимски семестар 2006/07 | 1,2 |
| 40. | Современ полски јазик 4 (0+2), трет студиум, летен семестар 2006/07 | 1,2 |
| 41. | Средновековна полска писменост (0+2), зимски семестар 2006/07 | 1,2 |
| 42. | Полската книжевност до 18 в. (0+2), летен семестар 2006/07 | 1,2 |
| 43. | Морфосинтакса на полскиот јазик 1 (0+2), зимски 2007/08 | 1,2 |
| 44. | Романтизмот во полската литература (0+2), зимски 2007/08 | 1,2 |
| 45. | Фонологија на полскиот јазик (0+2), втор студиум, зимски 2007/08 | 1,2 |
| 46. | Современ полски јазик 3 (0+2), втор студиум, зимски 2007/08 | 1,2 |
| 47. | Морфосинтакса на полскиот јазик 1 (0+2), втор студиум, зимски 2007/08 | 1,2 |
| 48. | Современ полски јазик 3 (0+2), трет студиум, зимски 2007/08 | 1,2 |
| 49. | Морфосинтакса на полскиот јазик 2 (0+2), летен 2007/08 | 1,2 |
| 50. | Позитивизмот и натурализмот во полската литература (0+2), | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | летен 2007/08 | |
| 51. | Морфонологија на полскиот јазик (0+2), втор студиум, летен 2007/08 | 1,2 |
| 52. | Современ полски јазик 4 (0+2), втор студиум, летен 2007/08 | 1,2 |
| 53. | Морфосинтакса на полскиот јазик 2 (0+2), втор студиум, летен 2007/08 | 1,2 |
| 54. | Современ полски јазик 4 (0+2), трет студиум, летен 2007/08 | 1,2 |
| 55. | Средновековна полска писменост (0+2), зимски 2008/09 | 1,2 |
| 56. | Литературата на „Млада Полска" (0+2), зимски 2008/09 | 1,2 |
| 57. | Морфосинтакса на полскиот јазик 3 (0+2), зимски 2008/09 | 1,2 |
| 58. | Морфосинтакса на полскиот јазик 1 (0+2), втор студиум, зимски 2008/09 | 1,2 |
| 59. | Современ полски јазик 3 (0+4), втор студиум, зимски 2008/09 | 1,2 |
| 60. | Полската книжевност до 18 в. (0+2), летен 2008/09 | 1,2 |
| 61. | Полската литература меѓу двете светски војни (0+2), летен 2008/09 | 1,2 |
| 62. | Морфосинтакса на полскиот јазик 4 (основи на зборообразување) (0+2), летен 2008/09 | 1,2 |
| 63. | Современ полски јазик 4 (0+4), втор студиум, летен 2008/09 | 1,2 |
| 64. | Морфосинтакса на полскиот јазик 2 (0+2), втор студиум, летен 2008/09 | 1,2 |
| 65. | Полската литература од Втората светска војна и по неа (0+2), зимски 2009/10 | 1,2 |
| 66. | Превод од полски на македонски јазик 1 (0+3), зимски 2009/10 | 1,8 |
| 67. | Просеминар по полска книжевност 1 (2+0), зимски 2009/10 | 1,2 |
| 68. | Морфосинтакса на полскиот јазик 1 (0+2), зимски 2009/10 | 1,2 |
| 69. | Романтизмот во полската литература (0+2), зимски 2009/10 | 1,2 |
| 70. | Современ полски јазик 3 (0+2), втор модул, зимски 2009/10 | 1,2 |
| 71. | Современ полски јазик 1 (0+2), втор модул, зимски 2009/10 | 1,2 |
| 72. | Најновата полска книжевност (0+2), летен 2010 | 1,2 |
| 73. | Превод од полски на македонски јазик 2 (0+3), летен 2010 | 1,8 |
| 74. | Просеминар по полска книжевност 2 (2+0), летен 2010 | 1,2 |
| 75. | Морфосинтакса на полскиот јазик 2 (0+2), летен 2010 | 1,2 |
| 76. | Позитивизмот и натурализмот во полската литература (0+2), летен 2010 | 1,2 |
| 77. | Современ полски јазик 4 (0+2), втор модул, летен 2010 | 1,2 |
| 78. | Современ полски јазик 2 (0+2), втор модул, летен 2010 | 1,2 |
| 79. | Лектор по македонски јазик на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, 2004 | 1 |
| 80. | Лектор по македонски јазик на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, 2005 | 1 |
| 81. | Лектор по македонски јазик на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, 2006 | 1 |
| 82. | Лектор по македонски јазик на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, 2007 | 1 |
| 83. | Лектор по македонски јазик на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, 2008 | 1 |
| 84. | Лектор по македонски јазик на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, 2009 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 85. | Раководител на преведувачката работилница (полски-македонски-полски) на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, 2007 | 1 |
| 86. | Раководител на преведувачката работилница (полски-македонски-полски) на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, 2008 | 1 |
| 87. | Раководител на преведувачката работилница (полски-македонски-полски) на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, 2009 | 1 |
| 88. | Консултации со студенти, зимски 1998/99 (10 студенти) | 0,02 |
| 89. | Консултации со студенти, летен 1998/99 (10 студенти) | 0,02 |
| 90. | Консултации со студенти, зимски 1999/00 (15 студенти) | 0,03 |
| 91. | Консултации со студенти, летен 1999/00 (15 студенти) | 0,03 |
| 92. | Консултации со студенти, зимски 2000/01 (13 студенти) | 0,026 |
| 93. | Консултации со студенти, летен 2000/01 (13 студенти) | 0,026 |
| 94. | Консултации со студенти, зимски 2001/02 (14 студенти) | 0,028 |
| 95. | Консултации со студенти, летен 2001/02 (14 студенти) | 0,028 |
| 96. | Консултации со студенти, зимски 2002/03 (16 студенти) | 0,032 |
| 97. | Консултации со студенти, летен 2002/03 (16 студенти) | 0,032 |
| 98. | Консултации со студенти, зимски 2003/04 (20 студенти) | 0,04 |
| 99. | Консултации со студенти, летен 2003/04 (20 студенти) | 0,04 |
| 100. | Консултации со студенти, зимски 2004/05 (12 студенти) | 0,024 |
| 101. | Консултации со студенти, летен 2004/05 (12 студенти) | 0,024 |
| 102. | Консултации со студенти, зимски 2005/06 (8 студенти) | 0,016 |
| 103. | Консултации со студенти, летен 2005/06 (8 студенти) | 0,016 |
| 104. | Консултации со студенти, зимски 2006/07 (10 студенти) | 0,02 |
| 105. | Консултации со студенти, летен 2006/07 (10 студенти) | 0,02 |
| 106. | Консултации со студенти, зимски 2007/08 (9 студенти) | 0,018 |
| 107. | Консултации со студенти, летен 2007/08 (9 студенти) | 0,018 |
| 108. | Консултации со студенти, зимски 2008/09 (11 студенти) | 0,022 |
| 109. | Консултации со студенти, летен 2008/09 (11 студенти) | 0,022 |
| 110. | Консултации со студенти, зимски 2009/10 (21 студенти) | 0,042 |
| 111. | Консултации со студенти, летен 2009/10 (21 студенти) | 0,042 |
| 112. | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (4) | 0,4 |
| 113. | Коавтор на позитивно рецензиран практикум /Велјановска, К./ Дучевска, А. /Танушевска, Л./ Тофоска, С.: " Преглед на видските форми на почестите глаголи во македонскиот јазик", *Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура,* Скопје: 2007, 116. | 3 |
| | **Вкупно** | 149,836 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одбранета докторска теза: „Анализа на преводните текстови од полски на македонски јазик (од аспект на теоријата на преводот)" на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", под менторство на | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | проф. д-р Германија Шокларова-Љоровска на 4.5.2010 г. | |
| 2. | Одбранета магистерска работа: „Граници на граматикализација (полски наспрема македонски)" на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", под менторство на акад. Зузана Тополињска на 10.12.2003 г. | 4 |
| 3. | Учесник во обуки на проектот на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", во соработка со УСАИД и Институтот Отворено општество | 3 |
| 4. | Труд објавен во научно/стручно списание: Robert D. Greenberg: The Balkan Slavic Appellative, Lincom Europa, München - Newcastle, 1996, во *Македонски јазик*, Скопје:1998 (XLVI-XLVII), 394-406. | 4 |
| 5. | Труд објавен во научно/стручно списание: "Adjectivum verbale (imiesłów odmienny), т.е. глаголската придавка од презентската основа и нејзините македонски еквиваленти", во: *Славистички студии*. - Скопје: 2001, бр. 8-9 1999/2000, 161-170. | 4 |
| 6. | Труд објавен во научно/стручно списание: Баловски, Мјечислав: Историјата на полскиот афоризам врз фонот на светската афористика, превод од полски Лидија Танушевска, во: *Славистички студии*. - Скопје: 2001, бр. 8-9 1999/2000, 173-185. | 4 |
| 7. | Труд објавен во научно/стручно списание: Сујецка, Јоланта : Слика на сопствениот национален идентитет на македонски и бугарски пример, превод од полски Лидија Танушевска, во: *Спектар*, Скопје: 2001, бр.35-36, 107-121. | 4 |
| 8. | Труд објавен во научно/стручно списание: „Шеста македонско-полска научна конференција од областа на лингвистиката и литературната наука", во: *Литературен збор*, Скопје: 2002, бр. 3-4, 153-156. | 4 |
| 9. | Труд објавен во научно/стручно списание: Tanuševska, Lidia: „Nauczanie języka macedońskiego w środowisku polskim", во *Славистички студии* , Скопје: 2002, бр.10, 473-477. | 4 |
| 10. | Труд објавен во научно/стручно списание: „Типолошки карактеристики на полскиот и македонскиот јазик на фонолошко ниво", во *Studia linguistica Polono-Meridiano-slavica 11*, Poznań 2003, 101-107. | 4 |
| 11. | Труд објавен во научно/стручно списание: „За сегашното време и презентските форми во полскиот јазик", во: *Годишен зборник*, Скопје: 2004-2005, бр. 30, 85-95. | 4 |
| 12. | Труд објавен во научно/стручно списание: Експозе од магистерски труд: *Граници на граматикализација (полски наспрема македонски)*, во: *Годишен зборник*, Скопје: 2004-2005, бр. 30, 247-254. | 4 |
| 13. | Труд објавен во научно/стручно списание: / Дучевска, Анета: „Тематската прогресија и лексичката реализација во еден расказ на Бруно Шулц", *Јубилеен годишен зборник* бр.32, *Филолошкиот факултет „Блаже Конески"*, Скопје: 2006, 89 - 97. | 4 |
| | Трудови објавени во зборник од научен/стручен собир: | |
| 14. | „Типолошки карактеристики на полскиот и македонскиот јазик на морфолошко ниво", во: *Język, literatura i kultura Słowian dawniej i dziś - III (Linguaria)*, Wydawnictwo Naukowe UAM, | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Poznań:2001, 55-61. | |
| 15. | „Македонските инфинитни глаголски форми во споредба со полските", во: *Јазикот наш денешен книга 4, Зборник на трудови од собирот: Македонскиот глагол-синхронија и дијахронија*, одржан на 1 - 2 март 2000, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје: 2001, 172-178. | 2 |
| 16. | Tanuszewska, Lidia: „Kultowy wymiar odbioru literatury polskiej w Macedonii. Casus wybranych przekładów.", во: зборник од Меѓународната конференција *Literatura polska w świecie. Zagadnienia recepcji i odbioru,* pod red. Romualda Cudaka, Wydawnictwo Gnome, Katowice: 2006, 203-206. | 2 |
| 17. | Љубаш, Владислав / Љубаш, Маркин: Дали е можна „европска" јазична политика во словенските земји, превод од полски: Лидија Танушевска, *Зборник од XXXVII научна дискусија*, одржана во Охрид, 2005 г., Скопје: 2006. | 2 |
| 18. | „Претставување на падежните односи од семантичко-синтаксички аспект во граматиките по полски јазик", во *Folia Philologica Macedono-Polonica: Материјали од Шестата македонско-полска конференција од областа на јазикот и литературата (Охрид, август 2002)*, Скопје: 2006, том 6, 77-82. | 2 |
| 19. | Желињски, Богуслав: Современите полски и македонски автодефиниции на идентитетот. Контексти и функции., превод од полски Лидија Танушевска, во Folia Psihologica Macedono-Polonica*: Материјали од Шестата македонско-полска конференција од областа на јазикот и литературата* (*Охрид, август 2002)*, Скопје: 2006, том 6, 143-150. | 2 |
| 20. | „Семантички разлики кај лексемите што означуваат 'пријателство' во македонскиот и во полскиот јазик", *Folia Philologica Macedono-Polonica: Dalecy i bliscy, Materiały VII Kolokwium Polsko-Macedońskiego,* Poznań 2006, Tom 7, 63-69. | 2 |
| 21. | Tanuszewska, Lidia: „Progresja tematyczna w *Sklepach cynamonowych* Brunona Schulza", w: *Literatura, kultura i język polski w kontekstach i kontaktach światowych,* Wydawnictwo Naukowe UAM, Poznań: 2007, 557-562. | 2 |
| 22. | „Категоријата аспект во македонскиот, полскиот и словенечкиот јазик" во: *Зборник на трудови од Третата македонско-словенечка конференција,* одржана во Охрид, 2007 г, *Филолошки факултет „Блаже Конески",* Скопје: 2009, 261-265. | 2 |
| | Учество на научни/стручни собири со реферат | |
| 23. | Учество на четвртиот собир „Млади македонисти" одржан во мај 1999 г. во организација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" со реферат: „Типолошките карактеристика на полскиот и македонскиот јазик на фонолошко ниво". | 1 |
| 24. | Учество на меѓународната конференција „Јазикот, културата и литературата на Словените - некогаш и денес", одржана во Познањ, септември 1999 г., во организација на Универзитетот „Адам Мицкјевич", со реферат „Типолошките карактеристики на полскиот и македонскиот јазик на морфолошко ниво" | 1 |
| 25. | Учество на собирот „Македонскиот глагол - синхронија и дијахронија", одржан на 1-2 март 2000 г., во организација на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", со реферат | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | „Македонските инфинитни глаголски форми во споредба со полските". | |
| 26. | Учество на IV меѓународна славистичка конференција, одржана во Познањ, јуни 2000 г., во организација на Универзитетот „Адам Мицкјевич", со реферат „Nauczanie języka macedońskiego w środowisku polskim" | 1 |
| 27. | Учество на VI полско-македонска конференција за јазик и литература, одржана во Охрид, август 2002 г., во организација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", со реферат „Претставување на падежните односи од семантичко-синтаксички аспект во граматиките по полски јазик". | 1 |
| 28. | Учество на Првата меѓународна конференција „Полската литература во светот", одржана во Катовице, Полска, во мај 2005 г., во организација на Шљонскиот универзитет, со реферат „Kultowy wymiar odbioru literatury polskiej w Macedonii. Casus wybranych przekładów" | 1 |
| 29. | Учество на VII полско-македонски колоквиум, одржан во Познањ, јуни 2005 г. во организација на Универзитетот „Адам Мицкјевич" со реферат „Семантичките разлики кај лексемите што означуваат *пријателство* во македонскиот и во полскиот јазик" | 1 |
| 30. | Учество на Третата македонско-словенечка конференција, одржана во Охрид 2007 г. во организација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" со реферат „Категоријата аспект во македонскиот, полскиот и словенечкиот јазик". | 1 |
| 31. | Учество на Третата меѓународна конференција „Полската литература во светот", одржана во Ќешињ, Полска 8-10 јуни 2009 г., во организација на Шљонскиот универзитет, со реферат „Nauczanie literatury polskiej na polonistyce w Macedonii" | 1 |
| 32. | Учество на Осмата македонско-полска конференција од областа на јазикот, литературата и културата, одржана во Скопје 23-24 октомври 2009 г., во организација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", со реферат „Малото е важно. Стратегии на превод". | 1 |
| | **Вкупно** | 85 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Автор на превод на книга од стручна област-полска цивилизација и литература: *Пјешевич, К./ Кјешловски, К. „Декалоѓ"*, превод од полски: Лидија Танушевска, Скопје: *Аз - Буки*, 2002, 253. | 8 |
| 2. | Автор на превод од стручна област-економија: *Колодко, Гжеѓож В. „Глобализацијата и перспективите за развој на посткоцијалистичките земји"*, превод од полски Лидија Танушевска, Скопје: *Економски институт / МАГОР*, 2004, | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | 198. | |
| 3. | Автор на превод на книга од стручна област-полска литература од меѓувоениот период: *Шулц, Бруно: „Продавници со боја на цимет"*, превод од полски Лидија Танушевска, Скопје: *Темплум*, 2004, 143. | 8 |
| 4. | Автор на превод на книга од стручна област-современа полска литература: *Херлинг-Груѓињски, Густав: „Бела ноќ на љубовта: театарски роман"*, превод од полски: Лидија Танушевска, Скопје: *Или-или*, 2006, 109. | 8 |
| 5. | Автор на превод на книга од стручна област современа полска литература: *Олга Токарчук: „Правек и другите времиња"*, превод од полски: Лидија Танушевска, *Македонска реч*, Скопје: 2007, 330. | 8 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на уредувачки одбор на списанието „Славистички студии" бр. 10, издание на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", 2002. | 0,5 |
| 2. | Член на организациски и програмски одбор на Шестата меѓународна полско-македонска конференција од областа на јазикот, литературата и културата, одржана во Охрид, август 2002 г. | 1 |
| 3. | Член на организациски и програмски одбор на меѓународниот научен собир „50 години на полонистиката во Македонија", одржана во Скопје, 22-25 октомври 2009 г. | 1 |
| | Награди за постигнувања од струкови организации | |
| 4. | Награда „Златно перо" за превод на книгата „Правек и другите времиња" од Олга Токарчук од Здружението на преведувачите на Македонија за 2008 г. | 3 |
| 5. | Повелба за посебен придонес во работата на МСМЈЛК и афирмацијата на македонистиката во земјата и во странство, од ректорот на УКИМ, 2007 г. | 3 |
| 6. | Плакета за посебен придонес и развој на полонистиката во Македонија од Филолошкиот факултет „Блаже Конески", 2009 | 3 |
| 7. | Студиски престој во Краков, Полска, корисник на стипендија на кралицата Јадвига, во времетраење од еден месец, октомври 2001 г. | 0,5 |
| 8. | Член на факултетска комисија за попис на библиотечниот фонд при Катедрата за славистика, 2003 г. | 0,5 |
| 9. | Член на факултетска комисија за попис на библиотечниот фонд при Катедрата за славистика, 2004 г. | 0,5 |
| 10. | Член на факултетска комисија за попис на основни средства 2006 г. | 0,5 |
| 11. | Член на факултетска комисија за уписи на студенти на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", 2007/2008 г. | 0,5 |
| 12. | Член на факултетска комисија за попис на библиотечниот фонд при Катедрата за славистика, 2007 г. | 0,5 |
| 13. | Член на централната факултетска комисија за попис, 2009 г. | 0,5 |
| 14. | Член на факултетска комисија за самоевалуација за Катедрата за славистика, 2009 и 2010 г. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 15. | ЕКТС-координатор на студиските програми при Катедрата за славистика, 2007/2008 г. | 1 |
| 16. | ЕКТС-координатор на студиските програми при Катедрата за славистика, 2010 г. | 1 |
| | **Вкупно** | 54,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ-ДОЦЕНТ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 149,836 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 85 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 54,5 |
| **Вкупно** | 289,336 |

**Членови на Комисијата**

Проф. д-р Германија Шокларова-Љоровска, претседател с.р.

д-р хаб Марек Питаш, член с.р.

проф. д-р Милица Миркуловска, член с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ***АНГЛИСКА КНИЖЕВНОСТ*** НА КАТЕДРАТА ЗА АНГЛИСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ ПРИ ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата осма редовна седница одржана на 2.7.2010 година, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за избор на двајца асистенти по наставниот предмет ***англиска книжевност*** на Катедрата за англиски јазик и книжевност, во следниов состав: д-р Зоран Анчевски, редовен професор, д-р Рајна Кошка-Хот, редовен професор и д-р Драги Михајловски, редовен професор.

На објавениот конкурс за избор на еден асистент по наставниот предмет ***англиска книжевност*** на Катедрата за англиски јазик и книжевност (конкурсот е објавен во *Утрински весник* на 23. 6. 2010) се пријавиле двајца кандидати: д-р Ацо Пероски и м-р Милан Дамјаноски. Врз основа на доставените потребни материјали, како и врз основа на познавањето на кандидатите, Рецензентската комисија го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Во поднесената биографија на кандидатот д-р Ацо Пероски ги извлекуваме следниве неопходни податоци: роден е во 1982 година во Охрид, Република Македонија, завршил високо образование во 2005 година на Катедрата за општа и компаративна книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје и изработил дипломски труд со наслов „Метафизички прекини на срцето (интерпретации на романот *Во потрага по загубеното време* од Марсел Пруст)". Магистрирал на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет, на насоката за историја на современата филозофија и одбранил труд на тема „Ирелевантноста на гласот на субјектот во епохата на постмодернизмот" во 2008 година. И за обата академски степена кандидатот нема поднесено уверенија и дипломи. Затоа тој има поднесено диплома за доктор на филолошки науки со која се здобил на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје во 2010 година. Од неа се гледа дека кандидатот д-р Ацо Пероски изработил и одбранил дисертација со наслов „Модусите на конституирање на смислата на книжевното дело".

Покрај академската наобразба, кандидатот д-р Ацо Пероски, како соработник, учествувал во изработката на проектот *Книжевно-теориски поимник*, како и во изработката на европскиот научноистражувачки проект *Интерпретации* на МАНУ.

Преведува од англиски, француски и српски јазик и има објавено преводи од Салман Ружди, Вуди Ален, Леонард Коен, Борис Вијан, Џон Фаулс и Данило Киш. Исто така објавил есеи и научни статии во повеќе домашни и странски списанија, зборници и публикации, за што кандидатот нема доставено наслови и други неопходни библиографски податоци.

Кандидатот м-р Милан Дамјаноски има поднесено уверение и диплома за завршени студии по *англиски јазик и книжевност со турски јазик и книжевност* (просечен успех 8,39), како и уверение и диплома за завршени постдипломски студии од областа *англиска книжевност* (просечен успех 9,55), издадени од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

Од поднесената кратка биографија на кандидатот ги извлекуваме следниве неопходни податоци: роден е во 1977 година во Скопје, Република Македонија, завршил високо образование и постдипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, магистрирал со одбрана на трудот „Поседување на А. С. Бајат: модел за ново читање на Викторијанскиот период во англиската литература" во 2010 година. Кандидатот исто така има поднесено податоци за богато единаесетгодишно работно искуство како преведувач од англиски јазик во областа на стручниот јазик и тоа на голем број проекти, семинари и работилници во организација на институции како што се Министерството за култура, Дирекцијата за култура и уметност на град Скопје, УНИЦЕФ, Светска банка и други. Во областа на книжевниот превод, потписник е на повеќе објавени преводи на раскази во антолигиски избори и поединечни збирки. Учествувал и на неколку научни средби и работилници од кои ја издвојуваме научната работилница „Одисеи", одржана на Филолошкиот факултет. Во рамките на сегментот посветен на Интержанровски / интеркултурални одисеи", тој имал излагање на тема „Интермедијалната одисеја на браќата Коен во филмот *О брате, каде си?*", што како текст е избран за објавување во Зборникот од научната работилница и е во подготовка за печат. Истиот текст е веќе објавен во првото електронско списание за компаративна книжевност *Мираж*, во бр. 21, ноември 2009 година.

Од приложениот список на објавени трудови заклучуваме дека кандидатот м-р Милан Дамјаноски е активен како истражувач и критички проследувач на теми од областите на англиската литература, книжевниот превод, како и од областа на филмот. Иако малку на број, своите трудови тој ги има објавувано во угледни пишувани и електронски списанија и медиуми во земјата.

За неговата работа како демонстратор по англиска книжевност на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, сведочат и мислењата на неговите колеги – професори на Катедрата со кои соработувал. Почнувајќи од учебната 2007/2008 година, тој е ангажиран во изведувањето на наставата како демонстратор и притоа ги водел вежбите по предметите англиска книжевност 3 и англиска книжевност 4. Исто така помагал во водењето на вежбите по предметот Англиска книжевност 1 во текот на зимскиот семестар во учебната 2008/2009 година. Во текот на својот работен ангажман на Катедрата учествувал и во изработката на прирачник-збирка текстови за вежбите по предметите англиска книжевност 3 и 4, проследени со избор ексцерпти од релевантни статии и критичко-теоретски осврти и коментари во врска со нив. Од оваа негова активност се гледа дека м-р Милан Дамјаноски веќе се има стекнато со неопходното професионално искуство во наставата по англиска книжевност, при што покажал извонредни комуникациски и организациски способности, истенчено чувство за внесување иновации во наставната практика и несебична колегијалност и подготвеност за соработка во најразлични истражувачки проекти.

## З А К Л У Ч О К

Од погоре изнесеното за двајцата кандидати се наметнува заклучокот дека кандидатот д-р Ацо Пероски ги исполнува образовните критериуми со успешно завршените додипломски, постдипломски и докторски студии, но со назнака дека неговите студии и неговиот научен интерес не се насочени кон областа на англистиката, туку кон компаративистиката, филозофијата на критиката и теоријата на книжевноста. За жал, кандидатот и формално не го исполнува критериумот за избор во звањето *асистент,* нагласен во членот 24 од Правилникот на Универзитетот „Кирил и Методиј“, кој изричито бара од кандидатот покрај „постдипломски студии според Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/2000 со измените)“ да има „*и еден мандат како помлад асистент* или работно искуство од три години“. Како што се гледа од поднесената биографија, кандидатот нема никакво работно искуство во наставата од областа на англискиот јазик и книжевност. Затоа, Рецензентската комисија смета дека кандидатот д-р Ацо Пероски **не ги исполнува во целост** критериумите за избор во звањето **асистент** според Правилникот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Што се однесува до кандидатот м-р Милан Дамјаноски, од погоре изнесеното за него недвојбено се наметнува заклучокот дека неговиот образовен и стручен потенцијал во областа на англистиката, соодветното работно искуство што го поседува, но и постојаниот напредок како академски истражувач, укажуваат на тоа дека во неговиот случај се работи

за извонредно погоден и соодветен наставен профил за предметите од областа на англиската книжевност. Исто така, може лесно и сигурно да се предвиди дека кандидатот м-р Милан Дамјаноски и понатаму ќе продолжи да се развива во научноистражувачката и педагошката дејност во областа на англистиката.

Затоа, Рецензентската комисија смета дека кандидатот м-р Милан Дамјаноски во целост ги исполнува критериумите за избор во звањето асистент според Правилникот на Универзитетот „Кирил и Методиј“ и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ да го избере него за местото **асистент** по наставниот предмет ***англиска книжевност*** на Катедрата за англиски јазик и книжевност.

Скопје, 23. 8. 2010

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Зоран Анчевски, редовен професор с.р.

2. Д-р Рајна Кошка-Хот, редовен професор с.р.

3.Д-р Драги Михајловски, редовен професор с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ДОБРОТО УПРАВУВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРАВА НА ГРАЃАНИТЕ: ИНОВАЦИИ И ДОБРИ ПРАКТИКИ“ ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р НАТАША БОГОЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 30.6.2010 година, со одлука број 02-595/43 формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Наташа Богоевска под наслов „Доброто управување во функција на остварување на социјалните права на граѓаните: иновации и добри практики“, во состав: д-р Борче Давитковски, редовен професор – ментор, д-р Тодор Каламатиев, редовен професор – член, д-р Димитар Трајковски, редовен професор – член, д-р Ванчо Узунов, вонреден професор – член и д-р Ана Павловска-Данева, вонреден професор – член.

Комисијата со внимание ја прочита и ја оцени докторската дисертација на кандидатката, и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Актуелност на проблематиката и научниот придонес на истражувањето

Во докторската дисертација кандидатката обработува тема која е актуелна и предизвикува особен интерес во научната и стручната јавност. Управувањето со јавниот сектор во денешниот свет на константни промени претставува основен предизвик за креаторите на политиката и јавната администрација - предизвик особено важен за земјите во транзиција и земјите во развој. Тоа се должи на променетата улога на државата и задачите кои ѝ се поставени. Од една страна, државите настојуваат да ги прилагодат своите политики и вештини за ефикасно вклучување во современите меѓународни политички и економски текови. Од друга страна, владите мораат да се справуваат со низа комплексни мултидимензионални социо-економски прашања, вклучувајќи ги сиромаштијата, социјалната исклученост, невработеноста, семејната дезорганизација. Сето тоа наметнува и промени во администрирањето со социјалната држава која треба да обезбеди основно ниво на благосостојба за своите граѓани.

Темата е особено релевантна во период кога се препознава круцијалната улога на државата и јавната администрација во задоволувањето на социјалните потреби на граѓаните. Идејата дека пазарот и приватниот сектор можат самостојно да го забрзаат развојот,

да ги намалат нееднаквостите и да го подобрат квалитетот на живот се прифаќа со голема резерва. Токму поради тоа актуелни се процесите на повторно откривање на улогата на владата и јавната администрација како каталитичка сила во намалувањето на социјалните тензии во општеството. Во основа, земјите се соочуваат со три главни предизвици. Прво, тие мораат да обезбедат достапни и квалитетни сервиси во услови на редуцирани ресурси и лимитирани операционални капацитети. Второ, тие мора да ги направат јавните институции поодговорни, респонзивни, транспарентни и ефективни преку промовирање на концептот на граѓански ориентирана јавна администрација. Трето, и веројатно најважно е да одговорат на барањата на граѓаните за поголема партиципација во креирањето на политиките и решавањето на прашањата. Меѓутоа, иако владата го задржува приматот, тоа не значи дека управувањето со јавните работи е нејзина ексклузивна надлежност. Напротив, цивилното општество и приватниот сектор играат значајна улога во социјалната сфера.

Во последниве години прашањата за значењето и дефинирањето на концептот на управување се во центарот на дебатата на стручната јавност. Во периодот на 80-тите и почетокот на 90-тите години од минатиот век, менаџерските доктрини имаа доминантно место во литературата на јавната администрација, не само во САД и Велика Британија, туку и во многу други делови на светот. Идеите како што се услуги за клиентите, мерење на перформанси, приватизација и пазарен модел се неизоставен дел од секојдневниот говор на владите. Меѓутоа, неолибералната политика на реформи не беше во можност да ги испорача своите централни ветувања, поради што интересот на стручната јавност се прошири на нови модули на јавно управување. Тоа ја наметна потребата за анализа на мотивите и причините за актуализирање на темата на доброто управување.

Секако дека општествената и научната оправданост за проучување на оваа проблематика произлегува од реалните односи и потребата науката да понуди алтернативни и одржливи решенија на развојните потреби на државата. Имено, во процесот на трансформација на општествено-политичкиот и економскиот систем на Република Македонија се наметна потреба за целосно преуредување на сите односи, а на прво место, промена на улогата и задачите на државата. Република Македонија како уставно прокламирана социјална држава се обврза своите политики и програми да ги насочи кон ефикасна реализација на социјалните права и обезбедување на соодветно ниво на благосостојба за своите граѓани. Меѓутоа, процесот на транзиција трае долго време и не ги дава очекуваните резултати. Реториката на реформите и целите кои треба да се постигнат е иста и постојано се повторува: почитување на човековите права, владеење на правото, транспарентност, одговорност, ефикасност, приватно-јавни партнерства, граѓанска вклученост во јавните работи. Анализите покажуваат дека многу од политичките, економските и технолошките решенија не ги променија соодветно условите во кои живеат голем дел од луѓето. Напротив, човековиот развој не само што стагнира, туку и уназадува. Земјата се движи кон поголема политичка одговорност, слобода на здружување, подобрување на правната рамка. Во исто време, криминалот, етничките тензии, социјалната ерозија, губењето на социјалната доверба и

институционалната легитимност се се повеќе евидентни. Во такви услови, потребата за промовирање на принципот на добро управување станува алармантна. Тоа е делумно препознаено поради што се започнати и низа иницијативи за промена на пристапот кон јавниот сектор - промена на методите за достава на јавните услуги, децентрализација, дерегулација, приватизација, професионализација и деполитизација на јавната администрација, намалување на бирократските процедури, подобрување на односите помеѓу граѓаните и владата и формирање на партнерства меѓу државата и граѓанското општество. Во исто време, агендите за социјален развој, здравствена заштита и локален развој се конвертираат во мултидимензионални и мултисекторски теми кои бараат одржливо внимание, нов институционален пристап и јавна поддршка и вклученост.

Причина повеќе во прилог на обработката на оваа тема за докторска дисертација претставува стратегискиот интерес на Република Македонија за членство во Европската унија. Унијата ја координира административната политика со политиката на членство и административниот капацитет за преземање на обврските од членството стана важен критериум за прием. Република Македонија започна со спроведување на административни реформи за создавање на стабилна институционална рамка и ефикасна јавна администрација како сервис на граѓаните во реализацијата на нивните права. Меѓутоа, во сите извештаи на Европската комисија за напредокот на Република Македонија се посочуваат одредени слабости во областа на управувањето и јавната администрација. Со тоа Република Македонија се става под силен притисок за креирање и имплементирање на административни политики кои ќе го промовираат доброто управување и почитувањето на човековите права. Токму поради тоа, од исклучителна важност е да се разбере што всушност претставува концептот на „добро“ управување и кои се неговите добри и лоши страни.

## Методолошка рамка на истражувањето

Основен предмет на проучување во докторската дисертација е влијанието на политиките на доброто управување врз реализацијата на социјалните права на граѓаните во услови на глобализиран свет. Со оглед на тоа што концептот на добро управување е многу широк и се однесува и на јавниот и на приватниот сектор, како и на формалните и на неформалните структури, главниот акцент е ставен на доброто управување во јавниот сектор, а се апстрахирани сите останати аспекти. Од предметот на истражувањето, произлегува и општата цел за разбирање на концептот на добро управување и утврдување на заемните врски со стандардите на човековите права, одржливиот развој и демократските принципи. Кандидатката во докторскиот труд детално ги изнесува и посебните цели на истражувањето.

Хипотетската рамка која е поставена во истражувањето вклучува една општа и четири посебни хипотези. Според општата хипотеза, доброто управување и човековите права се општествени категории кои се поврзани со односи на меѓусебна зависност и условеност. Посебните

хипотези наметнаа потреба истражувањето да се фокусира на теоретското дефинирање на концептот на добро управување преку утврдување на влијанието на идеолошките ставови на истражувачите во градењето на теоретските конструкции, политичките описи и концептуализацијата на предметот на доброто управување, како и утврдување на пречките и можностите за практична имплементација на новиот концепт на управување, кој се појави како резултат на релативниот неуспех на административните реформи со неолиберална заднина и негово приспособување на соодветните контекстуални референци во насока на реализација на човековите права, демократијата, одржливиот развој и социјалната држава.

Во докторката дисертација се презентираат сознанија добиени врз основа на теоретско истражување во кое се применуваат дедуктивен пристап и квалитативна анализа. Од методолошка гледна точка, истражувањето е насочено кон проценка на општественото влијание (impact factor), што воедно претставува и основен метод на истражување. Како основна техника на истражување се применува дискурзивна анализа на содржина која подразбира аналитички, полемички и компаративно критички читања на соодветната литература врз основа на што кандидатката врши хронолошки анализи, дава дескриптивни објаснувања и изведува генерални заклучоци. Со цел да се испитаат сите аспекти на проучуваната појава, таа се разгледува од општиот филозофски аспект, нормативно-догматскиот аспект, социолошкиот аспект, историскиот аспект и компаративниот аспект.

## Содржина на трудот

Докторскиот труд „Доброто управување во функција на остварување на социјалните права на граѓаните: иновации и добри практики" содржи вовед, четири дела и заклучок, разработени на 221 страница текст, при што се користени 282 домашни и странски библиографски извори.

Во првиот, воведен дел кандидатката ги поставува теоретско-методолошките рамки на истражувањето. Таа го формулира проблемот на истражувањето и ја објаснува општествената и научната оправданост за обработка на темата на докторската дисертација. Воедно, кандидатката ги објаснува предметот, целите, хипотезите и методот на истражувањето.

Во вториот дел насловен како „Добро управување: дефиниции и концепти", кандидатката ја презентира генеологијата и еволуцијата на концептот на добро управување кој го симболизира променета парадигма на управување. Кандидатката наведува неколку причини за појавата на новите форми на управување. Најпрво, социјалната држава се реконструира и сега државата не е основниот актер во доставата на услугите. Второ, флуидниот карактер на пазарот отвора нови прашања за јавноста. И трето, технологиите овозможуваат сè поголем јавен пристап до политичките процеси. Во такви услуги, се создава неполитичка мрежа, составена од бизниси, синдикати, непрофитабилни организации, групи од интерес, владини актери и граѓани, кои ја сочинуваат главната

арена во која се игра политичката игра. Денес, многу групи и многу интереси се директно вклучени во развојот и имплементацијата на јавната политика. Секоја од мрежите се фокусира на својата област и ги дефинира политиките, при што веројатно е дека одлуките ќе се носат преку еден тежок процес на преговори во рамките на одредена политичка мрежа. Во вакви околности, улогата на владата се менува. Во услови на фрагментација на политичката одговорност во општеството, традиционалните механизми на владина контрола повеќе не се функционални–или, пак, воопшто не се соодветни. Традиционалната хиреархиска влада го препушта местото на една растечка децентрализација на политичките интереси. Контролата се заменува со интеракција и заемна вклученост. Управувањето како тема, според кандидатката, се прифаќа во еден поширока, глобална смисла, која е многу поразлична и поопфатна од терминот „влада"; овој пристап на управување подразбира: нов процес на управување или променета состојба на воспоставените правила или нов метод на управување во општеството. Терминот „управување" има различен опфат и од различни теоритеричари и со различни концепти различно се дефинира. Токму поради тоа, кандидатката во првиот дел на докторската дисертација развива дебата за управувањето во која ги спротивставува теоретските конструкции на авторите со различни идеолошки уверувања и ги утврдува основните елементи на концептот на добро управување преку анализа на оперативните дефиниции на клучните меѓународни донаторски и финансиски организации. Кандидатката дебатата ја завршува со критичките прашања за меѓународната промоција на доброто управување и ги поставува прашањата за идната агенда на концептот на доброто управување.

Во третиот дел насловен како „Теоретски расправи за идеолошката заднина на реформските движења во јавната администрација" кандидатката ги анализира причините за напуштање на менаџерските доктрини во јавната администрација и промоција на новите концепти на управување, меѓу кои централна улога има концептот на доброто управување што ја дефинира својата задача пошироко отколку претходните парадигми и постигнува многу од нејзините цели преку динамична мрежа на управување. При тоа, кандидатката сеопфатно и аналитички ги разработува основните поставки на трите генерации на школи во јавната администрација: традиционалната (Веберова) јавна администрација, неолибералните доктрини во јавната администрација (повторно откривање на управата, нов јавен менаџмент, реинженеринг на деловните процеси, менаџмент на тотален квалитет, менаџмент на јавни вредности) и новата јавна администрација (нова Веберова држава, добро управување). По опишувањето и споредувањето на овие модели, кандидатката се осврнува на базичните проблеми и прашања кои ги предизвикале во практиката и теоријата, со особено внимание на оние што вклучуваат дихотомен карактер на владата и улогата на јавните менаџери и бирократијата. Анализираните модели се многу популарни и во голема мера уживаа меѓународна поддршка. Но, исто така, тие се дискутабилни, и подетална анализа покажува дека се дихотомни во теоријата и практиката. Изложувањето на недостатоци на различните концепти, според кандидатката, не ја намали бројката на нивните застапници и следбеници. Напротив, во науката за управата се води

постојана борба за утврдување на, во зависност од идеолошката заднина, „најдобриот", „направедниот" или „најефикасниот" модел на јавна администрација. Кандидатката заклучува дека власта сè уште се оценува преку (I) правни и политички критериуми, (II) економски и пазарни критериуми, и (III) демократски и социјални критериуми. Првите критериуми се централно прашање на традиционалната јавна администрација, вторите се генерална карактеристика на новиот јавен менаџмент, и третите се блиски до новите концепти во јавната администрација. Денес, во центарот на дебатата се прашањата за идеолошките заднини на реформските движења. Повторно се расправа за вредностите, нормите и принципите на административните доктрини. Науката за управата е жива со дебати, расправии и дискусии за предностите и слабостите на анализираните модели. Кандидатката анализира дали навистина постои разлика, со исклучување на различниот историски и национален контекст и оперативното значење на овие административни вредности, или, пак, обратно: со користењето на иста терминологија и слогани на реформите, тие понекогаш служеле комплетно кон остварувањето на сосема различни цели.

Тврдењето дека нови парадигми се појавуваат во секоја сфера од општествените и политичките науки, кандидатката го прифаќа со скептицизам. Никогаш ништо не е сосема ново, и секогаш има врски со минатото. Секоја од овие парадигми до некој степен се појавува како одговор на недостатоците на претходните. Новиот јавен менаџмент, до извесен степен е одговор на административниот недостаток на ефикасност поврзан со традиционалната јавната администрација, а менаџментот за јавни вредности и доброто управување се одговор на барем делумно, потесно утилитарниот карактер на новиот јавен менаџмент. Иако транзицијата од традиционалната јавна администрација, преку новиот јавен менаџмент до менаџментот за јавни вредности и добро управување има елементи на заеднички тези, односот помеѓу парадигмите кандидатката го оценува како збунувачки и комплексен. Старите административни аранжмани не им оставаат лесно пат на новите. Во западните демократии, многу од традиционалните елементи на јавната администрација сè уште живеат, а менаџерските доктрини се главните предизвикувачи на таквиот пристап. Периодот на транзиција е комплексен. Од една страна е полн со реформски иницијативи коишто не се целосно кохерентни, а од друга страна, новите методи на управување работат рамо до рамо со карактеристиките на администрацијата и управувањето што се појавиле во претходните периоди.

Во четвртиот дел насловен како „Иновации и добри практики во управувањето и јавната администрација", кандидатката врши анализа на можностите и предностите од воведувањето на административни иновации и добри практики како дел од пристапот за постигнување на добро управување. Прашањето за иновации во јавната администрација исплива на површина во политичките дебати во врска со капацитетот на здравството, образованието и социјалните служби да се справат со предизвиците на дваесет и првиот век. Критиките беа насочени кон јавната сфера која, како резултат на недостатокот на конкуренција на пазарот, се сметаше за нужно помалку ефикасна од приватниот сектор. Таквото становиште предизвика широка дискусија за можноста за

пренесување на практиките од приватниот во јавниот сектор. Меѓутоа, таквите тврдења во последниов период внимателно се преиспитуваат. При тоа, кандидатката анализира колку концептите и резултатите кои доаѓаат од иновативната литература се применливи за иновациите на јавниот сектор. Бидејќи јавниот сектор се разликува во важни аспекти од приватниот сектор, има потреба да се приспособат алатките и концептите. Неокласичните економисти сè уште доминираат на теоретската заднина на распределба на ресурсите во јавниот сектор. Пазарен неуспех е објаснување кое често се користи во опишувањето на недостатокот на економски профит во јавниот сектор. Меѓутоа, кога се анализира процесот на иновации во јавниот сектор од економска гледна точка, особено е важно да се биде претпазлив кога се употребуваат концепти кои обично се користат за опишување на пазарно ориентирани организации. Разбирањето на основната динамика на промени во рамките на јавните организации бара промена на фокусот од традиционалните економски претпоставки за економско однесување и стимуланси. Врската помеѓу јавниот и приватниот сектор во економијата не може да се сведе на интерактивни форми на распределбата на механизми и корекции на пазарниот неуспех.

Кандидатката го разработува и вториот аспект на воведување на административни иновации, кој подразбира учење од искуствата на другите земји. Во услови на глобализиран свет, иновациите кои се покажале како успешни во еден систем се пренесуваат како добри практики во друг. Трансферот на политики претставува процес во кој знаењето за политиките, административните аранжмани, институциите и идеите на еден политички систем се користат во развојот на друг. Овој процес е карактеристичен за областа на јавната управа за што сведочат низа примери на административни иновации и реформи пренесени од еден национален или регионален контекст во друг.

Кандидатката критички се осврнува на настојувањата на меѓународните организации за трансфер на иновации и практики без да се земат предвид контекстуалните референци. Меѓународната заедница е константно нереална во проценките за капацитет потребен за управување со сложените процеси на промени, и практично ја игнорира потребата за изградба на социјални и политички консензус за ваквите промени. Таа очекува сиромашните земји да воведат низа најдобри практики што се присутни во ОЕЦД земјите кои се на исто или блиско ниво на економски развој. Исто така, постои претпоставка дека тие институционални промени ќе се случат доколку се обезбеди снабдување на материјалните ресурси и техничка помош. Во последниот голем притисок за постигнување на Милениумските развојни цели (МРЦ), од сиромашните земји се очекува, како прашање на приоритет, да промовираат: владеење на правото (преку правилно ресурсирање, функционирање на законодавства, извршната власт и правосудството), политички и социјални права; одговорна и ефикасна јавна администрација; поддршка на граѓанското општество. Кандидатката смета дека многу напори да се промовира подобро управување имаат ограничено влијание, бидејќи тие повеќе се фокусираат на симптомите на лошо управување, наместо на основните причини кои довеле до лошо управување. Заедницата во таа смисла не може да најде соодветно решение, туку се концентрира на пренесување на модели кои

функционираат релативно добро во развиените земји - бирократија заснована на заслуги (мерит системот), независно судство, програмски политички партии. Значи, таа повеќе се фокусира на зајакнување на капацитетот на формалните институции, а не на неформални односи кои го дефинираат (обликуваат) начинот на кој тие работат, како и на историските процеси што ги создале.

Во петтиот дел насловен како „Управувањето и клучните општествени процеси", кандидатката ја презентира и ја потврдува основната теза на докторската дисертација. Концептот на добро управување во својата суштина подразбира управување насочено кон реализација на социјално прифатливи цели; начин на кој власта се практикува во водењето на државата, заради постигнување на економски и социјален развој. Доброто управување, според тоа, станува концепт на управување кој треба да овозможи поквалитетен живот на граѓаните преку целосна реализација на нивните фундаментални права. Во денешниот свет, полн со социјални нееднаквости, лошото управување се смета за основен фактор кој води кон продлабочување на социјалните тензии кои ги оневозможуваат луѓето во задоволувањето на нивните базични потреби.

Концептот на добро управување, со огромна силина ги враќа на сцена прашањата за потенцијалите и капацитетите на институциите за добро управување во здравството, образованието, социјалните прашања и начините на организација, финансирање, функционирање и надзор на јавните служби. Сепак, постигнувањето на социјално прифатените цели, пред сè Милениумските развојни цели, претставува комплексен процес. Сите активности кои се преземаат во таа насока треба да се комплементарни со стандардите и принципите на социјалните права. Од друга страна, социјалните права не можат да се реализираат доколку се посматраат како изолирана општествена категорија. Денес се јавува конвергенција на патеките на човековите права, доброто управување и развојот. Кандидатката во докторската дисертација бара одговор на неколку клучни прашања: Дали може да има развој без заштита, промоција и почитување на човековите права и дали, развојот и човековите права може да се постигнат доколку нема добро управување? Што е потребно за да се забрза темпото на развојот? Дебатите се во насока на поставување на прашања дали се тоа демократските институции, макроекономската политика, или нешто што се нарекува „управување". Додека конјата се спротивставуваат околу тоа кој од овие фактори е на прво место или што е поважно, кандидатката заклучува дека сите елементи се потребни, и дека ниту еден од овие фактори не може да се постигне без подобрено управување. Затоа и се поставува прашањето за дефинирање на концептот на добро управување и разбирање на постојната врска со демократијата и социјалните права (секогаш во рамките на развојната перспектива).

Односот помеѓу управувањето, социјалните права и развојот доби на значење во меѓународната агенда во последниве две децении. Постои широка согласност дека работите на управувањето можат да придонесат за подобрувањето на економските и социјални аспекти на живеењето. Но, што всушност подразбираме под терминот „развој"? Како прашањата на управувањето прават разлика во начинот на кој земјите се развиваат? Кои се приоритетите за сиромашните земји? Зошто управувањето се

доведува во врска со ефикасноста на програмите за помош и зошто донатори инсистираат на подобрено управување за постигнување на развој? Кандидатката наведува дека ова не се прашања кои лесно можат да се одговорат, но тие се од суштинско значење за тоа дали земјите во развој ќе направат економски и социјален напредок и постигнување на Милениумските развојни цели (МРЦ).

Во заклучните согледувања врз основа на спроведеното теоретско истражување, кандидатката изведува општи заклучоци со кои ги потврдува поставените хипотези. Кандидатката генерално заклучува дека доброто управување веќе понуди доволно за да биде признаено како етаблиран концепт во рамките на третата генерација на школи во јавната администрација. Тоа е рефлексија на новите размислување во науката за јавната администрација. Основна карактеристика на новите движења е повторното стапување на етичките прашања на јавната сцена и враќањето на политиката назад. Практичната имплементација на менаџерските доктрини покажа одредени слабости и нелогичности. Релативниот неуспех на административни реформи со неолиберална заднина ги исфрли на површина вечните прашања за приматот меѓу политиката и менаџментот. По три декади инсистирање на иницијативи за квалитет и ефикасност сега повторно зборуваме за етички и вредносни прашања. Најважниот критериум за проценување на административните перформанси останува прашањето за заштита на јавниот интерес. Иако сè уште е многу значајно да се одржат правните и политичките стандарди и економските критериуми, се чини дека императив во концептот за јавниот сервис е неговото засновање врз граѓанскиот дискурс и јавните вредности. Потрагата за подобрени модули на јавно управување е насочена со таргетирањето на демократски, економски и социјални цели за кои постои генерален консензус. Вистински тест за „доброто" управување е степенот до кој се почитува ветувањето за човековите права: граѓански, културни, економски, политички и социјални права. Клучното прашање е дали управните институции ефикасно го гарантираат правото на здравство, соодветно домување, доволно храна, квалитетно образование, правда и лична безбедност. Според тоа, доброто управување, во својот базичен концепт, подразбира управување во функција на реализација на човековите, и пред сè, социјалните права на граѓаните.

## Заклучок и предлог

Докторскиот труд „Доброто управување во функција на остварување на социјалните права на граѓаните: иновации и добри практики", изработен од кандидатката м-р Наташа Богоевска, претставува самостоен научен и стручен труд во кој кандидатката пристапува продлабочено, темелно и критички кон анализата на комплексното прашање кое е предмет на истражување. Трудот има јасна систематика и употребениот стил и јазик овозможуваат лесно да се следи мислата во текстот, односно ставовите на авторот во однос на предметот на истражување. Теоретската рамка на истражувањето ги следи актуелните трендови во науката за управата, а применетата методолошка

рамка обезбедува релевантност и издржаност на сознанијата презентирани во трудот. Користењето на обемна домашна и странска литература овозможува можност за продлабочени аналитички, полемички и компаративно критички читања на стручната литература, со што трудот содржински се збогатува и добива на значење. Кандидатката со изготвениот труд демонстрира способност за примена на научни методи во истражувањето на поставениот проблем, интерпретација на податоците, концептуална и теоретска работа и изведување на заклучоци. Трудот истовремено претставува основа за натамошни истражувања во оваа област, што ја потврдува неговата научна валидност и вредност.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторски труд што ги задоволува критериумите за подготвување на научни и стручни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата ѝ претставува задоволство едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да го усвои овој извештај со позитивна оцена и да ѝ овозможи на кандидатката м-р Наташа Богоевска да пристапи кон јавна одбрана на нејзиниот докторски труд.

**КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Борче Давитковски с.р
2. Проф. д-р Тодор Каламатиев с.р
3. Проф. д-р Димитар Трајковски с.р
4. Проф. д-р Ванчо Узунов с.р
5. Проф. д-р Ана Павловска-Данева с.р